| Учесници: | 40 - 50 ученици од 6 до 9 одделение |
| Цели: | -Стекнување знаења, вештини и ставови за запознавање на ликовната уметност и ликовното образование :<br>-Препознавање на видови линии бои и тонови нивната функција во ликовната уметност.<br>-Големината на уметноста имитација,волумен,дводимзнионална и тродимензионална форма и својства на бојата. |
| посебни цели | -Унапредување и примена на разновидни линии,топли и ладни бои,соколористички акцент примена на хармонија на комплементари бои и тонови по принцип на сличности и различности на боите.Третирање на светлината-валер во цртежот и сликита.Ахроматско компонирање.Тонски клучови.Просторност со видови на перспектива.<br>-Унапредување на физичкото и менталното здравје;<br>-Развојот на самодовербата<br>-Интерперсоналната комуникација и почитување на другите (дружење, соработка, заедништво, толеранција)<br>-Тимска работа, групно одлучување и решавање проблеми/конфликти; |
| Подрачје, содржини и активности: | -Секцијата треба да овозможи учениците да другаруваат и да се рекреираат преку најразлични видови друштвени игри,да стекнуваат нови знаења за ликовните елементи,нивните карактеристики,да ги препознаваат и менуваат како |

| | |
|---|---|
| | и да ги применат во ликовно творечка работа,користејќи имагинација,креативнност и индивидуалност<br>што се играат на голем отворен или затворен простор.<br>-При реализација на активностите во секцијата учениците ќе се прегрупираат во различни екипи кои, со забавни игри, ќе се „натпреваруваат“ едни против други.<br>- Во реализацијата на секцијата ќе бидат вклучени и одделенските наставници,и други наставници од други предмети по потреба.<br>-Одбирање поуспешните ликовни творби треба да бидат стекнати со знаења од областа на уметноста,да бидат совладани цртачките вештини и да се употребуваат разни сликарски материјали и техники изнајдени со сопствен стил и потпис на ликовните творби.Ликовните творби ќе бидат создавании солидни според возраста, способностите и можностите како и солидноста на учениците во ликовна творечка работа. |
| Време и динамика на реализација: | 1 период – 1 недела во октомври: украсување на училишниот хол во училиштето<br>3 недела во октомври на излет- украсување на паноата во училницата<br>2 период – 3 и 4 недела во март – уредување на кабинетот во училницата и кабинетот по ликовно образование.<br>3 период – месец април и мај по 1 час во 2 и 4 недела – разновидни ликовни активности со цртежи и пооуспешни ликовни творби и решенија изработени од учениците во ликовната секција |
| Простор за реализација: | Училница,кабинет по ликовно образование отворен или затворен простор за непречен развој на ликовните активности. |
| Опрема и ресурси: | -Комотна облека на пример широки маици тренерки – работни мантили и слично.Неопходни сликарски материјали за работа пример: листови,блокови,четки,чаши за вода,палети,бои-од сите видови,фломастери моливи,хартија во боја и слично. |
| Следење на учеството: | -Присуството на учениците ќе биде евидентирано од страна на одговорниот наставник. Придонесот на секој ученик во иницирањето различни ликовни творби, и ангажирањето за време на реализацијата и учеството во подготовката на ликовно творечка равота ќе биде вреднувано од страна на одделенските наставници и одговорниот наставник |

| Назив на секција | Литературно-рецитаторска секција |
|---|---|
| Одговорен наставник за секција | Сања Соларова Андовска и Горан Кошицовски |
| Одговорен за реализација | Предметени наставници по македонски јазик – стручна служба |
| Знаења, вештини и ставови | Развивање љубов кон пишаниот збор,развивање на уметничкиот однос кон туѓиот и својот пишан збор,да се побуди интерес за рецитирање и правилна дикција при рецитирање,да се поттикнат учениците за рецитаторска и драмска уметничка изведба-развој на самодовербата ,интерперсонална комуникација и почитување на другите (дружење, соработка, заедништво, толеранција) - тимска работа, групно одлучување и решавање проблеми/конфликти. |

| | |
|---|---|
| Временска рамка и број на часови | 36 часови |

| **ВОННАСТАВНИ АКТИВНОСТИ** | |
|---|---|
| Назив на секцијата: | Литературно – рецитаторска драмска секција |
| Одговорен наставник: | Сања Соларова Андовска и Горан Кошицовски |
| Учесници: | 30 -40 ученици од 6 до 9 одделение |
| Цели: | Развивање љубов кон пишаниот збор,развивање на уметничкиот однос кон туѓиот и својот пишан збор,да се побуди интерес за рецитирање и правилна дикција при рецитирање,да се поттикнат учениците за рецитаторска и драмска уметничка изведба |
| посебни цели | -развојот на самодовербата<br>- интерперсоналната комуникација и почитување на другите (дружење, соработка, заедништво, толеранција)<br>- тимска работа, групно одлучување и решавање проблеми/конфликти;<br>-да стекнат знаење за македонската поезија и драма и најпознати македонски поети<br>-да се оспособат за самостојно вреднување доживување на поетската творба |
| Време и динамика на реализација: | септември<br>-формирање на литературно – рецитаторска драмска секција<br>-запознавање со програмата<br>октомври<br>-формирање на групи за рецитал и драматизација<br>-вежби за правилно читање<br>-подготовка за рецитал,драма<br>ноември<br>-твориме по повод патронатот на училоиштето<br>-Марко Цепенков (живот и дело)<br>-учество на приредбата по повод патрониот празник<br>декември<br>-Климент Охридски (живот и дело)<br>-читање на личните творби и разговор за нив за Нова година<br>февруари<br>-меѓународен ден на мајчиниот јазик<br>-пишување лични творби<br>-литературно читање<br>март<br>-читање,анализа на литературна творба посветени на ликот мајка<br>април<br>-индивидуално творење на тема Велигден<br>-ден на планетата Земја<br>Мај<br>-посета на саем на книгата<br>-реферат живот и дело на браќата Кирил и Методиј<br>јуни<br>-извештај за работата на литературно – рецитаторска драмска секција во текот |

| | |
|---|---|
| | на учебната 2026/2027 година<br>-разговор за постигнатите резлутати на оваа секција |
| Простор за реализација: | Училница /библиотека |
| Опрема и ресурси: | - книги,соодветна литература |
| Следење на учеството: | -Присуството на учениците ќе биде евидентирано од страна на одговорниот наставник. |

**Планирање на програмата за секција Моден Дизајн за учениците од шесто до деветто одделение од ЦОУ,,Марко Цепенков" - Зелениково**
**Одговорен наставник:**

| *ЦЕЛИ НА СЕКЦИЈАТА* | *ЦЕЛНА ГРУПА* | *НАЧИН НА РЕАЛИЗАЦИЈА* | *ОЦЕНУВАЊЕ* |
|---|---|---|---|
| -Проширување на основните знаења и способности од областа на моден дизајн<br>-Да ги изразува сопствените идеи, искуства и емоции, користејќи уметнички или други форми на креативно изразување (индивидуални или колективни)<br>-Да ги интерпретира идеите, искуствата и емоциите изразени во уметничките продукти креирани од други кои се припадници на сопствената или на други култури<br>- да ги идентификува разликите и сличностите меѓу сопствената култура и другите култури во своето потесно и пошироко опкружување и да ја анализира нивната поврзаност и меѓузависност<br>-Развивање способности за користење информатичка технологија | Ученици од 6 до 9 одд. кои покажуваат интерес за стекнување на знаења од областа на моден дизајн , креативци и уметници | - Во глобалниот свет важно е да се има креативни, критички граѓани.<br>- Истражување и разгледување на традиционални облеки, музички стилови на облекување, спортска облека, униформи, од почетокот на човештвото на се до денес (изработка на хамери со фотографии од различни дизајни низ времето)<br>- Опис на современите модни стилови и трендови денес и опис на личниот стил на облекување (како избираме облека)<br>- Изработка на сопствен моден дизајн според идеја<br>-Анализа на резултатите од работата и постапката при работа. | -поттикнување на учениците за успешно решавање на проблеми;<br>-разговор со ученикот за да се добијат сознанија за неговото логичко размислување, креативност и дизајн;<br>-континуирано следење на односот на ученикот кон работата, покажаната иницијативност, љубопитност, самостојност, точност во искажувањето и истрајноста во извршувањето на обврските;<br>-континуирана проверка на стекнатите знаења, способности и вештини;<br>-користење на ИКТ. |

| реден број | СОДРЖИНИ | ЦЕЛИ | ВРЕМЕ НА РЕАЛИЗАЦИЈА |
|---|---|---|---|
| | **ВОВЕДЕН ЧАС** | -запознавање со целите и задачите и работата на секцијата | **Прва седмица во септември** |
| **1.** | **Моден дизајн на облека** | - Ученикот преку фотографија осознава за моден дизајн<br>- - Се запознава со модниот дизајн, неговата примена и важност како визуелен и декоративен елемент во различните области и сфери на употреба како што се, културата, спортот, музиката, филмот<br>- омилени бои, предмети, места, важни личности и најубавата слика од себе<br>- Изготвување на изложба од фотографии со креирана облека од учениците | **1 - ПОЛУГОДИЕ** |
| **2.** | **Шминка** | - **дизајнирање елементи на убавина и стил (фризура,шминка,накит и слично**<br>- Ученикот изготвува сценарио, доделува улоги, избира костими и шминка на зададена тема | **2 - ПОЛУГОДИЕ** |

**Наставата на секцијата ќе се реализира секоја втора седмица по два блок часа ( 36 часа годишно )**
**Во реализацијата се предвидени посети на разни модни студија како и тековни настани и изложби доколку се организираат на територија на град Скопје.**
**Во реализацијата се предвидени и изработки на изложби во рамките на училиштето.**

**Просторија**: Кабинети во училиште, училишен двор, како и околината на Зелениково и град Скопје, при реализирање на екскурзии и местата кои ќе се посетат.

**Опрема и ресурси** :
 Компјутер,Интернет,
 Средства и материјали за цртање (хартија, молив, дрвени боици, фломастери, мрсни боици, бајц, лавиран туш, перце, креди, дрвце, јаглен, природни и вештачки материјали, штафелаи)
 Средства и материјали за сликање (акварел, темпера, пастел, материјал за колажирање)

 Нагледни средства (цртежи, фотографии, изработки, списанија, книги, плакати, постери, апликации, илустрации, проспекти
финансиски сретства за еднодневно користење на јавен превоз(обезбедени од донатори)

**Следење на учество и развој на учениците :** Присуството на учениците ќе биде евидентирано од страна на одговорниот наставник. Придонесот на секој ученик во иницирањето и ангажирањето за време на реализацијата на целокупната работа ќе биде вреднувано од страна на одговорниот наставник.

**Одговорен наставник:**

**Планирање на програмата за секција Фотографи и режисери за учениците од шесто до деветто одделение од ЦОУ,,Марко Цепенков" - Зелениково**
**Одговорен наставник: Синоличка Огњановска**

| ЦЕЛИ НА СЕКЦИЈАТА | ЦЕЛНА ГРУПА | НАЧИН НА РЕАЛИЗАЦИЈА | ОЦЕНУВАЊЕ |
|---|---|---|---|
| **Проширување на основните знаења и способности од областа на фотографијата филмот**<br><br>**Ппоглед кон самите себе, поглед кон нашиот свет и светот на другите на нов начин, како и учење за комуникација со слики и преку слики.**<br><br>**Развивање способности за користење информатичка технологија** | **Ученици од 6 до 9 одд. кои покажуваат интерес за стекнување на знаења од областа на фотографијата и филмот , креативци и уметници** | **- Фотографиите може да мотивираат за вербалното изразување/говорењето или пак за пишувањето.**<br>**- Во глобалниот свет на визуелни медиуми, важно е да се има креативни, критички и визуелно писмени граѓани.**<br>**- Решавање проблемски ситуации од секојдневието на еден ученик;**<br>**- Подршка на учениците при оспособувањето за користење на камера и компјутерски програми за обработка на фотографија и филм;**<br>**-Анализа на резултатите од работата и постапката при работа.** | **-поттикнување на учениците за успешно решавање на проблеми;**<br>**-разговор со ученикот за да се добијат сознанија за неговото логичко размислување, креативност и дизајн;**<br>**-континуирано следење на односот на ученикот кон работата, покажаната иницијативност, љубопитност, самостојност, точност во искажувањето и истрајноста во извршувањето на обврските;**<br>**-континуирана проверка на стекнатите знаења, способности и вештини;**<br>**-користење на ИКТ.** |

| реден број | СОДРЖИНИ | ЦЕЛИ | ВРЕМЕ НА РЕАЛИЗАЦИЈА |
|---|---|---|---|
| | **ВОВЕДЕН ЧАС** | -запознавање со целите и задачите и работата на секцијата | **Прва седмица во септември** |
| **1.** | **ФОТОГРАФИЈА** | - Ученикот преку фотографија се осознава себеси, омилени бои, предмети, места, важни личности и најубавата слика од себе<br>- Изготвување на изложба од фотографии | **1 - ПОЛУГОДИЕ** |

| | | | |
|---|---|---|---|
| **2.** | **ФИЛМ** | - Ученикот ги совладува техниките за креирање и монтажа на анимиран и куклен филм.<br>- Ученикот изготвува сценарио, доделува улоги, избира костим и снима филм на зададена тема од секојдневието на учениците.<br>- Изготвување на проекција на снимените филмови | **2 - ПОЛУГОДИЕ** |

**Наставата на секцијата ќе се реализира секоја втора седмица по два блок часа ( 36 часа годишно )**
**Во реализацијата се предвидени посети на разни фотостудија или филмски студија (МТВ) како и тековни настани и изложби доколку се организираат на територија на град Скопје.**
**Во реализацијата се предвидени и изработки на изложби и проекции во рамките на училиштето.**

**Просторија**: Кабинети во училиште, училишен двор, како и околината на Зелениково и град Скопје, при реализирање на екскурзии и местата кои ќе се посетат.

**Опрема и ресурси** : компјутери во училницата,лични паметни телефони, интернет врска за компјутери,печатени материјали , материјали за изработка на проекти, финансиски сретства за еднодневно користење на јавен превоз(обезбедени од донатори)

**Следење на учество и развој на учениците :** Присуството на учениците ќе биде евидентирано од страна на одговорниот наставник. Придонесот на секој ученик во иницирањето и ангажирањето за време на реализацијата на целокупната работа ќе биде вреднувано од страна на одговорниот наставник.

| **ВОННАСТАВНИ АКТИВНОСТИ** | |
|---|---|
| Назив на секцијата: | Народни ора секција |
| Одговорен наставник: | Александар Мирчевски |
| Учесници: | 20 -30 ученици од 6 до 9 одделение |
| Цели: | ОБРЕДНИ ИГРИ<br>-Да се запознае со поделбата на хародните ора,<br>-да се запознае со обреднте игри,<br>-да ги воочува и препознава основните карактеристики на обредните игрии,<br>ИГРАОРНИ ПОДРАЧЈА<br>- да се запознае со поделбата на народните ора по етногравските подрачја на РСМ,<br>- да ги воочува и препознава основните карактеристики на народните ора на одделни подрачја,<br>-да се запознае на одделни ора на различни играорни подрачја,<br>-да развива осет за уметничка вредност на ората,<br>КЛАСИФИКАЦИЈА НА НАРОДНИТЕ ОРА |

| | |
|---|---|
| | -да ги воочува и препознава основните карактеристики на народните орал<br>-а ги воочува и препознава карактерот на содржината на ората, |
| посебни цели | *- Usvojuvawe, uve`buvawe i usovr{uvawe na makedonski narodni ora po izbor (da se pottiknat emocionalnite ~uvstva, da se razvijat motori~kite sposobnosti vo korelacija so muzika i ritam na dvi`ewe);*<br>*- Razvoj na estetskite komponenti za pravilen stav i dr`ewe na teloto i estetsko ~uvstvo za kolektivna izvedba;*<br>*- Razvoj na funkcionalnite sposobnosti i op{tata motorika na lokomotorniot aparat* |
| Време и динамика на реализација: | P*rogramskite zada~i za vaa sodr`ina }e se realiziraat preku prakti~na nastava, individualna, kolektivna i grupna rabota,*<br>♠ *Vo tekot na nastavata }e bidat realizirani ili demonstrirani nekolku ora koristej}i gi:*<br>♠ ***Metod na demonstracija*** *(igra~ki ~ekori, kombinirani igra~ki elementi, tehnika na igra, i sl.);*<br>♠ ***Metod na razgovor ( da se postigne dijalog me\|u nastavnik-u~enik; razgovor preku pra{awa i odgovori na relacija nastavnik-u~enik ili u~enik-u~en***<br>*ik,);*<br>***Metod na usno izlagawe****(da se postigne zboruvawe, opi{uvawe, objasnuvawe i rasuduvawe naj~esto pri metodskite analizi na orata na relacija nastavnik-u~enik i u~enik-nastavnik,);*<br>*Pri realizacija na vakvata programa dosledno i odgovorno treba da gi prenesuva i primenuva orginalniot stil pri igraweto i avtenti~nosta na sodr`inata i strukturata na narodnite ora.* |
| Простор за реализација: | Спортска сала |
| Опрема и ресурси: | ♠ ***-Sredstva za rabota (nastavni formi i postapki-metodi)***<br>♠ *Audio-vizuelni sredstva(tv,dvd-pleer,videopleer, kompjuter);*<br>♠ *Prira~nik {emi, crte`i i sl. ;*<br>♠ *Didakti~ki sredstva i materijali;*<br>♠ *Vizuelni sredstva (sliki, fotografii, katalozi i sl,);*<br>*Internet, obrazovni softveri* |
| Следење на учеството: | -Присуството на учениците ќе биде евидентирано од страна на одговорниот наставник. |

## ПЛАН И ПРОГРАМ ЗА РАБОТА НА БИБЛИОТЕКАРСКАТА СЕКЦИЈА ВО УЧЕБНАТА 2026/2027 ГОДИНА

Во библиотекарска секција членуваат оние ученици кои покажуваат поголем интерес, љубов и смисол за работа во библиотеката. Вкупен број на членови во секцијата изнесува до девет (9) ученици, односно по неколку ученика од секоја паралелка почнувајќи од VI до IX одделение.

Членови на библиотекарската секција имаат можност поблиску да се запознаат со библиотекарската дејност, стекнуваат нови сознанија за книгата, развиваат и негуваат љубов и интерес кон книгата и кон читањето, и се оспособуваат самостојно да ги користат разни извори на информации. Членови на библиотекарската секција стануваат одлични пропагатори на книгата и читањето меѓу своите соученици и на тој начин придонесуваат во омасовување на бројот на читатели во училишната библиотека. Према потреба помагаат при оспособување на стари и оштетени книги, ги информираат учениците за нови наслови на книги, учествуваат во литературни конкурси и во одбележување на културни манифестации.

| Содржина на активности | Време на реализација | Реализатор |
|---|---|---|
| **Формирање на секцијата и број на членови, запознавање со тековните активности** | **Септември** | **Библиотекар** |
| **Информирање на учениците за набавени нови книги** | **Септември-Јуни** | **Библиотекар** |
| **Поттикнување и мотивирање на учениците за читање на романи, раскази, приказни и други литературни видови** | **Септември-Јуни** | **Библиотекар и ученици** |
| **Совладување на методи, техники и средства за стекнување на знаења во библиотеката како трајни вредности** | **Септември-Јуни** | **Библиотекар и ученици** |
| **Одбележување на Детската недела со активности на членовите од секцијата** | **Октомври** | **Библиотекар и ученици** |
| **Одбележување на месецот на книгата** | **Октомври** | **Библиотекар и ученици** |
| **Помош во уредување на училишната библиотека** | **Септември-Јуни** | **Библиотекар и ученици** |
| **Посета на Саемот на книга** | **Април** | **Библиотекар, ученици, наставници** |
| **Средување на училишните паноа по повод одбележување на празниците во соработка со другите секции** | **Септември-Јуни** | **Библиотекар и ученици** |
| **Информирање и учество во литературни конкурски** | **Септември-Јуни** | **Библиотекар и ученици** |

- Поради зголем интерес за библиотекарската секција по потреба може да се вклучат и учениците од помали одделенија, односно IV и V одделени. Односно, талентираните и учениците кои сакаат да читаат и пишуваат.

**Училишна библиотекарка**
**Даниела Станковска**

| **Назив на секција** | **Ритмичка секција** |
|---|---|
| **Одговорен наставник за секција** | Македонка Стојаноска, Катерина Симоновска |
| **Одговорен за реализација** | Македонка Стојаноска, Катерина Симоновска |
| **Знаења, вештини и ставови** | Секцијата треба да им овозможи на учениците:<br>- другарување и рекреирање преку најразлични видови активности со кои истовремено ќе се запознаат со нови култури преку музиката и песните;<br>- стекнување знаења, вештини и ставови определени од Националните стандарди за основното образование: личен и социјален развој, демократска култура и граѓанство и дружење и учење преку забава и рекреација; -<br>унапредување на физичкото и менталното здравје;<br>развој на самодовербата, интерперсонална комуникација и |

| | |
|---|---|
| | почитување на другите (дружење, соработка, заедништво, толеранција),тимска работа.<br>Учениците настапуваат на приредби и други манифестации, организирани во училиштето и општината. |
| **Наставни цели** | - да ги спознава основните музички активности (пеење, музичко-ритмички активности) како и слушање музика;<br>-да ужива во убавините на музиката;<br>-да ги развива и усовршува музичките способности;<br>-да се оспособи за изведување на кореографија. |
| **Очекувани исходи** | - ги осознава основните музички активности (пеење, музичко-ритмички активности) како и слушање музика;<br>- ужива во убавините на музиката;<br>- развива и усовршува музичките способности;<br>- се оспособи за изведување на кореографија. |
| **Намена на секцијата** | Секцијата е наменета за ученици кои покажуваат особен интерес кон музичкото образование |
| **Начин на реализација** | Индивидуални и групни активности предвидени во временска рамка, која според интересот на учениците може да се поместува. |
| **Начин на вреднување на резултатите** | Разговор, објаснување.<br>Укажување на недостатоци и нивно отстранување<br>Учество на приредби и манифестации. |

**Акционен план за Ритмичка секција за ученици од одделенска настава во учебната 2026 /2027 година**

| Содржини | Време на реализација | Број на ученици |
|---|---|---|
| • Формирање на секцијата;<br>• Изработка на годишен план со цели и задачи на секцијата и начин на одржување на средбите;<br>✓ Известување за аудицијата; | септември | 15 - 25 |
| • Избор на песна за ритмичка игра по повод “Детската недела”<br>• Составување на кореографија<br>• Увежбување на кореографијата<br>• Настапување на приредба по повод ”Детската недела”. | октомври | 15 - 25 |
| ➢ Избор на песна за ритмичка игра по повод патрониот празник на училиштето.<br>➢ Составување кореографија<br>➢ Увежбување на кореографијата<br>➢ Настапување на приредба по повод патрониот празник на училиштето. | ноември | 15 - 25 |
| • Слушање и одбирање на Новогодишна песна<br>➢ Осмислување на кореографија и сценско поставување<br>➢ Увежбување на кореографијата. | декември | 15 - 25 |

| | | |
|---|---|---|
| ~ Впечатоци од зимскиот распуст;<br>~ Повторување на ритмичките игри | јануари | 15 - 25 |
| ➢ Истражувачка активност- „Народно творештво“<br>➢ Слушање народни песни и ора<br>➢ Усвојување и увежбување на чекорите на македонското право оро<br>➢ Играње оро на песната „ Јовано, Јованке “ | февруари | 15 - 25 |
| ♠ Усвојување на текстот и мелодијата на песна за мајката<br>♠ Пеење на песната<br>♠ Слушање музика<br>♠ Ликовно изразување на впечатоците од слушнатата музика<br>♠ Изведба на брзозборка во соодветно темпо | март | 15 - 25 |
| 1. Читање и усвојување на текстот на песна по избор<br>2. Усвојување на мелодијата на песната<br>3. Пеење на песната со придружба на детски ритмички инструменти | април | 15 - 25 |
| • Читање и усвојување на текстот на песна по избор<br>• Усвојување на мелодијата на песната<br>• Пеење на песната со придружба на детски ритмички инструменти<br>• Изведба пред учениците и наставниците | мај | 15 - 25 |
| • Анализа на работата на ритмичко фолклорна секција | јуни | 15 - 25 |

| **Назив на секција** | **Фолкорна секција** |
|---|---|
| **Одговорен наставник за секција** | Јасминка Стојаноска, Љупка Продановска, Даниела Јовановска, Весна Митрички |
| **Одговорен за реализација** | Јасминка Стојаноска, Љупка Продановска, Даниела Јовановска, Весна Митрички |
| **Знаења, вештини и ставови** | Секцијата треба да им овозможи на учениците:<br>- другарување и рекреирање преку најразлични видови активности со кои истовремено ќе се запознаат со нови култури преку музиката и песните;<br>- стекнување знаења, вештини и ставови определени од Националните стандарди за основното образование: личен и социјален развој, демократска култура и граѓанство и дружење и учење преку забава и рекреација; - унапредување на физичкото и менталното здравје;<br>развој на самодовербата, интерперсонална комуникација и почитување на другите (дружење, соработка, заедништво, толеранција),тимска работа.<br>Учениците настапуваат на приредби и други манифестации, организирани во училиштето иопштината. |
| **Наставни цели** | - да ги спознава основните музички активности (пеење, музичко-ритмички активности) како и слушање музика; |

| | |
|---|---|
| | -да ужива во убавините на музиката;<br>-да ги развива и усовршува музичките способности;<br>-да се оспособи за изведување на кореографија. |
| **Очекувани исходи** | - ги осознава основните музички активности (пеење, музичко-ритмички активности) како и слушање музика;<br>- ужива во убавините на музиката;<br>- развива и усовршува музичките способности;<br>- се оспособи за изведување на кореографија. |
| **Намена на секцијата** | Секцијата е наменета за ученици кои покажуваат особен интерес кон музичкото образование |
| **Начин на реализација** | Индивидуални и групни активности предвидени во временска рамка,која според интересот на учениците може да се поместува. |
| **Начин на вреднување на резултатите** | Разговор,објаснување.<br>Укажување на недостатоци и нивно отстранување<br>Учество на приредби и манифестации. |

## Акционен план за Фолколрна секција за ученици од одделенска настава Во учебната 2026/2027 година

| Содржини | Време на реализација | Број на ученици |
|---|---|---|
| • Формирање на секцијата;<br>• Изработка на годишен план со цели и задачи на секцијата и начин на одржување на средбите;<br>✓ Известување за аудицијата; | септември | 25 - 34 |
| • Избор на песна за ритмичка игра по повод “Детската недела”<br>• Составување на кореографија<br>• Увежбување на кореографијата<br>• Настапување на приредба по повод ”Детската недела”. | октомври | 25 - 34 |
| ➢ Избор на песна за ритмичка игра по повод патрониот празник на училиштето.<br>➢ Составување кореографија<br>➢ Увежбување на кореографијата<br>➢ Настапување на приредба по повод патрониот празник на училиштето. | ноември | 25 - 34 |
| • Слушање и избор на народна песна<br>➢ Осмислување на кореографија и сценско поставување<br>➢ Увежбување на кореографијата. | декември | 25 - 34 |
| ~ Впечатоци од зимскиот распуст;<br>~ Повторување на фолклорните игри | јануари | 25 - 34 |
| ➢ Истражувачка активност- „Народно творештво“<br>➢ Слушање народни песни и ора | февруари | 25 - 34 |

| | | |
|---|---|---|
| ➢ Усвојување и увежбување на чекорите на македонското право оро<br>➢ Играње оро на песната „ Македонско девојче “ | | |
| ♠ Усвојување на текстот и мелодијата на песна ,,Мајко една си на светот”<br>♠ Пеење на песната<br>♠ Слушање музика<br>♠ Ликовно изразување на впечатоците од слушнатата музика<br>♠ Изведба на брзозборка во соодветно темпо | март | 25 - 34 |
| 4. Читање и усвојување на текстот на песна по избор<br>5. Усвојување на мелодијата на песната<br>6. Пеење на песната со придружба на детски ритмички инструменти | април | 25 - 34 |

## 9.3. Акции

Акции се краткотрајни вонннаставни активности кои се реализираат во текот на еден ден, но можат да траат и неколку дена. Најчесто имаат општествен, хуманитарен карактер или друг карактер како различни еколошки акции, продажни базари и друг вид општествено корисна работа.

| Назив на акцијата | Учесници | Одговорен наставник | Активности | Време на реализација |
|---|---|---|---|---|
| Собирна акција во храна | Ученици од 1-9 одд | Одд. и класни раководители | Донирање на храна; Поделба на донираната храна | октомври 2026 |
| Хуманитарно собирна акција за одбележување на детската недела | Ученици од 1-9 одд | Сања Кузмановска, Македонка Стојаноска | Собирање на облека за дечињата од социјално загрозени семејства | октомври 2026 |
| Собирна акција на стара хартија | Ученици од 1-9 одд | Одд. и класни раководители | Собирање на стара хартија | ноември 2026 |
| Собирна акција на пластика | Ученици од 1-9 одд | Одд. и класни раководители | Собирање на пластични шишиња и др пластика | Континуирано |
| Новогодишен базар | Ученици од 1 до 9 одд | Одд. и класни раководители | Изработка и продажба на новогодишни украси | декември 2026 |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| Пролетен базар | Ученици од 1-9 одд | Одд. и класни раководители | Изработка и промовирање на рачно изработените украси, бојадисување и декорирање на истите (работилница со родители) | Април |
| Собирна акција во парични средства | Ученици од 1-9 одд | Одд. и класни раководители | Донирање доброволни прилози за лекување на болни деца | Во текот на учебната година |
| Еколошка акција | Ученици од 1-9 одд | Еко одбор | Чистење и уредување на дворот во училиштето | март-април 2027 |

## 10. УЧЕНИЧКО ОРГАНИЗИРАЊЕ И УЧЕСТВО

Сите ученици во училиштето ја сочинуваат училишната заедница. Учениците имаат право на ученичко организирање на ниво на паралелка и училиште. Ученичкото организирање овозможува активно учество на учениците во застапувањето и промовирањето на нивните права и интереси, преку демократско учество во донесување на одлуки во училиштето кои се од непосреден интерес за учениците. Учениците преку нивните тела, учествуваат во донесувањето на одлуки во училиштето за работи кои ги засегаат нив, но со поставување неминовни ограничувања кои произлегуваат од нивната возраст.

Ученичкото организирање се остварува преку формирање на ученички тела на ниво на паралелка и на ниво на училиште. Преку ученичките тела се обезбедува демократска партиципација на учениците во донесувањето на одлуки во сверите што се од интерес за учениците.

### ЗАЕДНИЦА НА ПАРАЛЕЛКАТА

Заедница на паралелката ја сочинуваат учениците од одделна паралелка, со демократски избран претседател, по пат на тајно гласање, од листа на кандидати предложени исклучиво од страна на учениците во паралелката. Претседателот на заедницата на паралелка се избира на почетокот на учебната година, во втората недела од месец септември и истиот се избира според Критериуми за избор.

### УЧЕНИЧКИ ПАРЛАМЕНТ

За организирано остварување на интересите на учениците во училиштето,

учениците се организираат во заедница на паралелката и ученички парламент. Ученичкиот парламент го сочинуваат претседателите на заедниците на паралелките од I до IX одделение со пат на таен и транспарентен избор. Членовите на Ученичкиот парламенет со мнозинство гласови го бираат претседателот на УП. Претседателот на УП е член на тимот за училишна интеграција во насока за подобрување мултикултурализмот, интеркултурализмот и меѓуетничката интеграција во училиштето.Училишниот парламент номинира т.е избира двајца ученици (едно машко и едно женско ) за учество во училишниот одбор. Претставниците имаат право да земат збор и да го изразат своето мислење и став но без право на глас.

**ЦЕЛИ И ЗАДАЧИ ЗА РАБОТА НА УЧЕНИЧКИОТ ПАРЛАМЕНТ:**

- Кај учениците да се поттикнува и развива смислата за иницијатива, демократичност, правичност, одговорност, согледување, поставување и решавање на заедничките проблеми во својата средина;
- да се вклучува во активности за подршка на учениците со ПОП;
- да придонесува за развивање и негување на другарски однос меѓу учениците и спречување на конфликтни ситуации;
- да се поттикнуваат учениците да го чуваат угледот на училиштето, да го одржуваат редот и дисциплината во него, почитување на куќниот ред на училиштето;
- да се развива свест за постојана соработка со наставниот кадар и други вработени во училиштето;
- да придонесува во организирањето и спроведувањето на културно-забавни и рекреативно- спортски активности;
- да организира и учествува во хуманитарни активности, еколошки активности и општествено корисна работа;
- да соработува со институции и други организации што работат со младите;
- да промовира отчетност и транспарентност пред сите ученици преку јавно информирање на своите активности.
- Организира и учествува во активности за поттикнување демократска клима ќе се реализира во текот на првото полугодие од учебната 2026/2027 година

## УЧЕНИЧКИ ПРАВОБРАНИТЕЛ

Ученичкиот правобранител се грижи за заштита и унапредување на правата на учениците во училиштето. Тоа е ученичка функција и должност,која претставува модел на ученичко учество доста значаен за заштита на детските права во училиштето. Функцијата и улогата на ученичкиот правобранител е промовирање на детските права и поддршка за заштита на детските права. Ученичкиот правобранител го избираат членови на училишниот парламент од седмо до деветто одделение, со траење на мандат од две години. По завршувањето на манадатот училиштето му доделува сертификат на ученичкиот правобранител за одредениот временски период.Ученичкиот правобранител учествува и во работата на ученичкиот парламент на кој се разговара за проблеми поврзани со можни повреди на правата на учениците

# 11. ВОНУЧИЛИШНИ АКТИВНОСТИ

## 11.1. Екскурзии, излети и настава во природа

Ученичките екскурзии се облик на воспитно-образовната работа преку кои учениците се запознаваат со појавите, во нивната природна средина и во нивните животни услови. Преку екскурзиите се формира позитивен однос кон природата и човековата околина, а се зацврстува и здравјето на учениците и се придонесува за нивен правилен физички развој. Преку запознавањето со природните убавини на татковината и нејзините културно-историски знаменитости, кај учениците се зајакнуваат патриотските чувства.

Од овие причини ООУ „Марко Цепенков“-Зелениково и оваа учебна година планира повеќедневни екскурзии, доколку за тоа се согласуваат родителите.

Со учениците од I-Ходд. ќе се организира **еднодневен есенски и пролетен излет** од рекреативен карактер.

Екскурзии кои се организираат со учениците:

1. за учениците од III одд. – еднодневна екскурзија
2. за учениците од V одд. – настава во природа
3. за учениците од VI одд. – дводневна екскурзија од научно-наставен карактер;
4. за учениците од IX одд. тридневна екскурзија со две ноќевања.

# 12. НАТПРЕВАРИ ЗА УЧЕНИЦИТЕ

Во училиштето се планираат, организираат и реализираат училишни натпревари по повеќе предмети како во одделенска така и во предметна настава.

Училилиштето зема учество во повеќе општински,регионални,државни и меѓународни натпревари и кокурси.

# 13. УНАПРЕДУВАЊЕ НА МУЛТИКУЛТУРАЛИЗМОТ / ИНТЕРКУЛТУРАЛИЗМОТ И МЕЃУЕТНИЧКАТА ИНТЕГРАЦИЈА

Училиштето низ планираните активности ги вклучува подеднакво сите ученици, со цел задоволување на нивните потреби, почитувајќи ги индивидуалните разлики.

И оваа учебна година училиштето ќе продолжи да го реализира проектот „Меѓуетничка интеграција во образованието“.Изготвен е План за реализација на заеднички МИМО активности, Акциони планови за заеднички активности (долгорочни и краткорочни), како и индивидуални планирања од страна на наставниците и стручните соработници.

**Членови на тим МИМО:**

Директор-Љупка Стојановска, наставници- Весна Стојковска, Сања Кузмановска, Љутви Беќири,Ветон Алил, стручни соработници- Оливера Чевреска Петровска, претседател и правобранител на Ученичкиот парламент

# 14. ПРОЕКТИ ШТО СЕ РЕАЛИЗИРААТ ВО ОСНОВНОТО УЧИЛИШТЕ

**Годишна програма за антикорупциска едукација на учениците од основните училишта**

И оваа учебна година во нашето училиште ќе се реализира проектот „Антикорупциска едукација“со цел да воспостави вредносен систем кој ќе ја измени сегашната култура на прифаќање на корупцијата и ќе ги промовира придобивките од доброто владеење и однесување. Преку согледување на лошите примери, навики и пораки и нивно заменување со соодветно примерно однесување, ученикот опфатен во овој проект, уште од најмала возраст ќе може да ја препознае корупцијата, да се заштити од истата и да допринесе за нејзино сузбивање. Под мотото **„КОРУПЦИЈА – ја сечеш гранката на која што седиш“**,

се објаснува дека корупцијата не познава пол, вероисповед, нација, професија, возраст, граници, степен на образование, нагласувајќи дека таа е негативен дел од денешницата и од неа треба да се заштитиме.

**Општи цели кои треба да се постигнат преку оваа едукација се:**

-да се запознае со поимите корупција, антикорупција, интегритет и етичност;
-да се запознае што значи „одолевање на социјален притисок“;
- да знае за облиците во кои може да се појави корупцијата и начинот наспречување и заштита од истата;
- да ги препознава механизмите за спречување на корупцијата;
- да го сфати штетното влијание на корупцијата во општеството;

- да ја сфати улогата на Државната комисија за спречување на корупција воРепублика Македонија и механизмите преку кои таа делува;
- да анализира како и каде може да се појави корупцијата и на кој начин може да се спречи истата;
- да се стави во ситуација, во која ќе има активна улога, преку која ќе разбере за антикорупцијата и за потребата од антикорупциска едукација и
- да се стави во улога на активен граѓанин, кој ќе придонесе за развојот на Република Северна Македонија

**Поими**

Корупција, антикорупција, интегритет, етичност, социјален притисок, механизми за спречување на корупцијата, Државна комисија за спречување на корупција, пари, подароци, облека, храна, услуги.

Реченици посветени на корупцијата (слогани/пароли)

а) Носечка реченица: Корупција - ја сечеш гранката на којашто седиш.

б) Други реченици посветени на корупцијата:

- Корупцијата е авторитет, плус монопол, минус транспарентност.
- Корупција - ТВОЈОТ СТАВ се брои! Стоп за корупцијата – ја разјадува довербата, ја руши демократијата.
- Стоп за корупцијата – создава нееднаквост, ги намалува можностите на немоќните, ги форсира неспособните, го спречува развојот.
- Со корупција сите плаќаат двојно.

| Ред. бр | Активности | Цели | Соработници | Време | Очекувани исходи | Докази |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 1. | Дефинирање на целна група и формирање тим за да се одреди содржината и методот на антикорупциските предавања | Да се запознае тимот со активностите што следуваат | Антоанета Мишева одговорна-наставник по граѓанско образование Горан Кошчицовски, Жаклина Бошковиќ, психолог | септември | Формирање тим и изработка на програма за антикорупциска едукација за ученици од - IX одделение | Програма за антикорупциска едукација |
| 2. | Донесување и усвојување на програмата за активностите на тимот | Да се доделат задолженија на членовите на тимот | наставник по граѓанско образование -, Жаклина Бошковиќ, Горан Кошчицовски | септември | Успешна реализација на програмата | Изработена програма за антикорупциска едукација |
| 3. | Предавање за запознавање на Поим за корупција, антикорупција, интегритет, социјален притисок, етичност-работилница со учениците | Учениците да се запознаат со основните знаења за наведените поими | -наставник по граѓанско | декември 2025 | Поголем број на ученици имаат јасна претстава за наведените поими | Анкетен прашалник фотографии |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 4. | Борба против корупција - работилница | Да се пронајдат начини и модули како да се справиме со корупцијата | -наставник по граѓанско | Февруари-април 2027 год. | Развивање на култура на нетолеранција кон корупцијата | Изработки, фотографии |
| 5. | Изработка на постери, плакати ,пораки односно информативен материал наменето за информативно катче во училиште | Да се пронајдат начини и модули како да се справиме со корупцијата | Жаклина Бошковиќ Наставник по ликовно | -април 2027 год | Развивање на култура на нетолеранција кон корупцијата | Изработки, фотографии |
| 6. | Ликовен и литературен конкурс на тема: „Корупција- ја сечеш гранката на која што седиш„ | Литературно и ликовно изразување на стекнатите знаења | Наставници по македонски јазик и ликовно образование | мај 2027год. | Развивање на ликовни и литературни потенцијали на учениците | Ликовни и литературни творби |
| 7. | Доделување награди од конкурсите | Оддавање признание за активно учество на конкурсот | Наставници по македонски јазик, ликовно образование и граѓанско образование | мај 2027 год. | Подобрена мотивација за учество во Програмата | Дипломи и пофалници за ученици |
| 8. | Евалуација и извештај за реализирани активности на Програмата за антикорупција | Да се согледаат ефектите од изученото | одговорна Антоанета Мишева наставник по граѓанско образование | мај 2027 год | Сумирање на ефектите од Програмата и предлог акционен план за подобрување и идни активности | Извештај |

**Одговорен наставник: Антоанета Мишева**

## Интерен училишен проект: „УЧИЛИШТЕ БЕЗ НАСИЛСТВО“

Цел:

- учениците да се оспособат да препознаваат БУЛИНГ-врсничко насилство;
- учениците да се стекнат со вештини за ненасилно однесување;
- учениците да умеаат конструктивно да решаваат конфликти иподобра меѓусебна комуникација.

Теми:

1. Што е насилничко однесување;
2. Видови насилничко однесување;
3. Видови насилничко однесување во училиште-БУЛИНГ
4. Знаци на оној кој што е подложен на насилничко однесување;
5. Стратегии против насилничко однесување.

Проект – Вело училиште

Во учебната 2026-2027 година нашето училиште ќе го реализира проектот Вело училиште. Програмата „Вело училишта” има за цел да го промовира велосипедизмот како безбеден, здрав и алтернативен начин на превоз за учениците во Македонија. Во рамките на овој проект ќе бидат опфатени учениците од 1-9 одд со најразлични активности прилагодени согласно нивната возраст, според програмата на Вело училишта.

Очекувани резултати:

Зголемена свест на учениците, родителите, наставниците и општинските власти во избраните пилот општини за придобивките од користењето на велосипедите како алтернатива за секојдневните транспортни средства, но исто така и знаење за потребите во поглед на патната инфраструктура и безбедноста.

Активностите ќе се реализираат во соработка со одделенските наставници од 1-5одд и наставниците по физичко и здравствено образование од 6-9 одд.

## Проект-“Училишта на 21 от век“

Нашето училиште е дел од регионалната програма “Училишта на 21 от век“ т. е ќе започнеме со примена на програмата за воведување на Вештини за критичко размислување и решавање на проблеми. Целта на оваа програма е да се зајакнат вештините за критичко размислување и решавање проблеми како и подобрување на дигиталните вештини на учениците на возраст од 11-15 години преку наставни и воннаставни активности. Дигиталните вештини на учениците ќе се подобрат со стекнување знаење за кодирање со користење на уредите за кодирање *Микро:бит*.

# Годишна програма за работа на **GLOBE клуб** при ООУ „ Марко Цепенков “, Зелениково за учебната **2026/2027г.**

**Цели** (носечките знаења, вештини и ставови/вредности од Националните стандарди за основното образование со кои ќе се стекнат учениците преку учество во активноста):

**Знаења/ вештини:**

- ✓ Го објаснува составот, поделбата и значењето на воздушната обвивка.
- ✓ Го опишува загревањето на атмосферата и мери температура на воздухот со термометар.
- ✓ Го проценува делот од небото кој е покриен со облаци и одредува тип на облаци користејќи карта за облаци и работен лист.
- ✓ Ја објаснува влажноста на воздухот и мери влажност на воздухот со хигрометар.

- ✓ Го објаснува воздушниот притисок и мери воздушен притисок со анероиден барометар.
- ✓ Ги разликува различните видови врнежи и мери висина на дожд во дождомер или на снег.
- ✓ Организира и претставува квантитативни податоци табеларно, ги внесува податоците преку GLOBE Desktop Forms, GLOBEData Entry App, GLOBE Observer App, ги толкува податоците и евалуира и дискутира заклучоци.

**Ставови/Вредности:**

- ✓ Разбира и прифаќа дека глобалното затоплување води кон природни катастрофи со последици по живиот и неживиот свет на целата планета.

**Време на реализација**: во текот за целата година
Клубот е наменет за учениците од VI до IX одд.

**Потребна опрема и средства:**

- **Макс – мин термометар, хигрометар, дождомер, метар за снег, подлога даска, индикатор за киселост или PH метар, дрвена метео куќичка, барометар, дестилирана вода, стаклени чаши, мензури, вага, компас**
- **Работни листови – пропишани образци за забележување на мерењата**
- **Хамери, маркери, лепливи белешки, flipchart, лаптопи, таблети, компјутери или паметни телефони со интернет пристап**

| Тема | Содржини и активности | Време на реализација |
|---|---|---|
| | Претставување на програмата пред учениците и избор од заинтересираните | септември |
| **Запознавање со GLOBE програмата** | ☁ Што е GLOBE<br>☁ Како се создаваше GLOBE<br>☁ Цели на GLOBE<br>☁ За кого е GLOBE<br>☁ GLOBE области | септември |
| | ☁ Внес на податоци<br>☁ Одредување на мерно место<br>☁ GLOBE платформа, креирање кориснички профил | октомври |
| **Атмосфера** | ☁ Состав и поделба на атмосферата | октомври |

| | | |
|---|---|---|
| | Истражување на времето<br>1. Температура на воздухот<br>а) Моментална<br>б) Максимална<br>в) Минимална<br>2. Количини на врнежи<br>3. Покривка од облаци и видови на облаци<br>4. Релативна влажност на воздухот и<br>5. Притисок на воздухот | октомври - јуни |

Забелешка:

- Во зависност од потребите тековно програмата ќе се надополнува со нови активности или може да има промени во редоследот на претходно наведените.

Одговорен наставник: ***Сања Кузмановска***

## 15. ПОДДРШКА НА УЧЕНИЦИТЕ

### 15.1. Постигнување на учениците

Училиштето ги следи постигнувањата на учениците по сите наставни предмети во текот на целата учебна година.Се изработуваат прегледи за успех по наставни предмети и по квалификациони периоди. Од страна на педагогот се изработуваат споредбени анализи за постигнатиот успех во сите кавлификациони периоди. Постигнатиот успех и поведение, како и изостаноците се споредуваат со повеќе изминати учебни години. Се врши анализа на постигнувањата на учениците при преминот од одделенска во предметна настава, како и при преминот од описно во бројчано оценување. За постигањата на учениците редовно се известуваат родителите преку родителски средби и давање на евидентни листови за успех и поведение и по електронски пат.

За постигнувањата на учениците со посебни образовни потреби се врши континуирано следење на постигнувањата од страна на инклузивниот тим за ученикот, се прави ревизија на индивидуалниот образовен план во соработка со дефектологот, наставниците и родителите.

За подобрување на постигањата на учениците наставниците применуваат различни методи на работа (активни методи на работа во групи, тимска работа, изведбени активности, разговор, истражувачки активности, презентација и демонстрација, проектни активности,

употреба на ИКТ во наставата).

Училиштето врши следење на постигнувањата на учиниците во текот на основното образование и согласно Правилникот за видот на пофалби, награди и педагошки мерки се избира ученик на генерација. На крајот од секоја учебна година се врши Промоција на ученици со континуиран успех од 5.00 на учениците кои допринеле за афирмација на училиштето или освоиле награди на натпревари за денот на училиштето им доделува пофалница.

***- Постигнувањата на на учениците континуирано се следат и на истите се врши анализа***

Успех на учениците во О.У на македонски наставен јазик по учебни години

| Учебна година | Одделение | | | | | | Просек |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | IV | V | VI | VII | VIII | IX | |
| **2023/2024** | 4.55 | 4.17 | 4.50 | 4.01 | 4.10 | 4.46 | 4.32 |
| **2024/25** | 4.50 | 4.56 | 4.23 | 4.33 | 3.66 | 4.27 | 4.12 |
| **2025/26** | | | | | | | |

Успех на учениците во П.У на албански наставен јазик по учебни години

| Учебна година | Одделение | | | | | | Просек |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | IV | V | VI | VII | VIII | IX | |
| **2023/2024** | 3.41 | 4.40 | 3.83 | 4.69 | 4.20 | 4.18 | 4.22 |
| **2024/2025** | 4.55 | 5.00 | 4.72 | 4.49 | 4.65 | 4.74 | 4.65 |
| **2025/2026** | | | | | | | |

## 15.2. Професионална ориентација на учениците

**ЦЕЛ:**Помош при избор на учениците на средно училиште и идното занимање, во согласност со нивните интереси, можности и способности.

## 15.3. Промоција на добросостојба на учениците, заштита од насилство, од злоупотреба и запуштање, спречување дискриминација

**Превентивни програми**

Во училиштето преку интерниот проект „Училиште без насилство“ ќе се реализира програма за превенција од насилно однесување чија цел е препознавање и намалување на врсничкото насилство – БУЛИНГ. Стручните соработници ќе оставрууваат советување со ученици кои манифестираат насилничко однсување, како и со жртвите на насилничко однесување. Активности посветени за грижата на здравјето на учениците ќе се реализираат во текот на целата учебна година преку најразлични активности: предавања, презентации, работиници на состаноците на Училишен парламент. Во реализацијата на овие активности ќе се вклучат одделенски раководители, стручни

соработници и надворешни стручни лица. Училиштето остварува соработка со релеванти институации: Одделението за малолетничка деликвенција при МВР-Скопје, Центар за социјална работа, Здравствени установи и др.

Од страна на стручните соработници ќе бидат реализирани следниве активности/работиници:

- Штетното влијание од употреба на цигари,алкохол и дрога
- Анкета-Причини за отсуство од настава и можности за зголемено асоцијално однесување кај учениците
- Стереотипи и предрасуди
- Работилници „Училиште без насилство“.

**Позитивна социо-емоционална клима**

Секој субјект во училиштето максимално ќе дава свој допринос во создавање позитивна социо-емоционална клима која ќе се базира на почитување на секоја индивидуа.Во таа насока ќе се вклучат и учениците преку активности на Ученичкиот парламент негувајќи ја соработката, давање соодветна помош и подршка на својот соученик. Од особена значење ќе биде и работата на училишниот прабобранител. Важна улога ќе имаат и родителите преку нивно вклучување во повеќе планирани ученички активности.

# 16. ОЦЕНУВАЊЕ

## 16.1. Видови на оценување и календар на оценувањето

**Предмет** на оценување е напредувањето на ученикот во постигнувањето на воспитно - образовните цели под влијание на наставниот процес и другите воспитно - образовни активности, утврдени со планот и оваа програма. При определување на оценката ќе се земат предвид обемот и квалитетот на усвоените знаења, работните навики, оспособеноста за примена на знаењата и развојот на способностите на ученикот. Ќе се следи, проверува и ќе се оценува оспособеноста за практична примена на знаењето во нови ситуации, ќе се испитуваат способностите, интересите, ставовите и убедувањата.Оценувањето, пред се ќе има **за цел** да го подобри учењето и постигнувањето на учениците.

Во наставата централно место ќе има следењето на учењето на ученикот и формативното оценување. Процесот на проценка и бодирање на постигањата на учениците ќе биде соодветен на методот на оценување и ќе се спроведува според воспоставени процедури и упатства. Учениците, исто така, ќе бидат соодветно информирани за критериумите на оценување. Информирањата на учениците и родителите ќе бидат навремени, јасни и точни на почетокот на учебната година за секој наставен предмет. Оценувањето треба да обезбеди целосни информации за постигањата на учениците, па затоа е континуиран процес и е составен дел од наставниот процес на учењето и поучувањето и ќе се базира на користење на повеќе различни методи и техники. Наставниците водат портфолио за секој ученик и портфолио за наставник. Во ученичкото портфолио се евидентираат постигнувањата на учениците и содржи ученички изработки со цел перманентно следење на учениците и формирање објективна оцена. Наставничкото портфолио содржи репрезентативни примероци од изработки на учениците, инструментите со кои се следат учениците, план за реализација на наставни и воннаставни активности, план за професионален развој на наставникот, докази за постигањата на сите натпревари и посетени обуки и семинари. При учење од далечина наставниците изготвуваат електронско портфолио за учениците

На почетокот на учебната година секој наставник изготвува индивидуален план за примена на формативното и сумативното оценување, почитувајќи ги стандардите за оценување по секој наставен предмет. Писмените проверки за постигнувањата на учениците се евидентираат во дневникот на паралелката на почетокот на учебната година. Се користат најразлични форми, методи и примена на различни инструменти за следење на постигнувањата на учениците (чек листи, аналитички листи, холистички листи и др)

За постигнувањата на учениците се прават извештаи и споредбени анализи на одделенските и наставничките совети на крајот од секој квартал. Се

изработуваат статистички извештаи за успехот, поведението и редовноста на учениците. Одделенскиот раководител е должен да го извести родителот за успехот, поведението и редовноста на ученикот најмалку два пати во едно полугодие.

Видови оценување и календар на оценување

| Одделение | Вид на оценување |
|---|---|
| I-III | Описно преку цела учебна година –во сите квартали периоди |
| IV-VI | Комбинирано (прво тримесечје-описно, полугодие-бројчано, трето тримесечје-описно и крај на година-бројчано |
| VII-IX | Бројчано преку цела година |

* Во случај на on line настава, следењето на редовното учење и информирањето на родителите за постигнатиот успех ќе биде електронски, по мејл, и слики од изработките и наставните ливчиња ќе се чуваат во електронски ученички портфолија.

## 16.2. Тим за следење, анализа и поддршка

Следењето и вреднувањето на постигнувањата на учениците ќе се остварува според Планирањето за следење, проверување и оценување почитувајќи ги Стандардите и критериумите за вреднување на постигнувањата на учениците. За вреднување на постигнувањата на учениците систематски ќе се применуваат повеќе методи и инструменти при формативното и сумативното оценување. Училиштето врши следење на постигнувањата во реализација на програмите, анализа на резултатите по предмети и праралелки, како и индивидуални постигнувања на учениците. За вреднување на постигнувањата на учениците, наставниците ќе применуваат различни постапки и инструменти со цел да се зголеми објективноста во оценувањето и да се зголеми мотивот за постигнување повисоки резултати. Наставниците водат електронски дневник во кој континуирано се евидентира успехот на учениците. Вреднувањето на работата на наставниците ќе се врши од страна на директорот и стручните соработници и истато ќе биде насочено кон:
-следење на организацијата на воспитно-образовната и воннаставната работа,

-перманентно стручно педагошко и психолошко усовршување на наставниот кадар во училиштето;

-увид во годишните и тематските планирања на наставните и воннаставните активности;

-следење на остварување на стручните материјално технички и дидактичко методски подготовки за реализација на наставата;

-примена на современи наставни методи, техники и стратегии на учење и поучување како и примена на електронски образовни технологии;

-следење на оценувањето;

-следење на ангажираноста на наставникот во работата во стручните органи и тела во училиштето и пошироко, како и соработка со родителите.

За таа цел се води Професионално досие и Педагошки картон за секој наставник и стручен соработник

**Тим за следење, анализа и подршка**:

### 16.3. Стручни посети за следење и вреднување на квалитетот на работата на воспитно-образовниот кадар.

Во тековната учебна година се реализираат планираи стручни посети од директорот и стручите соработници за наставните часови и воннаставите активости.

### 16.4. Самоевалуација на училиштето

Самоевалуација за сопствената работа и постигнувањата во нашето училиштето се реализираше на крајот од учебната 2023/2024 година. Согласно законот за основно образование училиштето на секои две години спроведува самоевалуација на целокупната работа и изготвува извештај во кој се определуваат јаките и слабите страни и се даваат предлози за подобрување на истите. Самоевалуацијата на училиштето ја изработуваат тимови од повеќе наставници и стручни соработници. Самоевалуацијата ги опфаќа следните 4 подрачја:

1. Планирање настава и учење
2. Постигања на учениците
3. Училишна клима и односи во училиште
4. Управување, раководење и креирање на политика

СЕУ ја спроведува училишна комисија составена од пет члена од редот на наставниците, стручните соработници и родителите по предлог на директорот ја формира Училишниот одбор и изготвува извештај за спроведената самоевалуација со предлог мерки за подобрување на целокупната работа на училиштето. Слабите и јаките страни, како и предлог мерките за подобрување на работата на училиштето на училиштето се објавуваат на веб страната на училиштето.

## Училишна комисија за самоевалузација

**одд.наставник** **психолог** **предметен наставник**
**Наташа Лазова Анчевска** **Оливера Чевреска Петровска** **Сања Кузмановска**

**Родител** **Родител**
**Душица Ѓорѓиевска** **Лорета Петрушевска**

| **ТИМ ЗА ИЗРАБОТКА НА САМОЕВАЛУАЦИЈА 2023/24-2022/23 год** | | | |
|---|---|---|---|
| **1 група** | **2 група** | **3 група** | **4 група** |
| **ПОДРАЧЈЕ 1. ПЛАНИРАЊЕ, НАСТАВА И УЧЕЊЕ** | **2 ПОДРАЧЈЕ: ПОСТИГАЊА НА УЧЕНИЦИТЕ** | **3 ПОДРАЧЈЕ: УЧИЛИШНА КЛИМА И ОДНОСИ ВО УЧИЛИШТЕТО** | **4 ПОДРАЧЈЕ: УПРАВУВАЊЕ, РАКОВОДЕЊЕ И КРЕИРАЊЕ ПОЛИТИКИ** |
| одговорно лице-<br>Деспина Грнчаревска<br>Ветон Алил<br>Александар Мирчевски<br>Муарем Имери<br>Сања Андовска<br>Кате Јонческа | Одговорно лице<br>Љутви Беќири<br>Дијана Кучиновска<br>Јасминка Стојаноска<br>Сулејман Салихи<br>Нецми Демири<br>Софија Јовановска | одговорно лице<br>Кристина Велковска<br>Фатима Ала<br>Силвана Велинова<br>Нијази Елмазовски<br>Жаклина Бошковиќ | Одговорно лице<br>Бурхан Алиу<br>Македонка Стојаноска<br>Игор Велков<br>Басри Елмазовски<br>Демир Сеферовски<br>Благоја Мирчевски |

# 17. БЕЗБЕДНОСТ ВО УЧИЛИШТЕТО

Училиштето ќе посвети особено внимание на безбедноста на учениците и за таа цел во текот на учебната година ќе бидат реализирани 12 часа (во рамките на раедовните часови и воннаставните активности) за обучување за самозаштита.

Доплонително, училиштето е опремено со ПП-апарати поставени на видно место во училиштето, прибор за прва помош при случај на повреда на ученик или вработен. Исто така училиштето ќе понуди можност за осигурување на сите ученици преку осигурителна компанија соодветна на потребите на учениците и родителите.

# 18. ГРИЖА ЗА ЗДРАВЈЕТО

Активностите посветени на грижата за здравјето на учениците ќе се реализираат во текот на учебната година во наставата по предметот физичко и здравствено образование како и другите предмети, на часовите на одделенскиот час, во рамките на слободните ученички активности и други форми. Предавања и разговори на часот на одделенската заедница, со стручните соработници, одделенските раководители и со надворешни стручни лица во врска со превентивата од болестите на зависност и други содржини со кои се изградува свеста кај учениците за заштита на здравјето и воспитание и образование за здрав начин на живеење. Особено внимание ќе се посвети на правилна и здрава исхрана и физичка активност на учениците.

**Училиштето води грижа за здравјето на учениците на три нивоа:**

-*физичко* здравје кое опфаќа лична хигиена, храна и исхрана, заразни болести, сексуално преносливи болести, безбедност и прва помош, физичка активност;

-*ментално* здравје го опфаќа самопочитувањето, почитувањето на различностите, толеранцијата и развојот на самодовербата;

-*социјалното* здравје ја опфаќа грижата за здрава животна средина, одговорност и комуникација.

## 18.1. Хигиена во училиштето

Во училиштето се води континуирано грижа за хигиената во училишните простории и училишниот двор. Хигиеничарите во училиштето вршат постојана дезинфекција на површините (особено за време на Пандемијата со Ковид-19 кога на секои два часа го дезинфицираа училишниот простор). Учениците се предупредуваат за влажните подови доколку ги има, за спречување од лизгање или паѓање. Учениците преку лични примери од возрасните ја одржуваат хигиената во училиштето на високо ново.

## 18.2. Систематски прегледи

Систематските прегледи се реализираат без да се попречи наставата, пред или по завршување на часовите. Учениците за време на систематскиот преглед се придружувани од нивните одделенските раководители.

## 18.3. Вакцинирање

Училиштето има континуирана соработка со Здравствените институции. Истите го известуваат училиштето кои ученици е потребно да се имунизираат според календарот за имунизација и вакцинација, а одговорното лице од училиштето ги известува учениците за вакцинирање.

## 18.4. Едукација за здрава исхрана-оброк во училиштето

. За едукација на учениците за здрава исхрана училиштето ќе организира предавање со надворешни соработници и преку едукација од стана на настваниците во рамки на одделенскиот час на паралелката, во рамки на реализација на наставните содржини од програмата за животни вештини.

# 19. УЧИЛИШНА КЛИМА

- Взаемно почитување и доверба;
- Конструктивно решавање на конфликтите;
- Отворена и повеќенасочна комуникација.

## 19.1. Дисциплина

Училиштето презема одредени мерки за подобрување на дисциплината во училиштето со активно учество на сите субјекти. Во таа насока училиштето ќе направи напори да ангажира и агенција за обезбедување, како и континуирани дежурства од страна на сите наставници. Дисциплината ќе ја спроведуваат сите наставници и стручни соработници со позитивни примери и со насочување на учениците преку индивидуални и групни советувања. Куќниот ред на училиштето е поставен во главниот хол на училиштето, како и во секоја училница. Нарушувањето на дисциплината ќе биде санкционирана според Правилникот за видовите награди, пофалби и педагошки мерки.

## 19.2. Естетско и функционално уредување на просторот во училиштето

Тргнувајќи од организационата поставеност во училиштето, една од задачите ќе биде и естетското уредување на училишните простории во согласност со потребите на учениците,наставниците и родителите. Формирани се работни групи кои ќе ги согледаат потребите и ќе ги реализираат задачите согласно со акциониот план на училиштето. Тимот за естетско уредување на училиштето се грижи за уредувањето на училишните холови во текот на целата учебна година.

## 19.3. Етички кодекси

-Училиштето има изготвено Кодекс на однесување на учениците,наставниците и родителите
-Училиштето има изработено и ЕКО кодекс
Истите се дадени во Прилозите на оваа програма

## 19.4. Односи помеѓу сите структури во училиштето

Особено внимание ќе биде посветено на подобрување на соработката со родителите, со учениците, како и тимската работа во училиштето. Успешноста на работата ќе се темели на синергичноста во тимската работа. Потребата од постојана подршка на сите структури останува како една од важните цели во училишното живеење.

# 20. ПРОФЕСИОНАЛЕН И КАРИЕРЕН РАЗВОЈ НА ВОСПИТНО-ОБРАЗОВНИОТ КАДАР

## 20.1. Детектирање на потребите и приоритетите

Со цел постигнување повисоки цели во воспитно-образовниот процес неопходен е континуран професионален развој на наставно-воспитниот кадар. Резултатите од спроведената Самоевалуација на училиштето како и Интегралниот увид посочуваат на постојано неформално и информално образование на наставниците. За таа цел наставниците и стручните соработници ќе се вклучат во планираните обуки од страна на Бирото за развој на образованието, Министерството за образование и наука како и други образовни институции и носители на проекти. Училиштето изготви акционен план за професионален развој на образовниот кадар со јасно дефинирани задачи и активности, истиот е во состав на оваа програма.

**Тимот за професионален развој** Стручни соработници и претседатели на стручните активи.

## 20.2. Активности за професионален развој

Во зависност од потребите на наставниот кадар за професионално усовршување ќе се организираат обуки,семинари,работилници и десиминации

## 20.3 Личен професионален развој

Сите наставници изготвуваат План за личен професионален развој, по птретходно пополнет Прашалник за самоевалуација на наставникот. Личниот план за професионален развој треба да содржи: компетенции кои наставникот сака да ги подобри, цел, стратегии/активности, потребни ресурси; лични очекувања и време на реализација

Изготвувањето и реализирањето на личниот план за професионален развој на наставникот/стручниот соработник му овозможува:

- систематично развивање на компетенциите што му се потребни;
- подобрување на воспитно-образовната работата;
- достигнување на стандардите за повисоки звања и напредување во кариера.

Изготвувањето на лични планови за професионален развој и нивното усогласување со училишните приоритетите и можностите, му овозможува на училиштето:

- почитување и излегување пресрет на индивидуалните потреби на вработените за професионален развој;
- порационално користење на човечките и материјалните ресурси;
- подобрување на соработката преку различни форми на колегијално учење и менторска поддршка.

### 20.4 Хоризонтално учење

Училиштето планира и реализира активности за продлабочување на стручните знаења и компетенции на наставниците. За таа цел на ниво на стручни активи се врши рамена на професионални искуства и се зајакнуваат професионалните вештини на наставниците. По реализираните обуки се врши дисеминација на наставниот кадар.

### 20.5. Кариерен развој на воспитно-образовниот кадар

Во зависност од потребите за усовршување на наставниот кадар, тој учествува на обуки, семинари со цел зајакнување и усовршување на професионалните компетенции.

## 21 СОРАБОТКА НА ОСНОВНОТО УЧИЛИШТЕ СО РОДИТЕЛИТЕ / СТАРАТЕЛИТЕ

### 21.1 Вклученост на родителите/старателите во животот и работата на училиштето

Една од приоритетните цели на училиштето е подобрување на квалитетот на соработка со родителите и вклучување во животот на училиштето.
Соработката со родителите ќе биде реализирана низ индивидуални средби, родителски средби,Совет на родители,Училишен одбор, Училишен инклузувен тим, Инклузивен тим за ученик како и во работата на одредени тимови во училиштето и училишни проекти. Училиштето изготвува распоред за индивидуални средби на кој се наведени термини во ден и час за секој одделенски и предметен наставник. Најмалку два пати во годината ќе се реализираат Отворени денови за размена на информации на родителте и наставниците.
Училиштето изработува:План за соработка со родителите на паралелката,План за работа на Советот на родители,План за работа на Училишниот одбор;
Родителите имаат значајна улога во донесување на одлуки преку Советот на родители, како и Училишниот одбор;

### 21.2 Вклученост на родителите/старателите во процесот на учење и воннаставните активности

Родителите ќе дадат свој допринос при реализација на:настава,воннаставни активности,грижа за здравјето на учениците,соработка со локалната средина, давање подршка на наставниците за работата со учениците со попреченост, за професионалната ориентација на учениците, прибирање на дидактички и наставни средства и др;

Семејствата на учениците ќе се вклучат во повеќе проектни активности кои се дефинирани во акционите планови, земајќи ги во предвид интересите и можностите на родителите;

### 21.3 Едукација на родителите / старателите

Едукацијата на родителите ќе биде реализирана на индивидуално ниво,како и работа во групи. Ќе се реализираат советувања со родителите согласно Законот за основно образование, презентации за теми од заеднички интерес, а во функција на развој и подобри постигнувањата на ученикот.
Со цел информирање на родителите за активностите во училиштето ќе биде изработена брошура.

## 22 КОМУНИКАЦИЈА СО ЈАВНОСТА И ПРОМОЦИЈА НА ОСНОВНОТО УЧИЛИШТЕ

Училиштето континуирано ќе соработува со:

-Локалната заедница (локална самоуправа,бизнис заедницата, месното население )
-Институции од областа на културата (музеи,библиотеки,театар, кино и др.)
-Институции од областа на образованието (МОН,БРО,ДПИ, ,детски градинки, други основни и средни училишта и факултети);
-Невладини организации (Детска амбасада,СОС-центри,Младински културни центри, екол. друштва и др.)
-Спортски друштва (фудбалски,ракометни,атлетски,кошаркарски и др.)
-Здравствени организации (Здравствен дом-поликлиника Драчево, Завод за ментално здравје на деца и младинци, Медицинска класификација на функционалности, и др.)/ социјална
- Центар за социјална работа на град Скопје)
-Медиуми ( ТВ , пишани медиум,електронска комуникација и др.)

# 23 СЛЕДЕЊЕ НА ИМПЛЕМЕНТАЦИЈАТА НА ГОДИШНАТА ПРОГРАМА ЗА РАБОТА НА ОСНОВНОТО УЧИЛИШТЕ

Во текот на реализацијата

| Бр. | Приоритетни подрачја за следење | Кој треба да биде информиран за следењето | Начин и време | Одговорно лице |
|---|---|---|---|---|
| 1 | Следење на развојните потреби на наставниот кадар | Комисии,тимови,Наставнички совет,Совет на родители,Училишен одбор ,МОН,ДПИ | Континуирано | Наставници ,стручна служба, |
| 2 | Воннаставни активности | Комисии,тимови,Наставнички совет,Совет на родители,Училишен одбор МОН,ДПИ, | Континуирано | Наставници, стручна служба, директор |
| 3 | Задоволувањ е на потребите на учениците | Комисии,тимови,Наставички совет,Совет на родители,Училишен одбор , МОН,ДПИ, | Континуирано | директор |

# 24 ЕВАЛУАЦИЈА НА ГОДИШНАТА ПРОГРАМА ЗА РАБОТА

Со планот за евалуација ,треба да добиеме релевантни податоци за тоа како и колку успешно е извршена и имплементирана развојната програма. Целта на евалуацијата претставува модификација ,усовршување и унапредување на праксата.

Евалуацијата се врши во текот на целиот процес.Со неа започнува и завршува развојниот циклус. При евалуацијата од инструменти можат да се користат:тестови на знаења,скали на проценка, прашалници, потсетник за водење на интервју,протоколи за набљудување и др. Евалуацијата е наменета за : училишниот одбор,совет на родители,локална средина,МОН, Планот за евалуација треба да се разработи прецизно,по клучни точки:

Евалуацијата се врши во текот на четирите учебни години и преку неа се подигаат стандардите. Поставување на повисоки вредности во наставата и поучувањето ќе придонесат за трајни знаења и учење за живот, кои ќе продуцираат идни млади генерации кои би одговарале на европските итеграции.

# 25 ЗАКЛУЧОК

Годишната програма на училиштето е основен документ со кој се планира и организира училишниот живот.

Целта на основниот воспитно – образовен систем е стекнување на општообразование и воспитување, складен развој на личноста и подготовка за живот, за понатамошно општо образование и воспитување. Во воспитно – образовниот процес се исполнуваат следниве задачи: оспособување за живот, понатамошно образование и самообразование; совладување на основните елементи на современото општо образование; оспособување за примена на стекнати знаења, умеења и правилно користење на слободното време; развивање на интелектуалните и физичките способности, критичко мислење, самостојност и интерес за многу знаења; познавање на основни законитости на природата, општетството и човечкото мислење; стекнување и развивање свет за потребата од чување на сопственото здравје и заштита на животната средина; развивање на хуманост, патриотизам и други етички својства на личноста; воспитување за хуман и културен однос меѓу луѓето без да се прави разлика меѓу пол, вера, раса, националност и лично верување; негување и развивање на културата, и културното наследство; стекнување на основни познавања за убаво однесување.

Училиштето во текот на учебната година посебно внимание ќе посвети на подобрување на севкупното живеење во училиштето : унапредување и осовременување на воспитно-образовниот процес , подобрување на квалитетот на оценување во насока на зголемена објективност и еднаков пристап на наставниците кон учениците, подобрување на комуникацијата помеѓу сите учесници во воспитно –образовниот процес, стручно усовршување и професионален развој на наставниците, подигање и негување на креативна и интерактивна настава, меѓуетничка интеграција во образованието како и вклученост на семејствата преку заедничка грижа за правилно насочување на учениците.

При реализацијата на Годишната програма училиштето ќе се стреми за доследа реализација на стратешките и развојните цели .

Наставиот кадар ќе се стреми кон постигнување на повисоко ниво на мотивација на учениците со поголема примена на иновативни форми и методи во наставата како и подобрување на редовноста на учениците во следење на наставниот процес. Раководиот орган ќе се труди за подобрување на инфраструктурата на училиштето со цел обезбедување на што побезбедна и поздрава животна средина.

# 26 КОМИСИЈА ЗА ИЗРАБОТКА НА ГОДИШНАТА ПРОГРАМА ЗА РАБОТА НА ОСНОВНОТО УЧИЛИШТЕ

Директор
Стручни соработници
Претседатели на стручни активи

# 27 ПРИЛОЗИ

## *ПРОГРАМА ЗА РАБОТА НА ДИРЕКТОРОТ НА УЧИЛИШТЕТО*
## Директор – Љупка Стојановска

Раководењето на воспитно-образовната организација, раководењето со училиштето е сложена и одговорна работа.Улогата на директорот е од големо значење, бидејќи тој е главен двигател во работата и активностите на училиштето, со следните поставени приоритети:

**Следење и имплементирање современи приоди за работа со ученици со посебни образовни потреби, социјално ранлива категорија, како ù надарени ученици.**

**Училишна инклузивност – дигитализација, мултидисциплинарност и интернационализација на воспитно – образовниот процес.**

Оваа учебна година ќе се пристапи кон реализација на приоритетите кои се поставени како нов предизвик и современ воспитно-образовен процес, во чекор со современите образовни потреби и промени во општесвото. Прилагодување на наставниот процес согласно препораките од МОН и БРО.

**Основно училиште го карактеризираат неколку компоненти:**

- **Надворешна структура на училиштето;**
- **Раководна функција-директор на училиште, неговата работа и однесување;**
- **Внатрешна структура на училиштето.**

**Надворешна структура на училиштето**

Почитувањето и споведувањето на Уставот, Законот за основно образование и обврските кои од нив произлегуваат, претставуваат дел од надворешната структура на училиштето, како институционална рамка.
Општествената средина-локалната средина, како ù вредностите и верувањата во тие рамки, исто така, претставува дел од надворешната структура.
Во надворешната структура може да се вградат верувањата, вредностите и очекувањата на директорот на училиштето.

**Раководна функција – директор на училиште, неговата работа и однесување**

Работата на директорот на училиштето во учебната година ќе се реализира според менаџерските функции во образовните организации, а тоа се:

- Соработка со локалната самоуправа;
- Планирање и програмирање;
- Организирање и раководење;
- Екипирање;
- Координирање и контролирање;
- Вреднување, евалуација.

Во својата работа директорот предвидува да применува хоризонтална и вертикална координација, а воедно и интеграција помеѓу тие две компоненти, при што ќе бидат застапени и други субјекти.

- Раководењето на воспитно – образовнит еорганизации е многу сложена и одговорна работа.

Улогата на директорот е посебно нагласена, затоа што тој е главен носител на сите значајни прашања.

- ➢ Раководење и унапредување со администрацијата, финансиите и грижата за условите за работа; Раководење со луѓето, наставниците и другите вработени и учениците;
- ➢ Инструктивно-педагошки раководител-водач на образовниот процес;
- ➢ Директор – културен водач со визија за развој на училиштето, со високи очекувања од наставниците, учениците и родителите – кој постепено, но сигурно ќе развива ефективно училиште.

Раководен орган на училиштето е директорот. При вршење на својата раководна и менаџерска функција ќе практикува подобрување на развојниот процес, притоа градејќи култура на доверба и взаемно почитување на вработените, учениците, родителите и поширокатa заедница.
За реализација на планираните активности директорот непосредно ќе соработува со основачот, Училишниот одбор, Советот на родители и Наставничкиот совет.

***ЦЕЛ: Организирање и реализирање на целокупната работа во училиштето.***

Програмата опфаќа активности од следните подрачја:

- ➢ педагошко-инструктивна
- ➢ аминистративно-организаторска

## *1. Педагошко инструктувна работа*

1.1 Концепциско-програмска;
1.2 Следење на организацијата и реализацијата на воспитно-образовната и друга стручна педагошка работа;
1.3 Перманентно стручно, педагошко-психолошко усовршување на наставниот и другиот стручен кадар во училиштето;
1.4 Работа со наставници почетници;
1.5 Работа со стручни органи и тела;
1.5 Аналитичко- студискаработа;
1.6 Соработка со учениците и нивните организации;
1.7 Соработка со родителите.
1.8 Соработка и заеднички активности со менторот на училиштето

## *2.Административно-организаторска работа*

2.1 Прераспределба на задачите на поедини носители;
2.2 Распределба на наставни предмети и задолженија во рамките на слободните ученички активности,структурните подрачја од внатрешната организација на училиштето, стручниот актив, работните комисии;
2.3 Распределба на задолженија за изработка на нормативни акти(Правилници);
2.4 Грижа за спроведување на куќниот ред во училиштето и кодексот на однесување на учениците и наставниците:
2.5 Свикување на седници на Одделенскиот и Наставнички совет и раководење со истите;
2.6 Изготвување на финансов план и поднесување извештај за материјалното работење научилиштето;
2.7 Организирање,реконструкција и адаптација на училишниот објект и изработување план за набавка на основните средства;
2.8 Раководење и донесување мерки за воведување на иновации во целокупната работа на училиштето и др.

# 1.ВОДСТВО

Во подрачјето ВОДСТВО се опфатени 3 ( три ) потподрачја:

## I.1 СТРАТЕШКО ВОДСТВО

| Ред. бр. | Предмет и содржина | Време на реализација | Соработници | Форма на работа | Методи на работа |
|---|---|---|---|---|---|
| I.1.1 | Развој на иновации во наставата и учењето | Јули - август | Директор, наставници и стручни соработници | Тимска, индивидуална | Консултации разговори |
| I.1.2 | Изградба на позитивна училишна култура и клима | Август | Директор, наставници и стручни соработници | Индивидуална, групна | Консултации разговори |
| I.1.3 | Управување со проекти и ресурси во училиштето | Континуирано | Директор, наставници, стручни соработници | Тимска, индивидуална | Консултации разговори |
| I.1.4 | Ефективно користење на образовни технологии | Август | Директор, наставници, стручни соработници | Индивидуална, тимска | Консултацциразговори |
| I.1.5 | Поддршка на професионалниот развој на наставниците | Континуирано | Директор, наставници, стручни соработници | Тимска, индивидуална | Консултации разговори |

## I.2 УЧИЛИШНА КЛИМА И КУЛТУРА

| Ред. бр. | Предмет и содржина | Време на реализација | Соработници | Форма на работа | Методи на работа |
|---|---|---|---|---|---|

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| I.2.1 | Промовирање на позитивна комуникација и взаемна почит | Континуирано | Директор, наставници, стручни соработници | Тимска, индивидуална | Консултациираз говори |
| I.2.2 | Развој на активности за инклузија и прифаќање на различности | Континуирано | Директор, наставници, стручни соработници | Индивидуална, група | Консултацци разговори |
| I.2.3 | Организирање на училишни настани за зајакнување на заедништвото | Континуирано | Директор, наставници, стручни соработници | Тимска, индивидуална | Консултации разговори |
| I.2.4 | Воведување на програми за емоционална интелигенција и ментално здравје | Континуирано | Директор, Наставници, стручни соработници | Индивидуална, група | Консултацц разговори |
| I.2.5 | Превентивни програми за безбедност и заштита од насилство | Континуирано | Директор, Наставници, стручни соработници | Индивидуална група | Консултацции разговори |

## I.3 СОРАБОТКА СО РОДИТЕЛИТЕ И ЗАЕДНИЦАТА

| **Ред. бр.** | **Предмет и содржина** | **Време на реализаЦија** | **Соработници** | **Форма на работа** | **Методи на работа** |
|---|---|---|---|---|---|
| **I.3.1** | Воспоставување на ефикасни канали за комуникација со родителите | Континуирано | Наставници, стручни соработници, родители | Индивидуална, група | Консултации, инструкции состаноци извештаи |
| **I.3.2** | Вклучување на родителите во креативни и едукативни активности | Континуирано | Родители | Индивидуална група | Разговори Состаноци Анкета прегледи |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| **I.3. 3** | Организирање на редовни информативни состаноци и Форуми за родители | Континуирано | Наставници, одделенски раководители | Индивидуална групна | Состаноци инструкции |
| **I.3. 4** | Обезбедување на редовни информации за училишните активности и прогресот на учениците | По потреба во текот на учебната година | Родители, стручна служба | Индивидуална, групна | Разговори, состаноци инструкции, извештаи |
| **I.3. 5** | Создавање и ангажирање на советодавни тела со учество на родителите | Септември и по потреба | Родители, стручна служба | Индивидуална, групна | Консултации, состаноци, информација |
| **I.3. 6** | Воспоставување на механизми за двонасочна комуникација меѓу училиште и родителите | Септември | Родители,членови на УО. Совет на родители | Групна | Состаноци, договори записници |
| **I.3. 7** | Поддршка на училишните програми преку соработка со локалната заедница | По потреба во текот на учебната година | Родители, одделенски раководители | Групна, фронтална | Информации, договори извештаи |
| **I.3. 8** | Организирање на заеднички проекти со локални организации и институции | Континуирано | Директор, стручна служба, родители | Индивидуална, групна | Договори, состаноци |
| **I.3. 9** | Промоција на волонтерство и учество на родителите во училишните активности | Континуирано | Директор, стручна служба, родители | Индивидуална, групна | Консултации, состаноци информација |
| **I.3. 10** | Поттикнување на меѓуучилишна соработка и размена на искуства | Континуирано | Директор, стручна служба родители | Групна | Состаноци, договори записници |
| **I.3. 11** | Развој на стратегии за партнерство меѓу училиштето и семејствата | Континуирано | Директор, стручна служба родители | Групна, фронтална | информаци, договори, извештаи |

## II. РАКОВОДЕЊЕ СО ЧОВЕЧКИТЕ РЕСУРСИ
## II.1 КОМУНИКАЦИЈА И ОДНОСИ СО ЈАВНОСТА

| Ред. бр. | Предмет и содржина | Време на реализација | Соработници | Форма на работа | Методи на работа |
|---|---|---|---|---|---|
| II.1.1 | Стратегии за ефективна комуникација со сите учесници во образовниот процес | Континуирано | Директор, наставници, стручни соработници | Тимска, индивидуална | Консултации разговори |
| II.1.2 | Промовирање на транспарентност и отчетност преку редовна комуникација | Континуирано | Директор, наставници, стручни соработници | Индивидуална, групна | Консултацциираз говор |
| II.1.3 | Развој на односи со медиуми и јавноста за поддршка на училишните активности | Континуирано | Директор, наставници, стручни соработници | Тимска, индивидуална | Консултации разговори |
| II.1.4 | Организирање на настани и кампањи за промоција на училишните вредности | Континуирано | Директор, наставници, стручни соработници | Индивидуална, групна | Консултациираз говори |
| II.1.5 | Користење на социјални медиуми за комуникација и промоција на училиштето | Континуирано | Директор, наставници, стручни соработници | Тимска, индивидуална | Консултации разговори |

## II.2 УНАПРЕДУВАЊЕ НА МЕЃУЧОВЕЧКИТЕ ОДНОСИ

| Ред. бр. | Предмет и содржина | Време на реализациЈа | Соработници | Форм раб |
|---|---|---|---|---|
| II.2.1 | Управување со стрес и техники за релаксација | Континуирано | Директор, наставници, стручни соработници | Тимска индив |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| **II.2.2** | Стратегии за справување со негативни емоции и конфликти | Континуирано | Директор, наставници, стручни соработници | Индивидуал групна |
| **II.2.3** | Промовирање на култура на почитување и инклузивност | Континуирано | Директор, наставници, стручни соработници | Тимска индивиду |

## II.3 ПРОФЕСИОНАЛЕН И КАРИЕРЕН РАЗВОЈ

| Ред. бр. | Предмет и содржина | Време на реализација | Соработници | Форма на работа | Методи на работа |
|---|---|---|---|---|---|
| **II.3.1** | Програма за стручо-педагошко усовршување на наставниците во рамките на училиштето – подигнување на професионалните компетенции на наставниците | Континуирано | Директор, ментор, стручни соработници, наставници тим за професионален развој на наставниците | Индивидуална групна | Консултации, разговор, обука, повратни информации |
| **II.3.2** | Планирање на потребите на воспитно-образовниот кадар за стручно усовршување – подигнување на професионалните компетенции на наставниците | Септември, јануари, февруари | Директор, ментор, стручни соработници, тим за професионален развој на наставниците и советниици од БРО, обучувачи | Индивидуална, групна, фронтална, тимска | Консултаци, договор, состаноци, извештаи |
| **II.3.3** | Оспособување за примена на современи знаења од областа на информатика | Континуирано | Директор, стручни соработници, наставници | Индивидуална, групна | Состаноци, консултации, извештаи |
| **II.3.4** | Збогатување на книжниот фонд во училишната библиотека со лектири,стручна литература, списанија,весници | Тековно | Директор, библиотекар-стручен соработник наставници | Индивидуална | Консултации, извештаи |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| **II.3.5** | Планирање и изведување на меѓусебна посета на часови и други воспитно-образовни активности | Тековно | Директор, ментор стручни соработици | Групна индивидуална | Разговор, консултации, состаноци, извештаи |
| **II.3.6** | Запознавање на наставниците со најнови сознанија од методика, педагогија, дидактика, психологија што имаат допирни точки со воспитно – образовниот процес | По потреба | Директор, стручни соработници, наставници, ментор | Индивидуална групна | Консултации, разговор, состаноци, извештаи |
| **II.3.7** | Усовршување на методите на работа на слободните ученички активности и ученичките организации | Континуирано | Директор, стручни соработници, наставници, ученици | Индивидуална групна | Разговор, пишани извештаи |

## II.4 ОБЕЗБЕДУВАЊЕ КАДАР, РАБОТНО ВОВЕДУВАЊЕ И АНГАЖИРАЊЕ

| **Ред. бр** | **Предмет и содржина** | **Време на реализација** | **Соработници** | **Форма на работа** | **Метод и на работа** |
|---|---|---|---|---|---|
| **II.4.1** | Определување ментор на наставникот- приправник и запознавање со неговите обврски | Тековно | Директор, ментор, стручни соработници, наставници - почетници | Индивидуална, групна | Давање инструкции |
| **II.4.2** | Запознавање со содржини и можности на училиштето заради остварување на целите, задачите и содржините на основно воспитание и образование | Септември | Директор, ментор, стручни соработници, наставници - - почетници | Индивидуална групна | Инструктивна, повратна информација |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| **II.4.3** | Запознавање со наставниот план и програма на наставата и воспитната работа | Септември | Директор, ментор, стручни соработници и наставници - почетници | Индивидуална тимска | Инструктивна повратна информација |
| **II.4.4** | Запознавање со прописите и упатствата за водење на педагошката евиденција и документација | Септември | Директор, ментор, стручни соработници и наставници - почетници | Индивидуална | Инструктивна повратна информација |
| **II.4.5** | Запознавање со организацијата на воспитно-образовната работа во училиштето | Септември | Директор, ментор, стручни соработници, наставници - почетници | Индивидуална | Инструктивна повратна информација |
| **II,4.6** | Индивидуална стручна и дидактичко- методска помош во реализацијата на наставата | Континуирано | Директор, ментор, стручни соработници, наставници - почетници | Индивидуална | Инструктивна, повратна информација |
| **II.4.7** | Активности во врска со примената на ИКТ во наставата | Континуирано | Директор, ментор, стручни соработници,наставници - почетници | Индивидуална | Наставни продукти |
| **II.4.8** | Инструкции за работа со родители | Континуирано | Директор, ментор, стручни соработници, наставници - почетници | Индивидуална | Разговори, родителски средби |

## III. ПЕДАГОШКО РАКОВОДЕЊЕ НА УЧИЛИШТЕТО

### III.1 ПЛАНИРАЊЕ

| Ред. бр. | Предмет и содржина | Време на реализација | Соработници | Форма на работа | Методи на работа |
|---|---|---|---|---|---|
| **III. 1.1** | Изготвување на програма за работа училиштето, директорот,наставници, УО, Совет на родители. | Јули-август | Директор, наставници, стручни соработници | Тимска, индивидуална | Консултации, разговори |
| **III. 1.2** | Подготвување концепција за распределба на наст.предмети,одд.раководство,претседатели на поедини стручни активи | Август | Директор, стручни соработници | Индивидуална групна | Консултации,разговори |
| **III. 1.3** | Координирање и следење на работата при изготвување распоред на часови, додатна и дополнителна настава и други задачи прредвидени со годишаната програма за работа на училиштето | Август | Одговорно лице | Тимска работа | Консултации, предлози |
| **III. 1.4** | Концепирање методологија и изготвување годишни програми за сите подрачја од воспитно – образовниот процес | Август | Стручни соработници и наставници | Индивидуална,групна | Консултации,разговор, текст метода |
| **III. 1.5** | Концепирање теми за расправа на Наставнички совет, Одд.совет и совет на паралелки | Континуирано | Директор, стручни соработници и наставници | Индивидуална групна | Консултации, записници |
| **III. 1.6** | Следење на динамиката на активностите од Развојниот план на училиштето | Континуирано | Стручен тим | Индивидуална групна | Консултации, извештаи, предлози |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| **III. 1.7** | Комисија за самоевалуација на училиштето | Август | Тим за самоевалуација | Индивидуална тимска | Анкети, извештаи |
| **III. 1.8** | Програма за стручно усовршување на наставниците | Септември | Стручни Соработници, БРО, провајдери, НВО | Тимска, индивидуална | Консултации, програма |
| **III. 1.9** | Свикување на првиот состанок на Училишниот парламент | Септември | Ученици, директор, стручни соработници | Тимска работа | Разговор, извештаи |
| **III.1.10** | Увид и давање напатствија за водење на е-дневникот, ЕСАРУ како и целокупната педагошка документација | Континуирано | Директор, одговорно лице | Индивидуална | Напатствија, извештаи |
| **III.1.11** | Програма за набавка на наставни средства и други потребни ресурси во училиштето | Август-Септември | Наставници, стручни соработници | Индивидуална, тимска | Договор, програма за набавка |
| **III.1.12** | Активности на училишен инклузивен тим и формирање посебни тимови за ученици | Септември-Јуни | Директор, училишен инклузивен тим | Тимска | Консултации, извештаи, работилници |
| **III.1.13** | Состаноци со претседателите за дефинирање на активностите на неделно, месечно и периодично ниво | Континуирано | Директор, наставници и стручни соработници | Индивидуална тимска | Разговор, консултации, работилници |
| **III.1.14** | Подготовки и реализација на училишните екскурзии | Септември-Мај | Директор, наставници и стручни соработници | Тимска | Разговор, комисии, договори, увиди, извештаи |

## III.2 ПОДДРШКА НА НАСТАВАТА И УЧЕЊЕТО

| Ред. бр. | Предмет и содржина | Време на реализација | Соработници | Форма на работа | Методи на работа |
|---|---|---|---|---|---|
| III.2. 1 | Обезбедување услови за реализирање современа настава | Континуирано | Директор, наставници, стручни соработници | Тимска, индивидуална | Консултации разговори |
| III.2. 2 | Следење и анализа на наставен час / активност и давање на конструктивна повратна информација | Континуирано | Директор, наставници стручни соработници | Индивидуала, групна | Консултации, разговори |
| III.2. 3 | Идентификување и поддршка за различните образовни потреби на учениците | Континуирано | Директор, стручни соработници, наставници | Тимска работа | Консултации предлози |
| III.2. 4 | Насоки за искористување на постоечкиот потенцијал за надареност и талентираност | Континуирано | Директор, стручни соработници, наставници | Индивидуална групна | Консултации, разговори, текст метода |

## III.3 ОБЕЗБЕДУВАЊЕ КВАЛИТЕТ ( ЕВАЛУАЦИЈА, САМОЕВАЛУАЦИЈА И РАЗВОЈ )

| Ред.бр. | Предмет и содржина | Време на реализација | Соработници | Форма на работа | Методи на работа |
|---|---|---|---|---|---|
| III.3.1 | Оценка на ефективноста на образовните програми и проекти | Јули-август | Директор, наставници, стручни соработници | Тимска индивидуална | Консултации и разговори |
| III.3.2 | Развој на стратегии за подобрување на квалитетот на наставата и учењето | Август | Директор, наставници, стручни соработници | Индивидуална групна | Консултации разговор |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| **III.3.3** | Обука и развој на кадарот за спроведување на евалуација и самоевалуација | Континуирано | Директор, одговорно лице | Тимска работа | Консултации и предлози |
| **III.3.4** | Спроведување на анкети и истражувања за задоволство на учениците и родителите | Континуирано | Директор, стручни соработници, наставници | Индивидуална групна | Консултациии разговор текст метода |

## III.4 СОЗДАВАЊЕ ЗДРАВА, БЕЗБЕДНА И ДЕМОКРАТСКА СРЕДИНА ЗА УЧЕЊЕ И РАЗВОЈ НА УЧЕНИКОТ

| **Ред. бр.** | **Предмет и содржина** | **Време на реализација** | **Соработници** | **Форма на работа** | **Методи на работа** |
|---|---|---|---|---|---|
| **III.4.1** | Изготвување на планови и спроведување на процедури за безбедност, вклучувајќи и постапки за вонредни околности | Јули-август | Педагог, наставници, стручни соработници | Тимска, индивидуална | Консултации разговори |
| **III.4.2** | Развивање и применување превентивни активности за почитување на правата на учениците ( безбедност, недискриминација и сл.) | Август | Педагог, наставници, стручни соработници | Индивидуала групна | Консултациираз говори |
| **III.4.3** | Обезбедување слободно и конструктивно вклучување на учениците во животот на училиштето | Август | Одговорно лице | Тимска работа | Консултации предлози |

## IV. ФИНАНСИСКО РАКОВОДЕЊЕ
## IV.1 РАКОВОДЕЊЕ СО ФИНАНСИСКИТЕ РЕСУРСИ

| Ред.бр | Предмет и содржина | Време на реализација | Соработници | Форма работ |
|---|---|---|---|---|
| **IV.1.1** | Наменско користење на буџетот во соработка со другите органи и тела на училиштето | Јули-август | Педагог, наставници, стручни соработници | Тимска индивиалн |
| **IV.1.2** | Транспарентно трошење на училишниот буџет | Континуи рано | Педагог, наставници стручни соработници | Индивидла групн |
| **IV.1.3** | Изнаоѓање дополнителни средства од разни извори | Континуи рано | Одговорно лице | Тимска работа |
| **IV.1.4** | Обезбедување на финансиското работење да биде усогласено со регулативата | Август | Стручни соработници, наставници | Индивидлна груп |

## IV.2 РАКОВОДЕЊЕ СО МАТЕРИЈАЛНИТЕ РЕСУРСИ

| Ред. бр. | Предмет и содржина | Време на реализација | Соработници | Форма на работа | Методи на работа |
|---|---|---|---|---|---|
| **IV.2.1** | Проценување на потребите и утврдување на потребите за набавка | Јули-август | Педагог, наставници, стручни соработници | Тимска, индивидуална | Консултации разговори |
| **IV.2.2** | Обезбедување на максимална искористеност на материјално – техничките ресурси | Континуирано | Педагог, наставници, стручни соработници | Индивидуална групна | Консултации разговор |
| **IV.2.3** | Вклучување на вработените во планирањето на буџетот и информирање за негова распределба | Континуирано | Одговорно лице | Тимска работа | Консултации предлози |

## V. ЗАКОНСКО И АДМИНИСТРАТИВНО РАБОТЕЊЕ НА УЧИЛИШТЕТО

### V.1 ПРИМЕНА НА ЗАКОНСКИ И ПОДЗАКОНСКИ АКТИ

| Ред. бр. | Предмет и содржина | Време на реализација | Соработници | Форма на работа | Методи на работа |
|---|---|---|---|---|---|
| **V.1.1** | Раководење на училиштето согласно законската регулатива | Континуирано | Директор | Тимска индивидуална | Консултации разговори |
| Насоки за изготвување на ИОП / модифицирана програма за ученици по добиена функционална проценка од страна на МКФ | Запознавање со препорачаните цели за учество во воспитно-образовниот процес<br>Консултативни средби<br>Состаноци на инклузивен тим за ученик | Стручни соработници<br>Наставници | Во текот на учебната годиина | Изготвен ИОП / модифицирана програма за работа со учениците со ПОП<br>Тимска соработка на наставниците |
| Континуирана поддршка на учениците со посебни образовни потреби | Консултативни разговори на стручните соработници со наставниците, образовните асистенти<br>Советодавно консултативна работа со учениците со посебни образовни потреби | Стручни соработници<br>Наставници<br>Родители<br>Ученици | Во текот на учебната година | Подобрување на постигањата на учениците со ПОП<br>Вклучување во животот на паралелката, училиштето и локалната заедница Зајакнување на родителските вештини и капацитети |
| Создавање професионални релации на ниво на наставници, образовни асистенти и стручни соработници | Консултативни разговори на стручните соработници со наставници, образовни асистенти<br><br>Соработка со наставниците за примена на диференциран пристап и методи на кооперативно учење и поучување за поддршка на учениците да учествуваат во воспитно-образовниот процес | Стручни соработници<br>Наставници<br>Образовни асистенти | Во текот на цела учебна година | Максимално реализирање на потенцијалите на учениците, стекнување на самостојност социјална прифатеност и вклученост во училишната средина |
| Поддршка од сооучениците | Активно учество во наставни и воннаставни активности | Стручни соработници<br>Наставници<br>Ученици<br>Ученички парламент | Во текот на учебната година | Подбрување на постигањата<br>Подобрување на социјализацијата на овие ученици |
| Следење на активностите и постигнувањата на учениците со ПОП | Евиденција за успехот, редовноста и поведението на учениците со ПОП<br>Ревидириње на ИОП/ модифицирана програма | Стручни соработници<br>Наставници<br>Родители | Во текот на учебната година | Подобрени постигања на успехот, зголемена редовност, примерно поведение и зголемено учество во воннаставни активности |
| Професионална ориентација на | Советување, разговор и насочување на родителите и учениците за избор на | Стручни соработници | Во текот на учебната | Информирани ученици и родители за видот на професии/занимања |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| учениците со ПОП од деветто одделение | понатамошното образование | | година | Правилен избор на занимање (запишување во средно училиште) |
| Запознавање на образовните асистенти со специфичните карактеристики на учениците на кои ќе даваат образовна асистенција | Состаноци,насоки за работа, споделување на искуства, размена на добри практики | Инклузивен тим на училиштето | Септември 2026 г. | Постигнување на предвидените стандарди/цели на учење |
| Јакнење на компентенциите на наставниците за инклузивно образование | Обуки за различни модели на учење и пристапи во учењето, примена на соодветни методи и техники на поучување, зајакнување на знаењата и вештините потребни за разбота со ученици со ПОП и други категории на ученици на кои им е потребна дополнителна подршка | БРО, МОН, ОУРЦ „Иднина“ Стручни лица од различни институции | Во текот на целата учебна година | Стекнувања на знаења и вештини на наставниците за да одговарат на новите предизвици на инклузивното образование |
| Вклучување на родителите во реализација на воннаставни активности | Размена на искуства, идеи, давање предлози Договор за реализација на воннаставни активности | Директор Стручни соработници Наставници Родители | Во текот на целата учебна година | Успешна вклученост на родителите во реализација на воннаставни активности |
| Средби и консултации со стручни лица надвор од училиштето | Добивање стручна помош во работата; Размена на искуства, идеи, давање предлози, соработка, заеднички и индивидуални активности | Стручни соработници УИТ Наставници Родители | Во текот на целата учебна година | Унапредување на инклузивното образование и на воспитно – образовниот процес |
| Унапредување на инклузивната политика и практика во училиштето | Следење на степенот на инклузираност на учениците со ПОП во воспитно-образовниот процес Анализа на вклученоста на учениците со ПОП во воннаставните активности<br><br>Меѓуврсничка поддршка | Стручни соработници Наставници Ученици | Во текот на целата учебна година | Развиена свест за потребите на учениците со ПОП, позитивна атмосфера и толеранција<br>Подобрување на социјализацијата на учениците со ПОП<br>Поголема вклученост во воннаставни активности Ученичка/врсничка поддршка за учениците со ПОП |
| Соработка со ОУРЦ „Иднина“ | Обезбедување на образовна асистенција за ученици со ПОП, поддршка на наставниот кадар за стручно усовршување, индивидуална поддршка на ученици со попреченост и нивните семејства, реализација на дел од модифицираната програма за учениците со комплексни потреби | Директор УИТ Наставници ОУРЦ „Иднина“ | Во текот на целата учебна година | Стручна поддршка од ОУРЦ „Д-р Златан Сремец“ за учениците со попреченост, нивните семејства и воспитно образовниот кадар |
| Соработка и реализација на | Добивање стручна помош во работата; | Специјален едукатор и | Во текот на целата | Унапредување на инклузивното |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| активности со ОУРЦ „Иднина“ | Размена на искуства, идеи, давање предлози, соработка, Реализација на заеднички воннаставни активности | рехабилитатор , педагог, социолог, социјален работник, психолог, наставници | учебна година | образование и на воспитно – образовниот процес |
| Извештај за работата на УИТ | Анализа на работата на инклузивниот тим на училиште | Директор Инклузивен тим на училиште | Јуни 2027 г. | Проценка на ефектите од севкупната работа Дефинирање на следните чекори и активности на инклузивниот тим |

| **План за евалуација на акциските планови** | |
|---|---|
| **Критериум за успех** | Учество во дополнителна настава;<br>Учество во воннаставните активности организирани од општествената средина;<br>Учество во активности во рамките на одделението;<br>Учество во училишни манифестации и приредби. |
| **Иструменти** | Листа за евиденција на реализација на активности планирани со акционен план |
| **Индикатор за успешност** | Применета процедура за идентификација на учениците со посебни образовни потреби;<br>Изготвени и реализирани индивидуални образовни планови / модифицирани програми;<br>Досие на ученик со посебни образовни потреби;<br>Прифаќање и индивидуален напредок на учениците со посебни образовни потреби. |
| **Одговорен за следење** | Тим за инклузија на учениците со посебни образовни потреби |
| **Повратна информација** | Месечни, полугодишни и годишни извештаи за работата со учениците со посебни образовни потреби со насоки за подобрување на работата на наставниците со овие ученици, кои се презентираат пред Наставнички совет и Совет на родители. |

# ГОДИШНО ПЛАНИРАЊЕ ЗА УЧИЛИШЕН ХОР И ОРКЕСТАР

## ЦЕЛ:

Целта на хорската и оркестарската настава е учениците да ги прошират знаењата од музичката уметност и култура за кои покажуваат посебен интерес и определба.

Учениците да се оспособуваат за индивидуален и колективен однос во заедничка интерпретација на вокални и инструментални дела во училиштето и надвор од него.

## Посебни цели за хорска настава:

- Да добијат потребни знаења од вокална техника за правилна вокална интерпретација
- Да се запознаат со содржината и карактерот на песната
- Да ја увежбаат песната ритмички и мелодијски
- Да усвојат потребни знаења за правилен пеачки став и дикција
- Да развива чувство за ритам и мелодија
- Да формира и стекнува пеачки навики
- Да пеат со изедначена боја
- Да применуваат динамички нијанси
- Да ги почитува дадените упатства на диригентот
- Да се оспособува за сампстојно и групно пеење
- Да создава навики за редовност и точност
- Да развива натпреваарувачки дух
- Да учествува на разни видови настапи
- Да развива колективен, интелектуално-емоционален и креативен однос кон интерпретација на хорските дела
- Да се развиваат етички и естетски вредности
- Да се оспособува за естетско вреднување на убавото

**Дидактички насоки**

Наставникот:

- Организира аудиција на учениците, при што одредува кој ученик е талентиран а кој помалку талентиран за пеење;
- Ги одредува учениците според висината на гласот и нивните вокални способности;
- Покажува на учениците како треба да се однесуваат во група;
- Го развива нивниот слух преку интонирање, потоа ги распева учениците;
- Демонстрира како правилно да пеат и ги потикнува да повторуваат, прво сами потоа во група;
- Со задолжителните дела ги подготвува учениците за јавен настап

## Посебни цели за оркестарска настава:

- Да добијат потребни знаења за техника на свирење и правилна инструментална интерпретација
- Да се запознаат со карактерот на делото
- Да ја увежбаат песната ритмички и мелодијски
- Да усвојат потребни знаења за правилен став при интерпретација
- Да развива чувство за ритам и мелодија
- Да формира и стекнува навики за свирење
- Да свират изедначено
- Да применуваат динамички нијанси и соодветно темпо
- Да ги почитува дадените упатства на диригентот
- Да се оспособува за сампстојно и групно свирење
- Да создава навики за редовност и точност
- Да развива натпреваарувачки дух
- Да учествува на разни видови настапи
- Да развива колективен, интелектуално-емоционален и креативен однос кон интерпретација на инструменталните дела
- Да се развиваат етички и естетски вредности
- Да сеоспособува за естетско вреднување на убавото

**Дидактички насоки**

Наставникот:

- Организира прием на учениците, и преку аудиција одредува кој ученик треба да свири во оркестар;
- Покажува како треба да се однесуваат со инструмемтот;
- Демонстрира како правилно да свират и ги потикнува да повторуваат, прво сами потоа во група;
- Со задолжителните дела ги спрема учениците за јавен настап

## Организација на хорската и оркестарската настава:

Наставата по училишен хор и оркестар ќе се организира во групи.

Групите ќе бидат составени од ученици од 6,7,8 и 9 одд. според гласовните можности на учениците и способност за инструментална интерпретација.

Времето на реализација, поради специфичноста на активностите ќе биде вон редовната настава и според можностите на учениците.

Резултатите ќе се презентираат на активности во училиштето и на Хорски и Оркестарски смотри-натпревари кои се реализираат секоја учебна година во локална средина и пошироко.

Услови за работа: Кабинет по музичко образование, пијано, ЦД плеер, инструменти, партитури, стручна литература.

Наставни методи: демонстративна, практична работа, изведбена, разговор.

Наставни форми: групна, фронтална, индивидуална

| ГОДИШНО ГЛОБАЛНО ПЛАНИРАЊЕ ЗА УЧИЛИШЕН ХОР | ГОДИШНО ГЛОБАЛНО ПЛАНИРАЊЕ ЗА УЧИЛИШЕН ОРКЕСТАР |
|---|---|
| 1.Запознавање со учениците 2 часа<br>2.Вокална техника 10 часа<br>3.Обработка на песни 30 часа<br>4.Увежбување на песни 66 часа<br><br>**Композиции кои ќе се обработуваат:**<br><br>1.Химна на Р. Македонија<br>2.Химна на „Марко Цепенков“<br>3.“Вива ла музика“,<br>4. „Борјано, Борјанке“,<br>5. „Рум,дум,дум “- народна песна<br><br>Училишен хор : 3 часа неделно<br>Годишен фонд на часови :108 часа<br><br>Предметен наставник:<br>Александар Крстевски | 1. Запознавање со учениците 2 часа<br>2.Техника на свирење 10 часа<br>3.Обработка на делата 30 часа<br>4.Увежбување на делата 66 часа<br><br>**Композиции кои ќе се обработуваат:**<br><br>1. “Медо и мед”- По Л.Керубин ;<br>2. “Снешко” ;<br>3.“Еколошка песна” ;<br>4.“Летна вечер” – В.А.Моцарт<br><br>Училишен оркестар : 3 часа неделно<br>Годишен фонд на часови :108 часа<br><br>Предметен наставник :<br>Александар Крстевски |

**Забелешка**: Во текот на учебната година може да дојде до промена на репертоарот. Ке се обработат и други композиции, зависно од интересот и желбите на учениците.

## ПРОГРАМА ЗА РАБОТА НА ЗАЕДНИЦА НА ПАРАЛЕЛКАТА

| Цели | Активности | Време на реализација | реализатори | Очекувани ефекти |
|---|---|---|---|---|
| Избор на одделенско раководство на заедницата на паралелката | Состанок на заедницата на паралеката и избор на одделенско раководство на заедницата на паралелката по пат на тајно гласање<br><br>Дефинирање на правата и обврските на одделенско раководство и членовите на заедницата на паралелката | Септември 2026 г. | Ученици, одделенски раководители на паралелки од I - IX одд. | Избрани одделенски раководства на заедниците на паралеките од III - IX одд.<br><br>Утврдени правата и обврските на одделенското раководство и членовите на заедницата на паралелката |
| Запознавање со кодексот на однесување на учениците | Презентирање на кодексот на однесување на учениците за време на наставата, одморите, воннаставните активности, при посети,екскурзии,излети како и при реализација на on-line настава | Септември 2026 г. | Ученици, одделенски раководители на паралелки од I - IX одд. | Учениците се запознаени со кодексот на однесување |
| Развивање кај учениците свест за себе,свест за заштита на животната средина, емпатичност, комуникациски вештини, интерперсонални вештини, вештини за донесување на одлуки, вештини за решавање на проблеми, креативно мислење, справување со емоции, справување со стрес | Реализирање на работилници од прирачниците за образование за животни вештини од I-IX одд. | Во текот на учебната година | Ученици,стручни соработници, одделенски раководители на паралелки од I - IX одд. | Развивање на личниот, емоционалниот и социјалниот развој кај учениците |
| Едукација за одржување на здравјето и здравствена заштита | Предавања, советувања за заштита на здравјето од заразни болести | Во текот на учебната година | Стручни лица, родители,оддленски раководители на паралелки од I - IX одд. | Подигнување на свеста кај учениците за одржување на здравјето и здравствена заштита |
| Одбележување на значајни историски датуми, личности и сл | Реферати, работилници, предавања | Во текот на учебната година | Ученици, одделенски раководители на паралелки од I - IX одд. | Учениците се запознени со значењето на историските датуми, и личности |
| Подобрување на успехот и дисциплината во паралелката | Одржување на состаноци и донесување на стратегии за Подобрување на успехот идисциплината во паралелката | Во текот на учебната година | Ученици, одделенски раководители на паралелки од II - IX одд. | Подобрен успех и дисциплина во паралелката |

# ГОДИШНА ПРОГРАМА ЗА РАБОТА НА УЧЕНИЧКИ ПАРЛАМЕНТ НА УЧИЛИШТЕТО

| Цели | Активности | Време на реализација | Реализатори | Очекувани ефекти и исходи |
|---|---|---|---|---|
| Да се запознаат и да се информираат учениците за своите права и можности за кои се одлучува во ученичкиот парламент и другите органи во училиштето, - договор за активности за реализација во текот на учебната година | Подготовка на годишната програма на ученичкиот парламент | август,2026 г. | Претседател на ученички парламент, членови на ученички парламент, стручни соработници, одговорен наставник | Се запознаа и се информираа за своите права и можности за кои се одлучува во ученичкиот парламент и другите органи во училиштето - прецизирани активности на годишната програма |
| Запознавање на учениците со значењето, улогата и организацијата на конституираниот парламент | Избор на претседател на ученичкиот парламент Постапка за избор, предлог тела на ученичкиот парламент, надлежности на Ученичкиот парламент Конституирање на ученичкиот парламент и усвојување на годишната програма за работа | Септември, 2026 година | стручни соработници, и одговорен наставник и учениците | Се запознаа со значењето,улогата и организацијата на конституираниот парламент |
| Да се запознаат учениците со своите права | Истражување на тема: Конвенција за правата на децата, работилница за правата на децата, изработка на пароли, флаер и презентации | Октомври-ноември 2026 г. | Претседател на ученички парламент, членови на ученички парламент, , стручни соработници, одговорен наставник | Се запознаа со своите права од Конвенцијата за правата на децата |
| Да се промовира ученичкиот активизам преку ученички иницијативи | Промовирање на ученички активизам прекуакции: акција за уредување на училишниот двор, акција за уредување на училниците, акција за уредување на училишните холови, едукативни содржини,тркалезни маси, дискусии и дебати | Во текот на учебната година 2026/2027 г. | Претседател на ученички парламент, членови на ученички парламент, , одговорен наставник стручни соработници | Го промовираа ученичкиот активизам преку превземање на ученички иницијативи за подобрување на ученичкиот стандард |
| Да се вклучат учениците во решавање на конфликтни ситуации | Предавање на тема „ Стоп за Насилство”, работилница, дебати и дискусии, едукативни видеа и филмови, | октомври 2026/2027 г. | Претседател на ученички парламент, членови на ученички | Превенирање од насилство и намалување на степенот на конфликтни ситуации |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | донесување на процедура за постапување во конфликтни ситуации | | парламент, одговорен наставник, стручни соработници | |
| Да се запознаат со болестите од зависности и превенција од истите | Врсничка едукација за превенција од болести на зависности | Ноември 2026 г. | стручни соработници и одговорен наставник и учениците и стручни лица (Црвен Крст) | Унапредување на знаењата на учениците за болестите на зависност |
| | | | | |
| Да се вклучат во планирањето и организирањето на прославите и манифестациите | Учество во одбележување на Патрониот празник, прослави и манифестации, базари,хуманитарни акции, хепенинг,културни и спортски манифестации | Декември-април 2026/2027 г. | Претседател на ученички парламент, ученички правобранител, членови на ученички парламент,стручни соработници,одговорен наставник | Активно учество во организирањето и реализирањето на активностите |
| Да истражуваат и да соберат податоци од интернет за предностите и негативните ефекти од користењето на социјалните мрежи | Стручно предавање Предностите и негативните последици од користење на социјалните мрежи ( интернет) | Февруари, 2027 г. | Претседател на ученички парламент, ученички правобранител, членови на ученички парламент, одговорен наставник, стручни соработници | Рационално користење на социјалните мрежи |
| Да се запознаат со правилниот начин на исхрана и здрави навики за живеење | Едукација за здрава храна-Предавање од страна на стручно лице | Март- април 2027 г. | одговорен наставник, учениците и стручно лице стручни соработници | Унапредени знаења за правилен начин на исхрана и здрави навики за живеење |
| Да се препознаат облиците на мито и корупција и навремено да се превенира за истите | Работилница на тема: „Антикорупција“ | Април 2027 г. | Претседател на ученички парламент, ученички правобранител, членови на ученички парламент, одговорен наставник | Стекнати знаења за превенцијата на мито и корупција и начини на постапување |
| Афирмирање на учениците со постигнати значителни резултати во различни области | Јавно промовирање на истакнати ученици | Мај 2027 г. | Претседател на ученички парламент, ученички правобранител, членови на ученички парламент, одговорен наставник, стручни соработници | Промоција и афирмирмација на учениците со постигнати значителни резултати во различни области |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| Анализа на работата на Ученичкиот парламент | Подготовка на извештај за работата на ученичкиот парламент | Јуни 2027 г. | Претседател на ученички парламент, ученички правобранител, членови на ученички парламент, педагог, одговорен наставник | Добиени податоци, анализа и подготвка на извештај |

# ПРОГРАМА ЗА РАБОТА НА УЧЕНИЧКИ ПРАВОБРАНИТЕЛ

| Цели | Активности | Време на реализација | Реализатори | Очекувани ефекти и исходи |
|---|---|---|---|---|
| Дефинирање на активности за реализација во текот на учебната година | Подготовка на годишната програма на ученичкиот правобранител | Август-септември-2026 г. | Ученички правобранител и членови на ученички парламент | Запознавање со програмата на ученичкиот правобранител прецизирани активности на годишната програма |
| Запознавање и промовирање на детските права | Одржување на едукативни работилници,дебати и инфо денови | Септември-октомври 2026 г. | Ученички правобранител и членови на ученички парламент | Информирање на учениците за детските права и нивна промоција |
| Информирање на учениците за заштита на детските права | Процедури за поднесување на претставки, жалби, поплаки | Октомври-ноември 2026 г. | Ученички правобранител и членови на ученички парламент | Запознавање и примена на процедури за поднесување на претставки, жалби, поплаки |
| Разгледување на прашања што се од значење за учениците | Одржување состаноци на ученичките тела (периодични, тековни) | Во текот на учебната 2026/2027 година | Ученички правобранител и членови на ученички парламент | Разгледани прашања што се од значење за учениците<br>Почитување на принципите на демократија во училиштето |

| Содржини/активности | Цели | Реализација | Носители на активноста |
|---|---|---|---|
| Презентирање на програмата на Ученичкиот правобранител | Дефинирање на улогата и одговорностите на Ученичкиот правобранител | септември | Ученички правобранител, заменици,<br>ученици |
| Хуманитарна акција по повод 16 Октомври „Денот на гладта“ | Подигнување на свеста кај учениците за проблемот со гладта | октомври | Стручен соработник-педагог,<br>ученички правобранител, заменици, ученици |
| 20 Ноември-„Меѓународен ден на правата на децата“ | Да се развива почит спрема детето и да се почитуваат неговите права | ноември | Ученички правобранител, заменици, ученици |

| | | | |
|---|---|---|---|
| 20 Декември „Меѓународен ден на човековата солидарност“ | Подигнување на јавната свест за важноста на солидарноста, промовирање на солидарноста | декември | Ученички правобранител, заменици, ученици |
| Полугодишен извештај за работата на Ученичкиот прабобранител | Согледување на позитивното влијание од работата на Ученичкиот правобранител | јануари | Ученички правобранител, заменици, ученици |
| Дебата на тема „Врсничко насилство“ | Зајакнување на детските капацитети за превенција од насилно однесување | март | Ученички правобранител, заменици ученици |
| Годишен извештај од работата на Ученичкиот правобранител | Согледување на позитивното влијание од работата на Ученичкиот правобранител | мај | Ученички правобранител, заменици ученици |

## АКЦИСКИ ПЛАН ЗА ПРАВАТА НА ДЕЦАТА

| | | | |
|---|---|---|---|
| **Полугодишен извештај за работата на Ученичкиот прабобранител** | **Согледување на позитивното влијание од работата на Ученичкиот правобранител** | **јануари** | **Ученички правобранител, заменици, ученици** |
| Дебата на тема „Врсничко насилство“ | Зајакнување на детските капацитети за превенција од насилно однесување | март | Ученички правобранител, заменици ученици |
| Годишен извештај од работата на Ученичкиот правобранител | Согледување на позитивното влијание од работата на Ученичкиот правобранител | мај | Ученички правобранител, заменици ученици |

| Цели | Активности | Реализатори | Време на реализација | Очекувани ефекти |
|---|---|---|---|---|
| Сузбивање на дискриминацијата и социјалната вклученост на децата | Работилници,семинари, обуки, вебинари на наставниот кадар за рано препознавање на психичките потешкотии кај децата | Релеватни институции и стручни лица | Во текот на учебната година | Едукација на наставниот кадар за заштита на менталното здравје на децата |
| Зајакнување на психолошката отпорност на детето во воспитно-образовниот процес | Планирање на содржини од ментално здравствената писменост во воспитно-образовниот процес | Стручна служба Стручни активи Стручни лица | Август | Превенција и поддршка на учениците и стекнување на знаења од ментално здравствената писменост |
| Формирање на тим за психолошки кризни интервенции | Покривање на потребите на децата за пружање на психолошка помош | Стручна служба Стручни лица | Септември, октомври | Зајакнување на заштитата на менталното здравје кај децата преку зајакнување на капацитетот и компетенциите на стручната служба |
| Вклучување на ученици во воннаставни активности од социјално ранлива категорија, ученици со потешкотии во развојот и однесувањето | Активно учество на учениците во спортски-рекреативни активности, работилници, изучување на странски јазици | Директор Училиште Општина | Во текот на учебната година | Намалување на социјалната исклученост на учениците, усволување на здрави навики и правилно користење на слободното време |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| Спречување на насилството и градење на култура на ненасилство и толеранција<br><br>Превенција, смалување и спречување на меѓуврсничкото насилство | Едукација на учениците преку предавања, работилници, вонаставни активности за превенција и спречување на насилството<br><br>Превентивни програми за поддршка на учениците жртви и учениците сторители на насилството | Стручна служба<br>Наставници<br>Родители<br><br>Стручна служба<br><br>Наставници<br>Родители | Во текот на учебната година | Подигнување на свеста кај учениците за превенција и спречување на насилството<br><br>Едукација и поддршка на учениците |
| Превенција на говорот на омраза кај децата | Едукација на учениците за елиминирање на говорот на омраза со акцент на користење на социјалните мрежи, преку предавања, работилници и обработување на содржини на одделенските часови | Стручна служба<br><br>Наставници<br>Родители | Во текот на учебната година | Сензибилизација на учениците за важноста од реакција во поглед на елиминација на говорот на омраза |
| Превенција од злоупотреба на супстанци на зависност, алкохол како и игри на среќа | Едукација на учениците преку предавања, работилници и воннаставни активности | Стручна служба<br>Наставници<br>Родители | Во текот на учебната година | Подигнување на свеста на учениците за превенција од злоупотреба на супстанци на зависност, алкохол како и игри на среќа |
| Зголемување на ученичката партиципација, одлучување и организирано ученичко учество во сите сегменти од работата на училиштето | Активно учество на ученичкиот парламент со давање на предлози, идеи за ученички иницијативи и нивна реализација | Директор<br>Стручна служба<br>Наставници | Во текот на учебната година | Поефикасно делување и учество на ученичкиот парламент во училиштето |
| Системска потпора на учениците за дигиталното опкружување<br><br>Унапредување на сигурноста и заштитата на децата на интернет и социјалните мрежи | Планирање на превентивни содржини насочени кон медиумската писменост<br><br>Едукација на учениците преку превентивни програми<br><br>Реализација на вонаставни активности со учениците | Директор<br>Ментор на училиштето<br>Новинарски клуб<br>Родители<br>Стручна служба<br><br>Наставници | Во текот на учебната година | Подигнување на свеста кај учениците за важноста на медиумската писменост и развој на вештини за поефикасно и сигурно користење на современите технологии, конзумирање на медиумските содржини, дигиталните услуги и платформи, како и активно учество во демократските процеси<br><br>Подигнување на степенот на знаења и свеста кај |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | | | | децата за опасностите на интернет<br><br>Заштиата на приватноста во контекст на користење на интернетот и социјалните мрежи |

# План на ученичките екскурзии на ООУ „Марко Цепенков “ - Зелениково во учебната 2026/2027 г.

| Реализација | Одделение | Времетраење | Времена изведување | Бројнаученици |
|---|---|---|---|---|
| Еднодневенесенскиизлет-Ајватовци | I-IX | 1 ден | септември /октомври | 289 |
| Еднодневенпролетенизлет-ПаркшумаГазиБаба | I-IX | 1 ден | мај | 289 |
| Еднодневна екскурзија-Пробиштип: МанастирГаврил Лесновски - с.Лесново | III | 1 ден | април / мај | 23 |
| Настава во природа-Охрид | V | 3 дена | април / мај | 28 |
| Дводневна екскурзија-Источна Македонија | VI | 2 дена | април / мај | 38 |
| Тридневна екскурзија-Западна Македонија | IX | 3 дена | септември/октомври или мај | 28 |

## КОДЕКС НА ОДНЕСУВАЊЕ НА УЧЕНИЦИ ЗА ВРЕМЕ НА УЧИЛИШНИТЕ ЕКСКУРЗИИ, ИЗЛЕТИ И ДРУГИ ВОНУЧИЛИШНИ АКТИВНОСТИ

- Ученикот треба задолжително да ги почитува законите на Република Северна Македонија
- Ученикот треба да биде совесен, одговорен, со должно почитување кон сите;
- Ученикот треба достојно да го претставуваат своето училиште, градот,
- Ученикот треба да соработува со наставниците, стручната служба и другите субјекти во училиштето;
- Ученикот треба да покаже почитување и толеранција кон другарите и наставниците;
- Ученикот не смее самоволно и без вистинска причина да ја напушти групата;
- Учениците треба да избегнуваат недолично однесување;
- Забрането е и казниво да се снима со мобилен телефон, да се снимаат ученици или пак тепачки помеѓу нив;

- Учениците не треба да носат премногу вредни предмети и повеќе пари, а доколку им се загубат одговорноста е нивна;
- Ученицитене треба да приговараат на опомените на наставници;
- Учениците не треба да користат вулгарни зборови кога комуницираат;
- Учениците треба да ги почитуваат правилата кои ги договориле со наставникот;
- Учениците не треба да носат предмети со кои би можеле да повредите други ученици;
- Ученикот треба да покаже толеранција кон соучениците во комуникацијата;
- Ученикот треба да ги чува ги своите предметии не посегнувај по туѓите;
- Ученикот треба да ги почитува различните од тебе;
- На ученикот му е забрането консумирање на алкохол и други недозволени супстанции,
- На ученикот му е забрането нарушување на јавниот ред и мир, насилно однесување и нанесување на материјална штета,
- Ученикот задолжително треба на родителот да му ги пренесува информациите по барање на наставникот;

# ПРОГРАМА ЗА ЕДНОДНЕВНА ЕКСКУРЗИЈА ЗА III ОДДЕЛЕНИЕ

**Време на реализација:** април/мај 2026/2027 година
**Место**:Пробиштип: Манастир- Гаврил Лесновски-с.Лесново
**Времетраење** Еден ден

| | |
|---|---|
| ***Одделение*** | *III одделение* |
| ***Воспитно – образовни цели*** | • *Запознавање и откривање на убавините на татковината Република Македонија;*<br>• *Изучување, истражување и проширување на знаења за карактеристиките и спецификите на објекти во околната и појави во природата*<br>• *Запознавање и проширување на знаења со постоечките културно-историски споменици;*<br>• *развивање интерес за природата и градење еколошки навики*<br>• *Развивање на позитивен однос кон националните, културните и естетските вредности;*<br>• *Да стекнат искуство за осамостојување и грижа за себе;*<br>• *Развивање на културни, хигиенски и еколошки навики и свест.*<br>• *Практикување на рекреативни активности-игри на* |

| | |
|---|---|
| | *отворено, прошетки, слушање на музика, игри за јакнење на меморија,внимание*<br>• *запознавање со културата и начинот на живеење на луѓето во овој крај;*<br>• *градење чувство за патриотизам, толеранција и соживот;*<br>• *развивање позитивен однос кон: националните, културните и естетските вредности;*<br>• *поттикнување и манифестирање на позитивни емоции;*<br>• *социјализација, колективна заштита и стекнување на искуство за осамостојување и грижа за себе;*<br>• *развивање интерес за спортски активности, рекреација и создавање навики за здраво живеење.* |
| ***Активности*** | ➢ *Посети, набљудување, слушање на предавања од страна на водичи и кустоси;*<br>➢ *Фотографирање на објектите и предмети во манастирот, собирање на разгледници од овој крај, сувенири;*<br>➢ *Разговор со кустоси, историчари и граѓани;*<br>➢ *Дискусија со учениците и наставниците;*<br>➢ *Подготовка за групно изложување на подготвените изработки со помош на одделенскиот наставник;*<br>*Изложување на изработките во училницата и во холот на училиштето* |
| ***Раководители*** | Катерина Симоновска, Љупка Продановска |
| ***Одговорни наставници*** | Катерина Симоновска, Љупка Продановска |
| ***Време на реализација*** | *Месец Април-Мај еднодневна екскурзија*<br>*Доколку временските услови не дозволуваат изведување на екскурзијата во предвидените месеци , истата може да се изведе и во друг период* |
| ***Следење на реализација*** | Се следи реализацијата на планираните активности од страна на одговорните наставници. Непосредно по реализирањето на екскурзијата, а во рок од 7 дена, стручниот тим поднесува извештај со оценка за реализацијата и квалитетот на дадените услуги. Извештајот го разгледуваат Наставничкиот совет и советот на родителите, а го усвојува Училишниот одбор. Доколку при |

| | |
|---|---|
| | разгледување на извештајот за реализација на екскурзијата се оцени дека извршителите на услугите не ги испочитувале договорените обврски, училиштето е должно за тоа да ја извести општината. |
| ***Локалитети за посета и правци за патување*** | *Насока на движење*<br>*Зелениково – Пробиштип - Зелениково*<br>*О.У. “Марко Цепенков” Зелениково*<br>*Локалитети за посета:* манастир „Гаврил Лесновски“-с.Лесново |
| ***Техничка организација*** | *Висококвалитетни, климатизирани, безбедни патнички автобуси, туристички водичи, лекар* |
| ***Начин на финансирање*** | *Самофинансирање од страна на родителите* |
| ***Забелешка*** | Заради малиот број на ученици од нашето училиште сме се соочувале со проблем агенцијата да не прифати да ја реализира екскурзијата. Во тој случај сме отворени агенцијата која ќе биде избрана на соодветен тендер да пронајде партнер училиште со ученици од трето одделение.<br>За сите промени кои ќе се случат навреме ќе бидат известени: одделенските раководители на паралелките, директорот на училиштето, стручната служба, советот на родители, учениците, родителите на учениците како и БРО .<br>За учениците кои не учествуваат во екскурзијата училиштето организира настава. |

Според Законот за основно образование (2019г) начинот на изведувањето на екскурзиите, излетите и другите вонучилишни активности ги утврдува министерот, по предлог на Бирото за развој на образованието. Врз основа на Концепцијата за воннаставни активности, Правилникот за начинот на изведување на екскурзиите, излетите и другитевонучилишни активности на учениците од основните училишта и Годишната програма за работа на ООУ,,Марко Цепенков“ - Зелениково за учебната 20262027 година, стручниот тим за подготовка на Програмата за екскурзии, излети идруги вонучилишни активности од *ООУ„МаркоЦепенков“ – Зелениковоизготви:*

## НАСТАВА ВО ПРИРОДА V ОДДЕЛЕНИЕ

***ПРОГРАМА ЗА ПЛАНИРАЊЕ И РЕАЛИЗИРАЊЕ НА НАСТАВА ВО ПРИРОДА***
***за учениците од Vодделение во учебната 2026/2027год***

| | |
|---|---|
| ***Планирана -*** | ***Настава во природа за учениците од Vодделение , април-мај 2027год.(споредвременскитеусловивремето на реалиацијаможе да се промени)*** |
| ***Воспитно – образовни цели*** | ✓ Да ги идентификува и почитува сите национални обележја на државата РС Македонија и да манифестира чувство на припадност кон државата;<br>✓ Да ги идентификува географските карактеристики на нашата држава и |

да ги поврзува со општествениот развој;
- ✓ Да ја раскаже и објасни историјата на сопствениот народ и на историите на другите народи кои живеат во нашата земја и во регионот, со своите посебности и во контекст на споделеното историско минато;
- ✓ Да ги идентификува разликите и сличностите меѓу сопствената култура и другите култури во своето потесно и пошироко опкружување и да ја анализира нивната поврзаност и меѓузависност;
- ✓ Да ги објаснува карактеристиките на природните и општествените средини и нивната поврзаност со организацијата на животот на луѓето;
- ✓ Да манифестира познавање на сопствената култура и на различните начини на нејзино изразување преку литературата и визуелните уметности, музиката и танците, градбите и другите културни продукти;
- ✓ Да ги изразува и пренесува своите мисли, чувства, информации и ставови во различни комуникациски ситуации, користистејќи различни форми на изразување
- ✓ Да користи информации од различни извори и медиуми и критички да пристапува кон нив, земајќи го предвид изворот, контекстот, целта и веродостојноста на презентираните информации.
- ✓ Применува етички начела при вреднување на правилното и погрешното во сопствените и туѓите постапки и да манифестира доблесни карактерни особини
- ✓ Да негува здрав животен стил кога се работи за сите сфери на живеење,вклучително навики во исхраната, спортски и рекреативни активности
- ✓ Да ги разбира разликите меѓу луѓето по која било основа

***Содржини/ опис на активности***

- ❖ Јазична писменост – активности на изразување,создавање и интерпретирање на чувства, факти и мислења во усна и различни писмени форми, со користење на визуелни, звучни/аудио и дигиталниматеријали во различни дисциплини и контексти.
- ✓ Математика и природни науки - оспособеност и подготвеност за користење наразлични математичко-логички начини на размислување и нумеричко и просторнопретставување при решавање проблеми од секојдневниот живот. Примена насознанијата и пристапи базирани на докази при објаснување на природните појави иподобрување на животот на луѓето, како и за разбирање на промените во природата штосе предизвикани од влијанието на активностите на луѓето врз околината.
- ✓ Историја и општество - познавањето и разбирање на себеси, за општеството, неговата историја и организација, како и на вештините и ставовите што треба даовозможат ученикот да се однесува демократски и одговорно во/вон училиштето и во иднинада биде одговорен граѓанин/граѓанка и мотивирано и активно да учествува во општествениот и граѓанскиот живот
- ✓ Уметничко изразување и култура - практикување активности од

област на намузиката, танцот, ликовната уметност, литературното творештво, дизајнирањето,изведбените уметности и слични активности кои водат до создавање продукти сокултурно-уметничка содржина или доживувања во интеракцијата со дела од културата

- ✓ Дигитална писменост - користење на ИКТ за достап доинформации, на умешно и ефективно користење за решавање проблеми, споделувањеидеи, комуникација и соработка во рамки на училиштето и животот вон училиштето, насоздавање дигитални содржини, како и на етичко и безбедно користење на дигиталнатехнологија во секојдневниот живот
- ✓ Личен и социјален развој - сопствено осознавање и развојна физичките, когнитивните, афективните и социјалните аспекти на добросостојбата. Формирање наактивни и одговорни личности кои се подготвени за справување со предизвиците на секојдневното живеење како поединец и како припадник на групи.

Конкретизација на содржините/актвностите

Прв ден:

1. Македонски јазик: Програмско подрачје - Јазик и комуникација - Препознава кога комуникацијата е на стандарден/ литературен јазик, а кога е на дијалект/народен говор и објаснува зошто. Ученикот слуша приказни/легенди кажани на различни дијалекти на македонскиот јазик и ги идентификуваат (запишуваат) зборовите што се акцентирани различно од правилото на стандардниот јазик. По секоја слушната приказна неколку ученици кажуваат по еден пример од идентификуваните зборови на дијалект, а други ги кажуваат на стандарден јазик
2. Математика: Т-5 Мерење - дискусија за подолгите временски периоди: година, деценија, век, милениум. Учениците дискутираат за настани кои се случиле: пред една година, пред една деценија, пред еден век, пред еден милениум
3. Историја и општество: - Т-3 - Историја и праисторија - Наставникот објаснува дека историјата се учи преку податоци за минатото од различни извори кои може да бидат материјални и пишани. Учениците набљудуваат познати археолошки наоѓалишта и обележја од богатото културно наследство на територијата на нашата држава, ги лоцираат временски и просторно.
4. *Музичко образование – Т-1Слушаме музика*- Преку аудио/видео снимки наставникот демонстрира различни изведби (вокални, инструментални и вокално-инструментални групи и состави) од различни жанрови (класични, народни, поп, рок, рап, латино, техно); учениците ги идентификуваат слушно и визуелно музичките состави и жанрови.
5. Други активности:
   - ~ Креира едноставни прашања за спроведување интервју,

користи едноставни начини за верификување на информации и фотографии од интернет.

- ~ Во дневник со активности опшуваат настан од минатото користејќи усни извори – сеќавања на постарите жители/кустоси/свештени лица.
- ~ Учениците ги користат мобилните телефони за одговарање на прашања (на пример: историска мапа; фотографија на лице или настан од минатото; археолошка ископина, како на пример: монета или друг предмет; писмо или друг документ од минатото. Во презентацијата може да вметнат и усни извори – сеќавања на постарите жители како поткрепа на визуелните извори од поблиското минато. Секоја група го презентира подготвеното пред другите.

Втор ден:

1. *Физичко и здавствено образование – Т-2 -Гимнастика, ритмика и танци- Изведува комплекс вежби за обликување на целото тело во различни ставови и положби.*
2. Македонски јазик: Програмско подрачје - Литература и творење – Усно (писмено)опишува ликови, пејзажи, појави, објекти (реални и измислени). Раскажува настан од сопствено доживување
3. Математика: Т-5 - *Работа со податоци* – планира и реализира истражувања на прашања од секојдневен контекст; ја проценува можноста да се случи одреден настан поврзан со даден експеримент(активности)Учениците, поделени во групи, запишуваат прашања кои би сакале да ги истражуваат. Потоа од листата на прашања со консензус избираат прашање за кое ќе изработат план за истражување и го реализираат. Секоја група ученици има можност да ги собира, организира, средува и да ги претстави податоците, а потоа учениците од секоја група треба да бидат подготвени да одговорат на поставени прашања од другите ученици по нивното презентирање
4. Историја и општество – Т-3 Историја и праисторија- Секое одделно наоѓалиште учениците го набљудуваат. Потоа, поделени во групи, во дневникот со активности опишуваат што виделе и тоа го споделуваат пред сите, а наставникот укажува на значењето на самото наоѓалиште. Следно, учениците во истите групи самите истражуваат, користејќи дигитални алатки, каде се наоѓа и од кога потекнува и наодите ги презентираат пред сите. Истата постапка се повторува за секое наоѓалиште одделно. На крајот секое наоѓалиште го лоцираат на географска карта и на временска лента. Во презентацијата може да вметнат и усни извори – сеќавања на постарите жители како поткрепа на визуелните извори од поблиското

минато. Секоја група го презентира подготвеното пред другите.

5. Други активности
   - ~ Ги изразува и пренесува своите мисли, чувства, информации и ставови во различни комуникациски ситуации, користистејќи различни форми на изразување преку визуелни уметности, музиката и танците
   - ~ Спортски игри -учениците изведуваат игри во слободен простор
   - ~ Игра - Подиум за танцување - Учениците изведуваат движења со нозете и рацете, следејќи ја музиката од различни жанрови (класични, народни, поп, рок, рап, латино, техно)

Трет ден:

1. *Македонски јазик* –Програмско подрачје - Литература и творење - Опишува ликови, пејзажи, појави, објекти (реални и измислени). Раскажува настан од сопствено доживување. Во дневник на активности креира текстови со едноставни композициски структури на дадена тема, почитувајќи го правилото за воведен, главен и завршен дел од текстот и следејќи ги правописните и граматичките правила.
2. Историја и општество – Т-3 - *Историја и праисторија* - разликува како се дели минатото на човештвото на два големи временски периоди - праисторија и историја. Набљудува примери на познати археолошки наоѓалишта на територијата на нашата држава и ги лоцира временски и просторно. Опишуваат што виделе и тоа го споделуваат пред сите, а наставникот укажува на значењето на самото наоѓалиште. Учениците од стручно лице осознаваат од кога потекнува и наодите и ги запишуваат. Во дневникот на активности, секое наоѓалиште го лоцираат на географска карта и на временска лента. Во презентацијата може да вметнат и усни извори – сеќавања на постарите жители како поткрепа на визуелните извори од поблиското минато. Секоја група го презентира подготвеното пред другите.
3. Ликовно образование – Т-3*Пластично обликување и градење* - Учениците моделираат композиција од различни геометриски форми или слободни форми на глинена плоча со помош на додавање на материјал или длабење на подлогата. Од наставникот добиваат насока да создадат релјефна композиција во која ќе се препознаат основните елементи (испакнато/вдлабнато, аглесто/валчесто...).
4. Математика: Т-5 -*Работа со податоци* – планира и реализира истражувања на прашања од секојдневен контекст; ја

проценува можноста да се случи одреден настан поврзан со даден експеримент(активности)Учениците, поделени во групи, запишуваат прашања кои би сакале да ги истражуваат. Потоа од листата на прашања со консензус избираат прашање за кое ќе изработат план за истражување и го реализираат. Секоја група ученици има можност да ги собира, организира, средува и да ги претстави податоците, а потоа учениците од секоја група треба да бидат подготвени да одговорат на поставени прашања од другите ученици по нивното презентирање

5. Други активности:
   - ~ *Слушаме музика* -различни изведби (вокални, инструментални и вокално-инструментални групи и состави) од различни жанрови (класични, народни, поп, рок, рап, латино, техно
   - ~ *Учениците и*зведуваат комплекс вежби за обликување на целото тело во различни ставови и положби. Спортски игри во слободен простор
   - ~ Учениците сликаат мотив - пејсаж со користење на ликовните елементи боја (топли бои) и простор, а како материјал употребуваат темпера. Наставникот ги насочува да создадат композиција со нагласување на надворешниот простор.

***Раководител Одговорни наставници, ученици***

*Раководители - одделенски наставници од Vодд.*
*Наташа Лазова Анчевска и Даниела Јовановска.*

- ✓ Наставата во природа се изведува во согласност од најмалку 50% од родителите на учениците во одделението.
- ✓ За учениците кои не одат на настава во природа училиштето организира настава во училиштето.
- ✓ За учениците кои од економски причини не можат да учествуваат на настава во природа, директорот може да обезбеди нивно учество преку сопствени извори, донации, спонзорства и други извори

***Време на реализација***

*Април-Мај 2027год. - Тродневна настава во природа*
Наставата во природа се организира со ученици од Vодд.завреме на воспитно-образовната работа, во тековната 2026/27год.

***Следење на реализација***

-Училиштето врши идентификување на формите на насилство, дискриминација и спроведува разговори, со ученици, родители, наставници, спроведува педагошки мерки.

# ПРОГРАМА ЗА ЗАШТИТА И СПАСУВАЊЕ ОД ЕЛЕМЕНТАРНИ НЕПОГОДИ

***Цели:***

- Запознавање со видовите природни непогоди-пожар, поплава, земјотрес и слично.
- Пошироко , посеопфатно и поосмислено воспитно делување врз учениците во смисла на подготовка,превенција,заштита и соработка во услови на елементарни непогоди,незгоди и несреќи во домот, училиштето и блиската околина.
- Следење и поттикнување на интересот на учениците за заштита и адекватно реагирање и акција во услови на непосредна загрозеност од поплави, пожари, аерозагадување и сл.
- Учениците учествуваат во ублажувањето на последиците од елементарните непогоди и опасности...

***Општи цели:***

- Оспособување и обука на учениците, наставниците за активна партиципација, организирано да дејствуваат кон спречување и намалување на последиците од елементарни непогоди, несреќи и природни катастрофи.

***Очекувани резултати:***

Учениците да бидат:

- свесни за својата улога во отстранувањето на причините за појава на елементарни непогоди, несреќи и природни катастрофи и оспособени за активно учество во намалувањето на последиците од истите и да се вклучат колективните форми на заштита.
- негување култура на мобилност и спремност за адекватно делување во услови на ризик и опасност од нив како и стратегија и култура на живеење.

Наставниците и учениците:

- да ги прошират и продлабочат своите сознанија за елементарните непогоди и природни катастрофи;
- да се актуелизираат проблемите пред учениците и оспособат за заштита од опасностите;
- преку организирана обука да се реализираат целите:
- да се мотивираат учениците и го поттикнуваат нивниот интерес за елементарните непогоди и природните катастрофи (причини, видови опасности, постапки за заштита и намалување на последиците);
- да се создаваат наставни ситуации (симулирани процеси и постапки на опасност) преку кои учениците ќе стекнат вештини и умешност на адекватно однесување за лична, колективна и масовна заштита од опасности;
- да организираат престој во училиштето и разговор со учениците на стручни лица, сведоци на природни катастрофи, научни работници и сл.

- да осмислат игри и симулации преку кои учениците ќе се соочат со опасности и ќе се обидат организирано да се заштитат од нивните последици;-да ги вреднуваат ефектите.

**Ученици**

Преку остварени активности учениците индиректно можат:

- Да ги осознаат основните факти и стекнат информации за начините на настанување на елементарните непогоди, несреќи и природни катастрофи;
- да се информираат за видовите природни катастрофи;
- да се запознаат со изворите на опасностиво домот,поблиската и поширокатa околина;
- да се запознаат со причините и можните последици од настанатите непогоди;
- да умеат да се заштитат од последиците на природните катастрофи;
- да се оспособат да негуваат култура и стекнат вештини за дејствување пред и по настанувањето на непогодите;
- да умеат да дејствуваат превентивно во својата околина;
- да бидат подготвени за сфаќање на условите и опстанокот во ситуации на опасност од природна катастрофа итн.

**Други субјекти**

Дел од специфичните цели се условени од активностите на директорите, училишните педагози и психолози и родителите на учениците чија улога ја согледнуваме во следново:

- да се запознаат со целите и содржините на овој проект;
- да се создаваат услови за реализација на проектот;
- да соработуваат со наставниците и учествуваат во планирањето и реализацијата на содржините на проектот;
- да пренесуваат искуства и нудат идеи за поуспешна реализација на проектните активности и сл.

| Планирана програмска активност | Време на реализација | Реализатор | Извори/ресурси | Очекувани ефекти |
|---|---|---|---|---|
| Подготовка на Програмата за работа | Јули-август 2026 г. | Штаб за цивилна заштита и спасување | Стручна литература,скица | Подготвена програма |
| Правилник за пропишани сигнали за различни видови опасност (несреќа-пожар,поплава,земјотрес и други видови опасност) | Септември 2026 г. | Штаб за цивилна заштита и спасување | Закон за заштита и спасување | Изготвен е правилник за пропишани синглани за различни видови |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| Едукација на вработените и училиштето за заштита,спасување и помош во случај на елементарни непогоди | Октомври-ноември 2026 г. | Штаб за цивилна заштита и спасување | Стучна литература и план за заштита и спасување | Правилно реагирање постапување за време на елементарни непогоди |
| Препознавање на видовите опасност преку различни сигнали на звонење | Ноември 2026 г. | Штаб за цивилна заштита и спасување | Училишно звоно, систем за набљудување | Препознавање назнаки брза реакција во случај на елементарна непогоди |
| Едукација на вработените за постапка во случај на елементарни непогоди и несреќи | Декември 2026 г. | ЦУК | Материјал за презентација | Правилно и навремено реагирање во случај на незгода |
| Вежбовна активност на тимот за прва медицинска помош во соработка со Црвен Крст | Март 2027г. | Штаб за цивилна заштита и спасување и Црвен крст | Средства за прва помош (санитетски материјал) | Правилно и навремено реагирање во случај на незгода |
| Вежбовна активност за постапување во случај на непогода и несреќа во соработка со ЦУК | Март 2027 г. | ЦУК | Против пожарен апарат ППА, Презентација,стручна литература | Правилно и навремено реагирање во случај на незгода |
| Евалуација на спроведените активности | Мај 2027 г. | Тим за заштита и спасување | Програма за заштита и спасувањепри елемент. непогоди | Реализирање на програмата и активностите за заштита |

## ПЛАН ЗА ЕСТЕТСКО И ФУНКЦИОНАЛНО УРЕДУВАЊЕ НА ПРОСТОРОТ И ОПКРУЖУВАЊЕТО НА УЧИЛИШТЕТО

Тргнувајќи од организациската поставеност во училиштето, една од задачите ќе биде и естетското уредување на училишните простории во согласност со потребите на учениците, наставниците и родителите. Целта на тимот е да се согледаат потребите и да се реализираат зацртаните задачи. Тимот за естетско уредување на училиштето се грижи за уредување на училишните холови во текот на целата учебна година и секако во согласност со годишните времиња, важни настани, празници, МИМО и ЕКО активности, натпревари и слично.

| Задача | Планирана програмска активност | Време на реализација | Реализатор | Ресурси | Очекувани резултати | Одговорно лице за следење на активноста |
|---|---|---|---|---|---|---|
| **Уредување и одржување на училишниот хол** | Поставување на паноа, хамери,информатори во училишниот хол | септември декември март април јуни | Ученици и наставници од одделенска и предметна настава | Паноа, флаери, хамери | Развивање на чувство на позитивна училишна клима и информирање на ученицитеи родителите | Жаклина Бошковиќ Наташа Лазова Анчевска |
| **Хуманитарно собирна акција за одбележување на детската недела** | Собирање на облека за дечињата од социјално загрозени семејства | октомври | Ученици и наставници од одделенска и предметна настава | Сочувана облека,обувки, училишен прибор, ќеси | Да се развива кај учениците свеста за хуманост и взаемно помагање | Сања Кузмановска, Наташа Лазова Анчевска |
| **Собирна акција** | Собирање на стара хартија | ноември | Ученици, родители и наст. од одд. и пред.настава | Стари весници, книги,списанија и сл | Да се формираат навики кај учениците за собирање на материјали кои можат да се рециклираат | Класни раководители |
| **Собирна акција** | Собирање на пластични шишиња | септември-јуни | Ученици, родители и наставници од одделенска и предметна настава | Пластични шишиња | Да се формираат навики кај учениците за собирање на материјали кои можат да се рециклираат со цел заштита на животната средина | Одделенски раководители |
| **Хуманитарно собирна акција во соработка со Црвениот крст** | Собирање на парични средства | тековно | Ученици, родители и наставници од одделенска и предметна настава | Касичка за пари | Да се поттикнува свеста за хуманост и солидарност кај учениците, поголем интерес за доброволен прилог | Сања Кузмановска |
| **Еколошки активности по повод Ден на екологија** | Еколошки активности по повод Ден на екологија Садење на локални | ноември март | Ученици и наставници од одделенска и | Алат, садници, ракавици, кеси и сл | Да се развива свеста кај учениците за екологија и учество во | Сања Кузмановска Игор Велков Наташа |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | цвеќиња и зим.садници | | предм.настава | | работни акции | Лазова Анчевска |
| **Новогодишен базар** | Изработка на разни новогодишни украси,честиткии др | декември | Ученици, родители и наставници од одделенска и предметна настава | Новогодишни украси | Развивање на позитивно новогодишно расположение и дружење.Собирање финансиски средства за потребите на училиштето | Одделенски раководители и претседатели на активи |
| **Пролетен базар** | Изработка и промовирање на рачно изработените украси, бојадисување и декорирање на истите (работилница со родители) | април | Ученици, родители и наставници од одделенска и предметна настава | Украсни предмети | Развивање на позитивно расположение дружење. Собирање финансиски средства за потребите на училиштето | Одделенски раководители и претседатели на активи |
| **Еколошки активности по повод „Денот на планетата Земја„** | Еколошки активности по повод „Денот на планетата Земја„ | април | Ученици, родители и наставници | Алат, садници, ракавици, кеси и сл | Да се подигне свеста кај учениците за чување на земјата од загадување и други штетни влијанија | Одд.раководители |

# КОДЕКС НА ОДНЕСУВАЊЕ

## ОУ „Марко Цепенков“ - Зелениково

Со цел да се подобри учењето и постигнувањето на учениците во нашето училиште, нашето училиште ќе го применува етичкиот кодекс, почитувајќи ги следните принципи:

- **Почитување** (грижа, разбирање на другиот)
- **Демократичност** (можност секој подеднакво да изнесе свое мислење
- **Чесност** (фер постапување, зборување на вистината)
- **Праведност** (еднаков однос кон сите)
- **Интегритет** (почитување на системот на вредности, еднаквост на поучувањето и објективност на оценката)
- **Храброст** (да се спротивстави на неправичноста)

## ОБВРСКИ НА УЧЕНИЦИТЕ

**За добивање појасна слика на ученикот, кој е субјект во воспитно-образовниот процес, односно за неговата положба и улога во училиштето и општествената средина, ученикот се упатува на овој Кодекс, за да ги знае своите права, обврски, должности и одговорности:**

-Ученикот е должен во училиштето да доаѓа на време;

-Ученикот е должен во училиштето да доаѓа во уредна и пристојна облека, со пристојна фризура, чист и со потребен прибор за работа на часот;

-За време на наставата ученикот да не носи со себе вредни предмети (накит, поголема сума на пари). За губење на вакви предмети училиштето не сноси одговорност.

-Строго се забранува носење/користење на мобилен телефон за време на престојот во училиштето, во спротивно ќе биде одземен и вратен на родителот.

-Ученикот не смее без одобрување на наставникот да го напушти часот и да се задржува во санитарните простории и во ходниците;

-Ученикот е должен да се однесува пристојно и со почит кон наставно-воспитниот, административниот и помошниот персонал на училиштето;

-Забрането е ученикот да користи вулгарни и навредливи зборови и агресивно да се однесува кон соучениците, наставниците и сите вработени во училиштето;

-Во негување на угледот и достоинството на ликот на ученикот и училиштето, ученикот е должен да се грижи и придонесува за градење и развивање на позитивни и коректни односи со своите соученици;

-Се забранува употреба на цигари и други супстанци штетни по здравјето на учениците;

-На учениците не им е дозволено влегување во наставничката канцеларија без дозвола на наставник;

-Учениците се должни да го негуваат редот, дисциплината и хигиената во училницата, училиштето и надвор од него;

-Учениците треба да обрнат посебно внимание на изгледот и личната хигиена, воедно и хигиената на просторот во кој престојуваат, особено заради опасност од инфекции и заразни болести;

-Се забранува фрлање на отпадоци во училниците, по ходниците и во училишниот двор; истите треба да се фрлаат во корпи за отпадоци;

-Учениците се должни да го чуваат инвентарот (клупи, столчиња, шкафови) и наставно-нагледните средства;

-Учениците треба да го чуваат и негуваат зеленилото во училиштето и надвор од него;

-Ученикот ќе ја надомести секоја материјална штета и за него ќе биде изречена педагошко-дисциплинска мерка. Доколку сторителот не се открие, штетата ќе ја надоместат сите ученици од паралелката;

-Дежурните ученици во паралелката треба да се грижат за редот, дисциплината и хигиената во училницата, да ги пријавуваат отсутните ученици и да информираат за сите други појави;

-По завршувањето на часот учениците излегуваат од училницата во присуство на наставникот, кој излегува после нив, со претходен увид во состојбата на училницата;

-Учениците имаат должност да го штитат и подигаат авторитетот на училиштето;

**Секој ученик се обврзува да го почитува и спроведува овој Кодекс**.

**За непочитување и прекршување на Кодексот одговорен е лично ученикот и кон него училиштето презема соодветни воспитни мерки, во согласност со Законот за основно образование:**

**1. Усна и писмена опомена; укор**
**2. Намалување на поведението**
**3. Преместување на ученикот во друга паралелка**
**4. Преместување на ученикот во друго училиште.**

## НАСТАВНИКОТ И УЧЕНИКОТ

**Наставникот е должен:**

-да ги почнува часовите навреме;

-со целокупниот изглед (облека, фризура, шминка) да го чува достоинството на професијата и да им дава пример на учениците;

-да ја почитува личноста на секој ученик;

-професионално и чесно да се однесува кон секој ученик;

-да не ги дискриминира учениците по ниту еден основ (родов, верски, национален, социјален);

-да создава клима на соработка и доверба на часовите;

-да верува дека секој ученик може да научи и должен е на секој ученик тоа да му го овозможи;

-секогаш да ги поттикнува самостојноста во размислувањето, критичката мисла и креативните способности на ученикот;

-да го учи ученикот како да учи;

-да го оценува знаењето на ученикот објективно и јавно;

-да бара ученикот навремено и квалитетно да ги извршува своите задачи и тоа редовно да го следи и вреднува;

-никогаш да не го казнува ученикот физички и психички;

-да организира воннаставни активности преку кои ученикот ќе ги развива своите таленти;

-да им помага на учениците кои заостануваат во совладувањето на наставата;

-да бара од учениците уредно, пристојно и дисциплинирано однесување, а на секој вид девијантно однесување во училницата или надвор од неа да реагира соодветно;

-со своето однесување да биде пример за учениците (да биде точен, да не користи мобилен телефон за време на часовте, да се држи и однесува пристојно);

-да го сослуша секој ученик кој ќе му се обрати за помош во решавање на лични проблеми, да му помогне или да го упати за стручна помош во училиштето;

-личните проблеми на учениците да ги чува во дискреција и да ги сподели само со лица кои можат и треба да помогнат (стручна служба, директор, родители, засегнати колеги);

**Секој наставник се обврзува да го почитува и спроведува овој Кодекс**.

## НАСТАВНИКОТ И РОДИТЕЛОТ

**Наставникот треба да биде во постојана комуникација со родителот.**

**Должен е:**

-навремено да го повикува;

-да го известува;

-да му ја кажува вистината;

-да бара соработка и родителски ангажман;

-да упатува на помош од компетентни лица;

-да одговори на прашањата на родителот;

-да понуди совет и начин на решавање на проблемот;

-да не прима лични подароци од родителите.

**Родителот треба да ги почитува достоинството, стручноста и компетентноста на наставникот.**

-да соработува со наставникот во решавање на проблемите и потешкотиите на своето дете;

-да бара помош и соработка од наставникот и училишната стручна служба (педагог, психолог);

-да верува во добронамерноста и објективноста на наставникот;

-да го воспитува и упатува своето дете кон правилно однесување кон учењето, наставата, наставниците, соучениците и училиштето воопшто;

-да не биде агресивен и да не се заканува на соучениците, наставниците и сите други вработени во училиштето;

-да не нуди подароци на вработените во училиштето.

## Професионален развој на воспитно-образовниот кадар

| Компетенции | Тема | Носител | Очекувани исходи | Форма на проф.раз. | Потреб. ресурси | учесници | Улога на учес. | Време на реализ. |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Создавање стимулативна средина за учење | Платформи за online учење<br>ИКТ наставата според новоздадените услови (онлајн настава) | Надворешен провајдер | Повисок квалитет на организирање на далечинско учење | Обука во Училиштето | ЛЦД Компј. табла | Сите наставници од одд.и предм.наст стручни сор. | 2 презентери учесници | август |
| Поучување и учење | 1.Формирање валидни и објективни сумативни оценки при online наставата | БРО | Оценување според однапред утврдени стандарди од МОН и БРО | Избран провајдер | ЛЦД Компјут. Хартија | Наставни-ци од предметна и одд. настава | учесници | септември и октомври |

| | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | **2. Примена на современи алатки, методи и техники, стратегии приonlineучење** | Обука во училиштето | Поголема мотивираност на учениците и постигнување повисоки резултати | Размена на искуства на ниво на стручни активи | ЛЦД проектор компјут. хартија | Стр.сор. наставници од одд. и предм.нас | Согласно програмата на Стручните активи | Според временската рамка определено во прог.на стр.активи |
| **Социјална и образовна инклузија** | **Унапредување на вештините за реализирање на инклузивната настава** | Надворешен провајдер | Развивање начини за вклучување на учениците во заеднички активности со претставници од локалната заедница | Надво-решна обука | Планирани средства за посета на обуката | 10 наставн. Стручни сораб. | учесници | јануари-февруари |
| **Комуникација и соработка со семејството и заедницата** | **Обука за развивање партнерски однос со родител - вештини за комуникациј** | Надворешен провајдер | Нови идеи и начини за поттикнување едукација на учениците и родителите за проблеми поврзани со локалната заедница | Надво-решна обука | ЛЦД компјутер | Наставници од одд. настава | учесници | Септември |

| | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | **а** | | | | | | | |
| **Професионална развој и професионал-на соработка** | 1. Изготвување на акциони истражувања<br>2. Примена на новини во воспитно-образовниот процес<br>3. Размена на искуства по подрачја<br>3. Учество на сите организирани обуки и семинари од страна на образовни институции и МОН | БРО | Повисок квалитет во воспитно-образовниот процес;<br><br>Зголемена мотивација кај учениците за учење и повисоко ниво на постигнувања | Училиш-те<br><br>Индиви-дуална форма<br><br>Надво-решна форма | Според Активн ос-тите | Воспитно-образовен кадар | Учесници и реализа-тори согласно Програ-мата на стручните активи | Во текот на учебната година |

## Програма за јавна и културна дејност

Тим за изработа на програмата: Александар Крстевски,Сања Соларова Андова, Горан Кошчицовски, Маја Божиноски, Силвана Велинова, Антоанета Мишева, Даниела Јовановска ,Кристина Велкова

| Активност | Носители | Одговорно лице | Време на реализација |
|---|---|---|---|
| Свечен прием на првачињата | Одделенски наставници од I одд. | Македонка Стојаноска, Деспина Грнчаровска,Ала Фата | 01.09.2026год. |
| Одбележување на Денот на независноста на Република Македонија | Одделенски наставници по историја | Антоанета Мишевска Нељми Демири | 06.09.2026год. |
| Одбележување на денот на таткото | Одделенски наставници | одделенски наставници | втора половина на септември |
| Одбележување на европскиот ден на јазиците-“Ако сакаш да имаш пријатели БИДИ ПРИЈАТЕЛ” | Одделенски наставници по англиски и македонски јазик | Маја Божиноски,Ветон Алил Силвана Велинова | 26.09.2026год. |
| Одбележување на Светскиот ден на учителот | Одделенски наставници по македонски јазик и одделенска настава | Сања Соларова Андова,Горан Кошчицовски | 04.10.2026 год. |
| Одбележување на Детската недела | Одделенска настава | Македонка Стојаноска, Деспина Грнчаровска,Ала Фата, | 07.10-11.10.2026год. |
| Прием на првачињата во Детската организација-јавен настап | Одделнска настава | Македонка Стојаноска, Деспина Грнчаровска | октомври 2026 год. |
| Одбележување на 11 Октомври | Одделенски наставници по историја | Антоанета Мишевска | 10.10.2026год. |
| Месец на книгата | Одделенски наставници по македонски јазик | Библиотекар, наставници по македонски јазик | октомври 2026 год. |
| Одбележување на Денот на македонската револуционерна борба | Одделенски наставници по историја | Антоанета Мишевска | 22.10.2026 год. |
| Одбележување на Денот на ООН | Одделенски наставници по географија | Ленче Павиќевиќ | 25.10.2026 год. |
| Есенска изработка на детски ликовни креации на тема Есен-изложба | Одделенска настава | Одд.наставници, | 21.11.2026 год. |
| Јавен настап на тема Есен | Одделенска настава-V одд. | Љутви Бекири, Даниела Јовановска | ноември 2026 год. |
| Недела на толеранција | Предметна настава | Силвана Велинова | 11.11-15.11.2026год. |
| Свечен прием на првачињата во подмладокот на Црвен крст | Одделенска настава | Македонка Стојаноска, Деспина Грнчаровска | 29.11.2026 год. |

| | | | |
|---|---|---|---|
| Одбележување на Денот на ослободување на Скопје | Одделенски наставници по историја | Антоанета Мишевска | 13.11.2026 год. |
| Учество на фестивалот Златно славејче 2026 | Одделенски наставници | Даниела Јованоска,Весна Стојковска | ноември 2026год. |
| Осми декември-Св.Климент Охридски | Одделенски наставници по историја и македонски јазик | Одделенски наставници по историја и македонски јазик | 06.12.2026 год. |
| Новогодишна приредба-јавен настап | Одделенски наставници | Одделенски наставници и македонски јазик | декември 2026 год. |
| Одбележување на Патрониот празник на училиштето | Одделенски и предметни наставници | Одделенски наставници , наставник по музичко и наставници по македонски јазик | Ноември 2026 год. |
| Одбележување на Денот на мајките, Светски ден на жената | Одделенски наставници по англиски јазик,јазик | одд. наставници и Одделенски наставници по англиски јазик,германски јазик | март 2027 год. |
| Одбележување на Денот на екологија | Одделенски наставници-I одделение,предметна настава | Игор Велков | март/април 2027 год. |
| Априлијада-Дефиле на маски | Предметна настава,одделенска настава | Весна Стојковска,Александар Мирчевски | април 2027 год. |
| Одбележување на Меѓународниот ден на детската книга | Одделенски наставници по македонски јазик | Љупка Продановска | април 2027год. |
| Посета на Саемот на книгата | Библиотекарска секција,предметна настава,одделенска настава | библиотекар, Сања Соларова Андовска,Горан Кошчицовски | април 2027 год. |
| Пролетен хепенинг | Предметна настава,одделенска настава | Даниела Јовановска, Наташа Лазова Анчевска | април- 2027 год. |
| Историски час посветен на Гоце Делчев | Предметна настава-историја | наставник по историја | 04.05.2027 год. |
| Одбележување на Ѓурѓовден-празник на општината | Одделенска настава-одд. | Весна Митрички | 06.05.2027 год. |
| Одбележување на Денот на обединета Европа | Одделенски наставници-географија | Ленче Павиќевиќ, Антоанета Мишевска, одд.наставници | 08.05.2027 год. |
| Одбележување на денот на словенските просветители-24 Мај | Предметна настава,одделенска настава | Бибиотекар, наставници по македонски јазик | 22.05.2027 год. |
| -Посета на театарски претстави, кино, музеи,изложби и други јавни и културни манифестации.<br>-Учество во средства за јавно информирање;<br>-Учество на јавни и културни манифестации на ниво на општина,град | Предметна настава,одделенска настава,подрачно | Одделенски наставници од I-IX одд. | септември 2026<br>јуни 2027 год. |

| | | | |
|---|---|---|---|
| и пошироко | | | |

## Програма за работа на Детска организација

# ГОДИШНА ПРОГРАМА ЗА РАБОТА НА ДЕТСКАТА ОРГАНИЗАЦИЈА
# Учебна година 2026/2027

**Цел:** Работата на Детската организација ќе биде насочена кон активно учество на учениците во животот на училиштето, развивање на демократски вредности, детски права и обврски, креативност, хуманост, еколошка свест и здрави животни навики.

| Подрачје | Активности | Цели | Носители | Време |
|---|---|---|---|---|
| Организација | Прием на учениците; 8 Септември | Одбележување на почетокот на учебната година и Денот на независноста; развивање чувство на припадност и патриотизам. | Одделенски наставници, ученици, стручна служба | Септември |
| Детска организација | Детска недела; прием на првачиња; 11 Октомври; патронен празник; ученички забави; изложби; работилници | Запознавање со детските права и обврски; развивање креативност, соработка, социјализација, мултиетничка интеграција и активно учество во животот на училиштето. | Одделенски наставници, ученици, библиотекар, родители | Окт.–јуни |
| Проекти | МВР; ЕКО-проекти; Генералка викенд; хуманитарни акции; МИМО | Развивање сообраќајна култура, еколошка свест, хуманост, солидарност, соживот и меѓуетничка интеграција. | Наставници, ученици, партнери | Тековно |
| Афирмирање | Натпревари по англиски јазик, математика, природни науки; ликовни и литературни конкурси; квизови | Развивање знаења, креативност, натпреварувачки дух и афирмација на учениците и училиштето. | Наставници, ученици | Според календар |
| Здравје | Систематски прегледи; предавања; спортски активности; здрава исхрана; прошетки | Грижа за здравјето, развивање здрави животни навики и психофизички развој. | Наставници, медицински лица | Тековно |
| Посети | Посета на институции, јавни објекти, кино, театар, балет | Запознавање со институциите, културните вредности. | Наставници, ученици | Според план |
| Набљудување | Развивање истражувачки дух и грижа за природата | Запознавање со непосредната околина. | Наставници, ученици | Според годишните планирања |

Наставници Македонка Стојаноска и Деспина Грнчаревска

*** Програмата со активности може да претрпи измени и дополнувања во текот на учебната година**

**УЧЕНИЧКО ОРГАНИЗИРАЊЕ - Демократска партиципација на учениците**

Организирано остварување на интересите на учениците во основното училиште, учениците се организираат во **Заедница на паралелка и Ученички парламент** со ученици од I-Iходд. Својата функција ја остваруваат во партнерство со стручната служба, преку промовирање на детските права (со помош на организирање едукативни работилници, дебати, инфо-денови итн.)и преку давање поддршка за заштита на детските права (со помош на регистрирање на прекршувањата на детските права и нивно проследување до стручната служба)Ученичкото организирање **- Заедница на паралелка** - треба да им овозможи на учениците да бидат вклучени на различни начини и на различни нивоа на одлучување за сите нешта кои нив ги засегаат во училиштето, во скоро сите домени од училишното живеење поврзани со: наставата, воннаставните активности, односите меѓу учениците и физичките услови во училиштето

Годишен план за работа на **Заедница на паралелка**

(*Акциски план на активности*)

| **Реден бр.** | **Активност** | **Временска рамка** | | | | | | | | | **Носители на активноста** | **Материјални/ човечки ресурси** |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | IX | X | XI | XII | I | II | III | IV | V | VI | |
| **1.Настава** | Едукација за Личен развој на учениците – Работилници, одделенски час | √ | √ | √ | √ | √ | √ | √ | √ | √ | √ | Ученици од I-Iходд Членови на училишно тело Одд.наставници Класни раководители | Прирачници за наменети за наставници и различни возрасни групи и одделенија (вклучувањето на сите засегнати страни во заедницата.) .https://www.bro.gov.mk/%D0%BF%D0%BE%D0%B4%D0%BA%D0%B0%D1%82%D0%B5%D0%B3%D0%BE%D1%80%D0%B8%D0%B8/?idcat=118&customposttype=izdanija_kategorii |
| | Унапредување на оценувањето МЦГО цртан филм – Совет https://youtu.be/wQwGG-5NOCM | | √ | | √ | | | | √ | | √ | Ученици од I-Iходд Членови на училишно тело Одд.наставници Класни раководители Стручна служба Родители/ старатели | Национални стандарди за постигањата на учениците до крајот на основното образование: https://www.bro.gov.mk/wp-content/uploads/2023/02/Nacionalni-%D0%A1%D0%A2%D0%90%D0%9D%D0%94%D0%90%D0%A0%D0%94%D0%98-%D1%83%D1%81%D0%B2%D0%BE%D0%B5%D0%BD%D0%B8.pdf Прирачник Подршка на учениците со потешкотии во учењето: http://www.mcgo.org.mk/pub/Priracnik_za_poddrska_na_ucenici_so_poteskotii_vo_ucenjeto_MK.pdf Формативно оценување кај ученици со потешкотии во учењето: https://www-mcgo-org-mk.translate.goog/pub/Formativno_ocenuvanje_kaj_ucenici_so_poteskotii_vo_ucenjeto_MK.pdf?_x_tr_sl=en&_x_tr_tl=mk&_x_tr_hl=mk&_x_tr_pto=sc Прирачник за советување на ученици и родители/стартели во основно образование: https://mon.gov.mk/stored/document/Programa%20za%20sovetuvanje%20na%20ucenici%20i%20roditeli-starateli.pdf |

| | | | | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | | | | | | | | | | |
| | Едукативни работилници за унапредување на здравјето<br><br>(систематски, стоматолошки прегледи, работилници за денот на храната, едукативна училишна програма „Always - едукативна училишна програма за пубертетот – Се што сакаш да знаеш за пубертетот“ по насоки од МОН | | √ | √ | | | | √ | √ | | Ученици од I-Ходд Здравствени институции Стручни лица Едукатори Стручна служба | Прирачник со превентивни вежби за `рбетниот столб и стапалата https://www.bro.gov.mk/wp-content/uploads/2018/09/Prirachnik-so-preventivni-vezbi.pdf<br>Прирачник Унапредување на здравјето https://www.bro.gov.mk/wp-content/uploads/2018/09/Prirachnik-Unapreduvanje-na-zdravjeto.pdf<br>Стучни лица, едукатори, наставник по физичко и здрав.образование |
| **2.Воннаставни активности** | Одбележување значајни денови во училиштето (по повод првиот училишен ден на првачињата, прием на првачи-њата во Детската организација, патронат,ариjада, приредби, манифестации, дефиле, маскенбали) | √ | √ | √ | | | | √ | | | Ученици од I-Ходд Одговорни наставници Стручна служба Родители | Концепција за воннаставни активности : https://www.bro.gov.mk/wp-content/uploads/2020/06/Koncepcija-za-vonnastavni-aktivnosti-2020-1.pdf<br>Одговорни наставници,ученици, бина |
| | Уредување на училишниот простор по повод празници (одбележување на светски, интернационални и денови | √ | √ | √ | √ | | √ | √ | √ | √ | √ | Одговорни наставници, ученички творби и изработки, училишно пано, бина |

| | | | | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | на училишето) | | | | | | | | | | Членови на училишно тело | |
| | Хумантарни акции за одбележување на значајни денови<br><br>(собирачки акции, донации, работилници и продажни базари) | | √ | | √ | | √ | √ | √ | | Одговорен наставник: Сања Кузмановска, Подмладокот на Црвен крст од нашето училиште, хуманитарни, општествено одговорни организации Членови на училишно тело, ученици, наставници, стручна служба родители, општествена заедница | Одговорни наставници, реквизити за работилници на Подмлеткари на Црвениот Крст при нашето училиште |
| | ЕКО активности во одбележување на значајни датуми преку акции во и надвор од училиштето, во соработка со локалната заедница и | √ | | | | | | √ | | | Одговорни наставници Членови на училишно тело, ученици | Еко календар, Прирачник „Зелен пакет“-Јуниор, локалната заедница, невладини организации |

| | | | | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | невладини организации | | | | | | | | | | родители, општествена заедница | |
| | Афирмирање на училиштето и учениците (конкурси, натпревари, квизови, медиуми, посети, хепенинзи, базари, гостување, спртски настани, натпревари) | | | √ | | | | √ | | | Одговорни наставници Членови на училишно тело, ученици родители, општествена заедница | Јавни, културни објекти и институции, социјални медиуми, стручно лице, едукатор, тренер, практичар или популарно лице, спортски центри, ФФМ |
| | Излети, екскурии, настава во природа (пролетен и есенски излет, екскурзија III, VI и IX, настава во природа Vодд.) | | √ | | | | | | √ | | Одговорни наставници Стручна служба Членови на училишно тело Ученици од I-IX Ученици III Ученици VI Ученици IX Ученици V | **Правилник за начинот на изведување на екскурзиите, излетите и другите вонучилишни активности на учениците од основните училишта: https://mon.gov.mk/download/?f=Pravilnik-za-ekskurzii-vo-osnovno-obrazovanie.pdf Важни региони од аспект на животната средина,природните ресурси и богатства на земјата, локалитети и објекти од културно-историско значење или за спортување, рекреација и дружење,** |
| **3.Однос и меѓу ученици** | Активности по повод одбележување на Детската недела – во насока на заштита на децата и остварување на нивните права Конвензија за правата на децата Прием на првачињата | √ | √ | | | | | | | | Ученици од I-Ходд Одговорни наставници, одд.наставници предметни наставници, стручна | -Водич за ученичко учество, ученичко организирање и заштита на детските права во основните училишта https://www.bro.gov.mk/wp-content/uploads/2020/02/Vodic-za-ucenicko-uchestvo-i-organiziranje_MK.pdf -Збирка работилници –Започни ја промената https://mk.mcgo.org.mk/wp-content/uploads/2022/07/workshop-collection-stc-2021-macedonian.pdf -Картички ДЕТСКИ ПРАВА https://www.living-democracy.com/pdf/mk/resources/childrens_rights_cards.pdf |

| | | | | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | во Детската организација<br><br>Избор на претседател и заменик/ претседател на заедницата на паралелката Избор на членови на училишно тело | | | | | | | | | | служба библиотекар, | |
| | Инклузивна училишна култура МЦГО видео: https://youtu.be/Bhj9wXi4L9U | | | | | | | | | | Ученици од I-Iходд Членови на училишно тело, стучна служба ученици Одд.наставници Класни раководители Членови на инклузивен тим, | Концепција за инклузивно образование: https://www.bro.gov.mk/wp-content/uploads/2021/09/Koncepcija-za-inkluzivno-obrazovanie-FINAL-za-pecat.pdf<br>Водич за работата на инклузивиот тим: http://www.mcgo.org.mk/pub/Vodic_za_rabota_ucilisen_inkluziven_tim_MK.pdf |
| | Активности за меѓуетничка Интеграција<br><br>Работилници со „мешани“ групи ученици, коишто учат на различни наставни јазици | | | √ | | √ | | | | | Ученици од I-I-ходд Членови на училишно тело,ученици и стручна служба Тим за МИМО | Практикум за мултикултурно учење: http://www.mcgo.org.mk/pub/Praktikum_za_multikulturno_ucenje_MK.pdf<br>Мултикутурни работилници за основно образование: https://www.google.com/url?sa=t&rct=j&q=&esrc=s&source=web&cd=&cad=rja&uact=8&ved=2ahUKEwid-vLk5O__AhUaavEDHZ2DCGoQFnoECBUQAQ&url=https%3A%2F%2Fwww.unicef.org%2Fnorthmacedonia%2Fmedia%2F2771%2Ffile%2FMK_EIE_MultiCultiWorkshopsSchools_2010_MK.pdf&usg=AOvVaw2mWfw8haC_NVgAEbtB-cZQ&opi=89978449<br>Упатство за заеднички наставни часови https://mk.mcgo.org.mk/wp-content/uploads/2022/01/Upatstvo-za-realizacija-na-zaednicki-nastavni-casovi_MKD_digitalna-verzija.pdf<br>-40 Спортски активности и забавни игри за интегрирање на децата и младите https://1drv.ms/b/s!AkHn2pJABbFzbR5-3Ad9O-aVAmg |

| | | | | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | | | | | | | | | | |
| | Како се спроведуваат ученички иницијативи? https://youtu.be/PEVrUxBMepM (проектни активности иници-рани од страна на самото училиште, од ученички иницијативи, во соработка со други училишта и организации и да бидат ограничени на локално или на државно ниво, но може да имаат и меѓународен карактер. Може да бидат иницирани од страна на образовните институции, од општината, од меѓународни организации/ донатори и евентуално да бидат реализирани од други организа-ции/ институции кои добиле дозвола за тоа | | √ | | | | | | | | | Примери на добри практики за ученички иницијативи: https://mk.mcgo.org.mk/wp-content/uploads/2021/09/Good-practices_MK.pdf<br><br>Тимови за проектни акивности во училиштето |
| **4.Физичките услови во училиш** | Безбедност во училиште едукативно видео https://youtu.be/5ZZjQvjOHcg Интерактивна | | √ | | | | √ | | | | Ученици од I-Ходд Наставници стручна служба | УПАТСТВО СО ПРИРАЧНИК ЗА ОДРЖУВАЊЕ НА УЧИЛИШНИ ОБЈЕКТИ https://www.google.com/url?sa=t&rct=j&q=&esrc=s&source=web&cd=&cad=rja&uact=8&ved=2ahUKEwjM4oPm--__AhWmQ_EDHXz7CkcQFnoECA8QAQ&url=https%3A%2F%2Fmon.gov.mk%2Fstored%2Fdocument%2FUpatstvo_so_priracnik_za_odrzuvanje_vtor_del_MK_1.pdf&usg=AOvVaw0AOzXoDA8cWanRZr9rP0d9&opi=89978449 |

| | | | | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **тето** | игра за едукација на најмладите - симулацијаза управување во случај на опасност од земјотрес, пожар или полава https://interactrapp.com/share/5df358a12a6d5 (Симулации за справување со итни ситуации во училиштето, работилници за разубавување на училишниот простор, работилни-ци во библиотека) | | | | | | | | | | Институции за и вработени за справување со итни ситуации | класни раководители, план за евакуација, протокол за итни ситуации, сретства за хигиена, стручни лица, бибиотекар |

# ПРОГРАМА ЗА ВОННАСТАВНИ АКТИВНОСТИ

| Подрачја (знаења,вештини вредности /ставови) | Активности/ Содржини | Цели на активностите | Временска рамка | Учесници |
|---|---|---|---|---|
| Личен и социјаленразвој | -работилници за развивање на емоционална интелигенција и социо-емоционални вештини кај учениците<br>-активности за личен развој на ученикот во рамките на проектите кои се реализираат во училиштето<br>-обуки/вебинари за наставниците за личен и социјален развој<br>-секции ( ученици вклучени согласно нивните интереси и афинитети)<br>-краткотрајни воннаставни активности | Ученикот:<br>-да има позитивна слика за себе<br>-да ги препознава и изразува сопствените емоции<br>-да ги почитува туѓите ставови ида го искаже својот став<br>-да се вклучи во групата врсници, задржувајќ и ја сопствената индивидуалност<br>-да се подигне свеста на учениците за еколошките и социјалните придобивки | Септември-јуни | Ученици, Наставници, Родители, Стручни соработници, Обучувачи, |
| Демократска култура, и граѓанство | -предавања за зајакнување на демократската култура<br>-активности во рамките на Ученичкиот парламент<br>-работилници за зајакнување на детските капацитети за превенција од насилството<br>-активности во рамки на Проектот за меѓуетничка интеграција во образованието<br>-предавања, работилници, посета на институции, трибини и панел дискусии, манифестации за демократска култура, мултикултура и граѓанство | Ученикот :<br>-да разликува различни конфликтни ситуации и да пронаоѓа соодветни решенија заистите<br>-оспособување за меѓусебна соработка, објективност и толеранција<br>-да ја развива соработката и комуникацијата со ученици од различна националност и да развие сензибилитет за живот во мултикултурно | Септември-јуни | Ученици, Наставници, Родители, Стручни соработници, Обучувачи, |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | | општество<br>-да го сфатат штетното влијание на корупцијата и да ги препознаат механизмите занејзино спречување<br>-да се подобри соработката со родителите преку учество во хуманитарни акции, донации и хепенинзи | | |

## ПРОГРАМА ЗА ДОПОЛНИТЕЛНА НАСТАВА

| Активност | Носители на активност | Ресурси | Инструменти | Време на реализација | Очекувани ефекти |
|---|---|---|---|---|---|
| Креирање на политика за поддршка на планирањето на дополнителната настава во училиштето | -директор<br>-стручни соработници<br>-наставници | -анализа на состојбата<br>-стручни материјали од БРО (наставни планови и програми) | -прашалник за наставниците за ефектите од реализацијата на дополнителната настава | септември | увид во досегашната состојба при реализација на дополнителната настава |
| Следење на реализацијата на дополнителната настава | -директор<br>-стручни соработници | -следење на планирањата на наставниците<br>-следење на постигањата на учениците вклучени во дополнителната програма | -посета на часови<br>-евидентен лист за реализација на дополнителната настава<br>-работни листови за учениците | Во текот на годината | подобра квалитет при реализација на дополнителната настава<br>обезбедување поддршка во редовната настава на ученици со потешкотии во учењето |
| Евалуација | -директор<br>-стручни соработници | -програми и подготовки на наставниците | -прашалник за наставниците<br>-образботка на податоците од увид на часови-пополнети инструменти | јуни | зголемени постигања на учениците кои имаат потешкотии во учењето |

## ПРОГРАМА ЗА ДОДАТНА НАСТАВА

| АКТИВНОСТ | НОСИТЕЛИ НА АКТИВНОСТ | РЕСУРСИ | ИНСТРУМЕНТИ | ВРЕМЕНСКА РАМКА | ОЧЕКУВАНИ ЕФЕКТИ |
|---|---|---|---|---|---|
| Креирање политика за поддршка на планирањето на додатната настава во училиштето | Директор<br>Стручни соработници<br>Наставници | Анализа на состојбата<br>Стручни материјали од БРО ( наставни планови и програми) | Прашалник за наставниците за ефектите од реализација на додатна настава | Септември | Увид во досегашната состојба при реализација на додатната настава |
| Следење на реализацијата на додатната настава | Директор<br>Стручни соработници | -Следење на планирањата на наставницит е<br>-Следење на постигањата на учениците вклучени во додатна настава | Посета на часови<br>Евидентен лист за реализација на додатна настава<br>Работни листови за учениците | Во текот на годината | -Подобар квалитет при реализација на додатната настава<br>-Обезбедување поддршка во редовната настава на надарените ученици |
| Евалуација | Директор<br>Стручни соработници | Програми и подготовки на наставниците<br>Посета на час | Прашалник за наставницит е<br>Обработка на податоците од увид на часови-пополнети инструменти | Јуни | -Зголемени постигања на учениците кои покажуваат значителни резултати во определени области<br>-Поголемо учество на организирани натпревари на знаење |

## ПЛАН ЗА ПОДДРШКА НА УЧЕНИЦИТЕ И ЗА ПОДОБРУВАЊЕ НА РЕЗУЛТАТИТЕ

| ЦЕЛИ | СОДРЖИНИ И АКТИВНОСТИ | РЕАЛИЗАТОР | ВРЕМЕ | ОЧЕКУВАНИ ЕФЕКТИ |
|---|---|---|---|---|
| Креирање на политика за работа со ученици со потешкотии во учењето | *Формирање на тим за поддршка<br>*Изготвување на годишна програма за работа | Стручни соработници<br>Одд. наставници<br>Одд.раководители | Август | Успешна реализација на планираните активности |
| Идентификација на ученици со потешкотии во учењето | Разговори со одд.наставници и раководители, примена на инстримент/листа за процена на способноста за учење | Стручни соработници<br>Одд. наставници и раководители | Септември-декември | Евиденција на овие ученици и градење стратегија за работа со нив |
| Индивидуализација и диференцијација на наставата за учениците со потешкотии во учењето | Изготвување на индивидуални програми за поддршка на учениците со потешкотии во учењето | Стручни соработници<br>Одд. наставници и раководители | Октомври | Подобрување на постигањата на учениците со потешкотии во учењето |
| Континуирана поддршка на учениците со потешкотии во учењето | *Консултативни разговори на стручните соработници со одд.наставници, раководители и родители<br>*Советодавно консултативна работа со учениците со потешкотии во учењето | Стручни соработници<br>Одд. наставници<br>Одд.раководители<br>Родители | Во тек на годината | *Подобрување на постигањата<br>*Вклучување во животот на паралелката, училиштето и локалната заедница<br>*Зајакнување на родителските вештини и капацитети |
| Следење на индивидуалните постигања и однесувањето на учениците со потешкотии во учењето<br>(на секој квалификационен период) | *Евиденција за успехот, редовноста и однесувањето<br>*Посета на часовите по дополнителна настава | Одд. наставници<br>Одд.раководители<br>Стручни соработници | ноември, јануари, април | *Проценка на постигањата-<br>*Вклучување на овие ученици во групна работа и воннаставни активности |
| Обезбедување поддршка од соучениците | Советодвно-консултативни разговори со одд.настваници и ракововодители и УЗ на паралелката<br>Соработка со ЗМЗ, ЦСР, социјални патролни работници, СОС Детско село Македонија | Стручни соработници, родители, одд.наставници, одд.раководители предметни наставници | Во тек на годината | *Подобрување на постигањата<br>*Подобрување на социјализацијата на овие ученици |
| Подобрување на социјалниот и емоционалниот статус на учениците со потешкотии во учењето | *Разговори со учениците<br>*Советодавни разговори со родителите на родителски и индивидуални средби | Стручни соработници, родители, одд.наставници, одд.раководители предметни наставници | Март | Развивање на самодоверба и самопочитување кај овие ученици |
| Евалуација на активностите предвидени со програмата за работа со учениците со потешкотии во учењето | *Утврдување на јаки/слаби страни од реализацијата на програмата и работата со учениците<br>*Изготвување на стратегија за понатамошна работа | Стручни соработници<br>Одд. наставници<br>Одд.раководители | Јуни | *Проценка на ефектите и постигнатоста на планираните цели во воспитно образовниот процес, социјалниот и емоционалниот статус на овие ученици |

## ПЛАН ЗА ПРОМОЦИЈА НА ДОБРОСОСТОЈБА НА УЧЕНИЦИТЕ,ЗАШТИТА ОД НАСИЛСТВО,ОД ЗЛОУПОТРЕБА И ЗАПУШТАЊЕ,СПРЕЧУВАЊЕ ДИСКРИМИНАЦИЈА

| **Задача** | **Активност** | **Време на реализација** | **Носител на активноста** | **Начин на спроведување (ресурси)** | **Инструменти** | **Очекувани резултати** |
|---|---|---|---|---|---|---|
| Креирање политика во училиштето за превенција на насилното однесување, злоупотреба и запуштање, спречување дискриминација | Изработка на акциски план и програма | Август | тим | Годишна програма | Правилници | Дефинирање и поставување на целите и активностите за превенција на насилното однесување, злоупотреба и запуштање, спречување дискриминација |
| Утврдување на постапка за пријавување и заштита на ученик жртва на која било од формите на насилство, злоупотребување и занемарување | Изготвување на постапката Запознавање на Ученички парламент, Наставнички Совет, Советот на родители , Училишниот одбор со утврдената постапка | Август<br><br>Септември | тим | Постапка за пријавување и заштита на ученик жртва на која било од формите на насилство, злоупотребување и занемарување | -Формулар за Евиденција на насилство<br>-Формулар за план за заштита на жртвата и промена на однесувањето на сторителот | Учениците се запознаени со постапките за пријавување на насилство |
| Откривање и препознавање на ученици кои вршат насилно однесување | Спроведување на анонимен анкетен прашалник за ученици од IV до IXодд. Следење на промени во однесувањето на учениците | Во тек на учебната година | Ученици од IV до IX одд. Стручни соработници | Годишна програма | Анкетен прашалник | Превенција на насилно однесување и детектирани ученици кои вршат насилство |
| Планирање и реализација на часови со дискусија за обработка на тема за насилство на одделенските часови | Следење на реализација на тема на одделенски часови | Во текот на целата учебна година | Одделенски наставници и Одделенски раководител и Директор и Тим | Одделенски час и наставен час по соодветен предмет Стручна литература | Дневно планирање | Стекнати вештини и способности за справување со насилно оденсување |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| Соработка со установи и здруженија кои работат на спречување и заштита од насилство, наменети за учениците | Реализирање на работилници со установи и здруженија кои работат на спречување и заштита од насилство, наменети за учениците | Во тек на учебната годината | стручни лица вработени во установи и здруженија | презентации и стручна литература | Извештајод реализирана посета | Подигнување на свеста на учениците за ненасилно однесување ; Стекнати знаења за видови на насилство и последицитео д истото |
| Едукативни работилници за родители | Реализирање на едукативна работилница за насилство | Во тек на учебната година | Стручни соработници | Презентација | Извешта јод реализира на работилни ца | Подигнување на свеста на родителите заненасилно однесување Проширувањ ена знаењата за видови на насилство и последицит е од истото |
| Следење на планираните активности | Извештаи од реализираните активности | Во тек на целата учебна година | Одговорни наставници тим | Годишна програма и акционен планна тимот | Формулар - извештај | Анализа на реализација та на активностите и донесување на извештај |

## ПЛАН ЗА СЛЕДЕЊЕ И АНАЛИЗА НА СОСТОЈБИТЕ СО ОЦЕНУВАЊЕТО

| **Задачи/ Активности** | **Очекувани исходи** | **Носители** | **Ресурси** | **Инструменти** | **Време на реализација рамка** |
|---|---|---|---|---|---|
| Оценување според етички кодекс за оценување на постигањата на учениците | Објективно оценување | Одделенски раководители од I-IXодд., | Етички кодекс за оценување | Чек листи за следењена оценувањето | Септември |
| Избор и изработка на инструменти за оценување | Изготвување и применана соодветни инструменти за оценување и збирка надокази | Директор, Стручни соработницинаставници | Презентации со инструменти и примери Инструменти за самооценување | Тестови Наставни листови Портфолија | Септември - јуни |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| Планирање на оценувањето според нивоа/стандарди/резултати од учење, постигнувања на учениците | Развиена самодоверба за сопствениот напредокво процесот на учење | Директор, Стручни соработници, Наставници | Стручни материјали ПортфолијаТестови Наставни листови | Наставни програми и стандарди за оценување | Септември - јуни |
| Споделување и пренесување на добрата пракса во врска со оценувањето | Изготвување објективнитестови со квалиетни тест задачи Објективно оценети ученици | Директор, Ментор на училиштето, Наставници | Презентации со инструменти и примери Инструменти за самооценување | Портфолија, инструменти за оценување | Континуирано |
| Следење на оценувањето | Подобрување на оценувањето | Директор, Стручни соработници Наставници | Извештаи за успехот на учениците | Статистички прегледи | Ноември, јануари, април, јуни |
| Анализа на оценувањето | Подобрување на оценувањето | Директор, Стручни соработници Наставници | Споредбени анализи и извештаи за успехот на учениците | Чек листи | Ноември, јануари, април, јуни |
| Подобрување на компетенциите за оценувањето кај наставнците – | Развиени компетенциииза објективно оценување | Директор, Ментор на училиштето Стручни соработници Наставници | Споделување на добри практики на ниво на стручни активи | Чек листа за самопроценка на компетенциите за оценување, извештаи | Септември - јуни |

## ПРОГРАМА ЗА САМОЕВАЛУАЦИЈА НА УЧИЛИШТЕТО

| Цели | Активности | Временска рамка | Носител | Очекувани реултати |
|---|---|---|---|---|
| Спроведување самоевалуација за работењето на училиштето | Формирање на тимови за самоевалвација за секое од подрачјата и избор на координатори | Септември | Наставнички Совет | Успешно спроведена самоевалуација на училиштето |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| Да се определат соодветни методи, техники и инструменти за спроведување на самоевалуацијата | Користење методи, техники и инструменти за вршење самоевалуација | Октомври | Тимови по подрачја | Добивање валидни показатели за работењето на училиштето |
| Согледување на силните и слаби страни во работењето на училиштето | Анализа на податоците и документацијата од спроведената самоевалуација | Мај | Тим за самоевалуација | Донесени предлог мерки за подобрување на квалитетот на наставата и изработка на развоен план |
| Одредување приоритети по подрачја | Анализа на слабите страни на работата на училиштето | Мај | Тим | Избрани приоритетни подрачјаза промена |
| Изготвување на поединечни и заеднички нацрт извештај за спроведената самоевалуација | Разгледување на нацрт извештајот за самоевалуацијата на Наставнички совет, Совет на родители, Ученичка парламент и Училишен одбор | Јуни Јули, Август | Наставници претставници од редот на родители и локалната заедница и ученици | Дополнување на нацрт извештајот со мислења и предлози од наставнички совет,училишен одбор советна родители и ученичкиот парламент на училиштето |
| Усвојување на извештајот | Презентација на извештајот за самоевалуацијата на Наставнички совет, Совет на родители и Училишен одбор<br>Известување од самоевалуацијата со објавување на веб страната на училиштето и на општината | Август | Директор | Подобрување на квалитетот на работењето на училиштето |

## ПРОГРАМА ЗА СОРАБОТКА НА ОСНОВНОТО УЧИЛИШТЕ СО РОДИТЕЛИТЕ/СТАРАТЕЛИТЕ

| Задача | Активност | Време на реализација | Носител | Начин на спроведување (ресурси) | Инструменти | Очекувани резултати | Одговорно лице |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Запознавање на родителите со воспитно образовниот процес во училиштето | Одржување на родителски средби | Септември 2026 | Наставници, родители | Разговор, брошури, родителски средби | Годишна програма, | Запознавање со годишната програма за работа | Одделенски раководители |
| Зајакнување на капацитетите на дејствување на Советот на родители | Одржување на состаноци, работилници | Септември, февруари | Советот на родители, наставници | Известувања на родителите преку членовитена Советот на родители, материјали, стручна литература, | Извештаи, табели | Соработка и дефинирање на заеднички активности | Претседателот на Совет на родители наставници |
| Запознавање на родителите со понудените слободни изборни предмети, слободни ученички активности, воннаставни активности | Анкети, прашалници, записници, извештаи | Септември 2026 | Родители,наставници | Анкетни листови,разговор | Програма за слободни изборни предмети, слободни ученички активности, воннаставни активности | Дефинирани слободни изборни предмети, слободни ученички активности, воннаставни активности | Одд. наставници, родители |
| Запознавање на родителите со успехот, поведението, однесувањето на учениците | Средби,состаноци, разговори | Во текот на учебната година | Наставници, родители | Отворен ден за родители | Записници, Евидентни листи, Извештаи, анализи | Достапни информации, | Одделенски раководители |
| Вклученост на родителите/старателите во процесот на учење | Вклучување на родителите во воспитно – образовниот процес: Одделенска и предметна настава (наследни активности во рамките на различни наставни предмети Планирање и давање поддршка на наставниците за работа со | Континуирано | Родители, стручни соработници и наставници | Стручни лица, помошна литература | Записници, дневници | Подобрување на релацијата ученик-наставник-родител за поуспешен воспитно – образовен процес | Директор, Стручна служба, Инклузивен тим, |

| | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | учениците со попреченост, надарени и талентирани ученици | | | | | | |
| Вклученост на родителите во збогатување со нагледни средства, дидактички материјал во училиштето | Заедничко планирање, народителите и наставниците | Септември 2026 | Наставници и родители | Прирачници, програми, разговори | Извештаи, Анализи, прашалници, табели | Збогатување со потребен материјалвоучилиште; мотивација на учениците | Родители, наставници |
| Вклученост на родителите во активностите на учениците во училиштето-слободни ученички и воннаставни активносинаученициte | Давање идеи, предлози, состаноци | Континуирано во текот на учебната година | Наставници, родители | Технички материјал | Игри, натпревари, приредби манефистации екскурзии,промоции | Заедничка соработка со ученици и наставници Подобрување на резултатите во учењето, мотивација | Родители, наставници |
| Вклученост на родителите во активностите за професионална ориентација на учениците | Предавања од родители за одредени професии и занимања Работилници за професионална ориентација на ученици Оставрување на соработка со јавни установи каде работат родителите | Декември 2026 г. | Родители, стручна служба, наставници | Флаери, брошури, презентација стручна литература | Предавања, работилници состаноци | Учениците да се запознаат со различни видови на професии и занимања Да умеат да ги утврдат нивните интереси | Родители, наставници |
| Учество на родителите со различно верско, етничко, културно потекло во процесот на учење | Работилници за одбележување на верски празници | Континуирано во текот на учебната година | Наставници, ученици | Практична работа | Манифестации, работилници | Зајакнување на соработничките односи на учениците и родителите со различно верско, етичко и културно потекло | Одделенски раководители |
| Учество на родителите во реализација на часови | Практична демонстрација на модели, теоретско објаснување на одредни поими, презентација | Во текот на учебната година | Родители, наставници | Литература, филмови, нагледни средства | Предавања, презентации | Подобрување на квалитетот наставата | Наставници, родители |

## ЕДУКАЦИЈА НА РОДИТЕЛИТЕ / СТАРАТЕЛИТЕ

| Цели | Активности | Време | реализатор | Очекувани ефекти |
|---|---|---|---|---|
| Запознавање со брошурата на училиштето | Презентирање на брошурата на училиштето | Септември | Одделенски раководители | Родителите се запознаени со брошурата на училиштето |
| Запознавање со различни стилови на воспитување | Предавање за влијанието на стилот на семејното воспитување на развивањето на самодовербата кај децата | Октомври | Стручна служба | Родителите се запознаени со стиловите на воспитување и како секој од нив има различно влијание на особините на детето и развивањето на самодовербата |
| Подобрување на менталното здравје и добросостојбата на учениците | Предавање за значењето на менталното здравје и добросостојбата кај учениците | Ноември | Стручни лица | Родителите се запознаени со начините на зачувување на менталното здравје |
| Запознавање со различните видови на опасности од користење на интернет | Работилница за безбедност на интернет | Декември | Стручни лица | Родителите се запознаени со опасностите на интернет |
| Запознавање со влијанието на емоционалната интелегенција врз успехот на учениците | Предавање за емоционална интелегенција | Април | Стручни лица | Родителите се запознаени со влијанието на емоционалната интелегенција врз успехот на учениците |

## ПРОГРАМА ЗА ГРИЖА ЗА ЗДРАВЈЕТО НА УЧЕНИЦИТЕ И ЕДУКАЦИЈА ЗА ЗДРАВА ИСХРАНА

| Задача | Активност | Време на релизација | Носител | Начин на спроведување (ресурси) | Очекувани резултати | Одговорно лице |
|---|---|---|---|---|---|---|
| Грижа за личната хигиена и хигиената во училницата и училишните простории | Разговор за правилна грижа за личната хигиена и хигиената во училиштето | Септември 2026 год. | Ученици, наставници, одд. раководиетли | Соработка, предавања, интеракција, разговори, работилници | Подигнување на свеста за одржување на личната хигиена и важноста на хигиената во училиштето | Наставници и ученици |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| Грижа за оралното здравје на учениците | Здравствен потсетник: „Добри навики за здрави заби“ | Септември 2026 год. | Ученици, наставници, одд. раководиетли | Соработка, предавања, интеракција, разговори, работилници | Подигнување на свеста за значењето на оралното здравје и практикувањето на добрите навики за зачувување на забите | Одд. раководител |
| Пирамида на исхрана-принципи на правилна исхрана | Изработка на хамер/презентација -пирамида на исхрана | Септември 2026 год. | Ученици, наставници, одд. раководиетли | Предавање, презентации, разговор, интеракција | Грижа за правилна исхрана | Одд. Раководител |
| Грижа за здравјето на учениците | Стоматолошки преглед за прво одд. | Октомври 2026 год. | Одд. наставник, ученик и родител | Стоматолошки преглед - залевање на забите на учениците во поликлиника "Јане Сандански" | Навремено известување за оралното здравје на ученикот | Одд. раководител |
| Грижа за здравјето на учениците | Ревакцинација во деветто одделение за Diteper и Polio | Октомври 2026 год. | Одд. раководител, ученик | Здравствен преглед, ревакцинанција со вакцина Diteper и Polio | Превенција од детска дифтерија, тетанус, пертусис и рубеола | Одд. раководител |
| Стекнување на здрави навики | Разговор и давање совети за значењето на стекнување на здрави навики од најрана возраст | Октомври 2026 год. | Одд. раководител, ученик | Предавање, разговор, интеракција | Поголема свест на учениците за значењето на здравите навики | Одд. раководител |
| Правилни вежби за превенција и корекција на р'бетниот столб-(корективна гимнастика) | Вежби за корекција на деформитети | Октомври 2026 год. | Натавник, ученици | Вежби, разговор, интеракција | Превенција на деформитети на рбетен столб | Одд. раководител, наставници |
| Грижа за здравјето на учениците | Стоматолошки преглед за седмо одд. | Ноември 2026 год. | Одд. раководител, ученик и родител | Стоматолошки преглед - залевање на забите на учениците во поликлиника "Јане Сандански" | Навремено известување за здравствената состојба на ученикот | Одд. раководител |
| Разговор, заштита и препознавање на сезонски грип и вируси | Разговор за сезонскиот грип и вируси | Ноември 2026 год. | Одд. раководител,ученици | Предавање, разговор, интеракција | Препознавање и заштита од сезонски грип и вируси | Одд. раководител |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| Презентација за правилно користење на времето во текот на зимскиот распуст преку игри во и надовор од домот | Презентација за правилно користење на слободното време за време на зимскиот распуст | Декември 2026 год. | Одд. раководител, ученик | Презентација | Правилно користење на зимскиот распуст | Одд. раководител |
| Разговор за важноста на менталното здравје | Разговор со учениците што значи ментално здравје(искажување емоции) | Декември 2026 год. | Одд. наставник, одд. раководител | Соработка, предавања, интеракција, разговори, работилници | Подигнување на свеста за значењето на менталното здравје | Одд. раководител |
| Начини за заштита од употреба на пиротехнички материјали | Разговор за заштита од употреба на пиротехнички материјали | Декември 2026 год. | Ученици, наставници, одд. раководиетли | Соработка, предавања, интеракција, разговори, работилници | Подигнување на свеста за опасноста од употребата на пиротехничките мтеријали | Одд. раководител |
| Разговор за загадување на воздухот и потребата од намалување од употреба на автомобили, наспроти возење велосипеди и користење на јавен превоз | Разговор за како до почист воздух за подобар начин на живот | Февруари 2027 год. | Наставници, ученици | Предавање, разговор, интеракција | Правилна грижа за подобрување на своето здравје со чист воздух | Одд. раководител |
| Разговор за значењето на лековитите билки | Значење на лековити билки-разговор | Февруари 2027 год. | Ученици, наставници, одд. раководиетли | Соработка, предавања, интеракција, разговори, работилници | Запознавање на учениците со значењето и правилна употреба на лековитите билки | Одд. раководител |
| Грижа за здравјето на учениците | Внесување на витамини и минерали во зимскиот период за зајакнување на имунитетот | Февруари 2027 год. | Ученици, наставници, одд. раководиетли | Соработка, предавања, интеракција, разговори, работилници | Запознавање со важноста на правилното внесување на витамни и минерали | Одд. раководител |
| Обележување на светскиот ден на оралното здравје (20 март) | Предавање за одржување на оралната хигиена и превенција на забите и усната празнина кај децата | Март 2027 год. | Наставници, ученици | Предавање, разговор, интеракција | Подигање на свесноста на учениците за значењето на оралното здравје | Одд. раководител |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| Одбележување на Денови на пролетта за заштита на околината - „Чиста животна средина“ | Разговот за тоа што е екологија и колку е важна чистата средина за нас и нашата планета | Март 2027 год. | Наставници, ученици | Предавање, разговор, интеракција, презентации | Заштита, негување и грижа за чиста и здрава средина | Одд. раководител |
| Одбележување на денот на формирање Црвениот крст на Северна Македонија | Разговор колку е важна хуманоста | Март 2027 год. | Наставници, ученици | Предавање, разговор, интеракција | Грижа за себе и другите | Одд. раководител |
| Грижа за здравјето на учениците | Имунизација на учениците Ревакцина на Ди-те-пер за учениците од второ одделение | Март 2027 год. | Наставник, ученици и родители | Здравствен преглед, ревакцинанција со вакцина Diteper и Polio | Превенција од детска дифтерија, тетанус, пертусис и рубеола | Одд. раководител |
| Грижа за здравјето на учениците | Задолжителен систематски стоматолошки преглед за учениците од петто одделение | Март 2027 год. | Наставник, ученици и родители | Стоматолошки преглед - залевање на забите на учениците во поликлиника во Драчево | Превенција од детска дифтерија, тетанус, пертусис | Одд. раководител |
| Како да го подобриме нашиот имунитет | Разговор заколку е важен имунитетот за нашиот здравје | Април 2027 год. | Наставници, ученици | Предавање, разговор, интеракција | Подобрување на имунитетот со храна, физичка активност и хигиена. | Одд. раководител |
| Одбележување на 7 април-Светскиот ден на здравјето | Разговор за колку е важно здравјето насекаде во светот | Април 2027 год. | Наставници, ученици | Предавање, разговор, интеракција | Негување и чување на здравјето на учениците | Одд. раководител |
| Грижа за здравјето на учениците | Задолжителна имунизација на ученици-ревакцинација за МРП за учениците од прво одделение | Април 2027 год. | Наставник, ученици и родители | Здравствен преглед, ревакцинанција со вакцина за МРП | Превенција од сипаници, пертусис, и рубеола | Одд. раководител |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| Како да се заштитиме од убоди од инсекти и каснувања од змии | Предавање од стручно лице од Македонско еколошко друштво | Април 2027 год. | Стручно лице, наставници, ученици | Предавање, разговор, интеракција | Едукација за правилна заштита од убоди од инсекти и каснување од змии | Одд. раководител |
| Грижа за здравјето на учениците | Разговор за значење на здравјето и фактори кои влијаат на здравјето | Мај 2027 год | Наставници, ученици | Предавање, разговор, презентации, интеракција | Потикнување на поголема грижа за личното здравје и фактори кои влијаат на здравјето | Одд. раководител |
| Грижа за здравјето на учениците | Задолжителен систематски стоматолошки преглед во ординација за превентивна стоматологија за учениците од трето одделение | Мај 2027 год. | Наставник, ученици и родители | Стоматолошки преглед – „Залевање на забите на учениците “ во поликлиника "Јане Сандански" | Навремено известување за оралното здравје на ученикот | Одд. раководител |
| Здравата храна е вкусна храна | Презентација за здрава храна преку примери за хздрава храна со исклучително високи вкусови карактеристикиа | Мај 2027 год. | Ученици, наставници, одд. раководиетли | Соработка, предавања, интеракција, разговори, работилници | Запознавање со некои производи кои имаат исклучителни, уникатни вкусови карактеристик и и може да се каже дека се повкусни од брзата храна | Одд. раководител |
| Одбележување на светскиот ден за заштита на животната средина | Презентација и разговор за тоа колку е важна на животната средина за сите | Јуни 2027 год. | Наставници, ученици | Предавање, разговор, интеракција | Како да ја негуваме и заштитиме животната средина | Одд. раководител |
| Како правилно да се заштитиме од влијанието на сонцето во текот на летниот период | Разговор за правилна заштита од зончевото зрачење | Јуни 2027 год. | Наставници, ученици | Предавање, презентации, разговор, интеракција | Правилна заштита од сонце и превенција од штетното дејство на сончевите зраци | Одд. раководител |

## Програма за работа со надарени деца Учебна 2026/2027 год.

| цели | содржини и | реализатор | време | очекувани ефек |
|---|---|---|---|---|
| **-Креирање на политика Успешна реализација на за работа со надарени ученици** наставници септември Изготвување на годишна **за работа со надарени ученици** | -Формирање на тим за **планираните активности -Формирање на Училишен тим** Одд.раководители октомври<br>п<br>р<br>о | Стручни соработници поддршка | | **-** Одд. - |
| **-Идентификација на надарените и евиденција на ученици преку** наставници и **надареноста на надареност** **-Запознавање на тимот со Проценка на специфичните** **надарените ученици** **-Задавање на тестови за** | -Разговори со **прашалници за надарените ученици според** раководители, предметни Предметни наставници -Сов.консул.разговори со одд.наствници, одд.раководители и наставници,ученици и нивните родители | Стручни соработници одд.наставници, **логичко-математичка** раководители наставници и родители Октомври Стручни соработници, одд.наставници, ракововодители, предметни **способности на надарените** предметни наставници ученици, родители Јануари, | | **- Преглед** Одд. **видот на надареност ученици -Примена** |
| **-Вклучување на надарените и организација на ученици во** **Проширување на програмите за работа со соодветни** | Примена на современи **додатна настава и** раководители -Избор на задачи, литература за развивање на **кон** интересите и надареноста на | Одд.наставници и наставни методи и форми **поучувањето на овие ученици** воннаставни Предметни наставници материјали, дополнителна | Во текот на **содржини прилагодени** годината **потребите на надарените** | **-Планирање ученички -** |
| **-Следење на индивидуалните Проценка на постигањата на учениците Определување на соодветни ( на крајот на секој** ученици од | -Евиденција **постигања на надарените** Одд.раководители и однесувањето -Анализа на постигањата на **форми/методи за понатамошна** Родители работата во воннаставните | Одд. наставници на успехот, редовноста **овие ученици** Стручни соработници Предметни наставници **квалификационен период)** јануари, | ноември, **работа** април,јуни | **-** **-** надарените - |
| **-Подобрување на социјалниот и Развивање на позитивни емоционалниот статус на** Разговори со родителите на | -Разговори со учениците на родители, **ставови кај учениците кон** одд.наставници и **надарените ученици** родителски и индивидуални **Вклучување на надарените во активности од** | Стручни соработници, одд.часови Во тек на **надарените ученици** година раководители, средби предметни наставници | | **-** - **- ученици** |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| **-Евалуација на активностите на ефектите и предвидени со програмата за постигнатоста на планираните цели во воспитно образовниот** | **-Утврдување на јаки/слаби работа со надарените ученици** | **Стручни соработници страни од реализацијата на програмата за работа со** | **Јуни Одд. наставници Одд.раководители** | **Проценка** |
| | **надарени ученици** | | | **п** |
| | **роцес со овие деца -Изготвување на стратегија за понатамошна работа** | | | |

**Тим за поддршка** : Оливера Чевреска -психолог, педагог , Александар Крстевски –предметен наставник , Љупка Продановска-одд.наставник, Катерина Симоновска –одд.наставник, Ленче Павиќевиќ-предметен наставник

**ГОДИШНА ПРОГРАМА ЗА РАБОТА НА ОРГАНИЗАЦИЈАТА НА ЦРВЕНИОТ КРСТ ПРИ ООУ “МАРКО ЦЕПЕНКОВ“**
**за учебната 2026/2027 година**

Во училиштето на организиран начин учениците ги остваруваат своите интереси преку одредени форми на ученичко организирање. Во активностите на нивните организации се вклучени наставници кои ги помагаат и подржуваат нивните програмски активности. Една од тие организации е и Подмладокот на Црвениот крст.

**Цели:**

- Создавање, развивање и негување хигиенски навики кај учениците, подигнување на нивото на здравствената култура, оспособување на подмладокот за укажување прва помош во случај на несреќи, како и водење постојана грижа за здравјето преку здрава исхрана и здрава и чиста средина за живеење.
- Развивање на чувства за хуманизам, солидарност, сочуство, толеранција и почитување, а со тоа здобивање на пријатели и развивање на пријателството.

## Активности за остварување на целите

| ПРЕДВИДЕНА АКТИВНОСТ | РЕАЛИЗАТОР | ВРЕМЕ НА РЕАЛИЗАЦИЈА | ОЧЕКУВАНИ РЕЗУЛТАТИ |
|---|---|---|---|
| Избор на активисти од сите одделенија од предметна настава | Сања Кузмановска | септември | Претставниците се мотивирани за успешна реализација на програмските активности |
| Одбележување на денот на стари и изнемоштени лица – посета на лицата во нивните домови или дом за стари лица | Сања Кузмановска | октомври / ноември | Развивање на одговорност за грижа кон стари и изнемоштени лица |
| Одбележување на Ден на гладот – собирна акција | Сања Кузмановска Директор | октомври | Развивање на одговорност, грижа и материјална помош на економско – социјално загрозени семејства |
| Снабдување на сандачето за прва помош | Директор | ноември | Развивање на чувството на одговорност кај учениците |
| Болести на зависност - предавање | Сања Кузмановска | декември | Превенција од болести на зависност |
| Организирање настава за прва помош | Сања Кузмановска | Во текот на цела учебна година | Стекнување теоретски и практични вештини за укажување прва помош |
| Организирање хуманитарни акции (хуманитарна продажба на картички за Св. Трифун / Св. Валентин и | Сања Кузмановска | февруари / март | Развивање на хуманост и солидарност помеѓу учениците, родителите и |

| | | | |
|---|---|---|---|
| мартинки на 1 Март) | | | вработените |
| Одбележување на денот на крводарителството во Р.М и денот на формирање на Црвен крст на Македонија -17 Март | Сања Кузмановска | март | Развивање на хуманост и солидарност помеѓу учениците, родителите и вработените |
| Подготовка за натпревар за прва помош | Сања Кузмановска | март,април, мај | Стекнување теоретски и практични вештини за укажување прва помош |
| Учество на натпреварот по прва помош | Сања Кузмановска | април/мај | Презентација на знаењата на учениците за прва помош |
| Одбележување на 8 Мај-светскиот ден на Црвениот крст | Сања Кузмановска | мај | Стекнување на знаења за основањето на ЦК и Црвената полумесечина и нивната улога во светот |

Во зависност од потребите тековно програмата ќе се надополнува со нови содржини или може да има мали промени во редоследот на претходно наведените содржини.
Континуирана соработка со Црвен крст на Кисела Вода и континуирани предавања од стручни лица на Црвен крст.
**Одговорен наставник: Сања Кузмановска**

# ГОДИШНА ПРОГРАМА ЗА РАБОТА
# ЗА ПРОДОЛЖЕН ПРЕСТОЈ ЗА УЧЕБНАТА 2026/2027 ГОДИНА
# ВО ООУ “МАРКО ЦЕПЕНКОВ” - ЗЕЛЕНИКОВО

ОДГОВОРЕН НАСТАВНИК:
Деспина Грнчаревска

## ГОДИШЕН ГЛОБАЛЕН И ТЕМАТСКИ ПЛАН НА РАБОТА НА ПРОДОЛЖЕНИОТ ПРЕСТОЈ

Поради комплексните задачи, цели, содржини и облици на работа во продолжениот престој има потреба од програмирање и планирање на содржината на работата. На тој начин се истакнува изборот на содржините кои ќе се реализираат, на кој начин ќе се реализираат, со какви средства, методи и облици на работа.

Продолжениот престој е место каде што учениците треба да ги извршуваат сите активности кои ги извршуваат и дома. Затоа значењето на продолжениот престој најубаво ќе се истакне ако се нарече втор дом на учениците. Продолжениот престој не е продолжен дел на наставата, но според содржините на работата во голем дел е поврзан за наставата и не ретко зависен во изборот на содржините за работа.

Основната цел во продолжениот престој е да се реализираат правилно и точно домашните задачи кои се во согласност со наставните содржини од наставната програма доставена од Бирото за развој на Р.М.

Домашните задачи за учениците претставуваат продолжување на работата на часот и тоа е највисок степен на нивната самостојна работа.

Со неа тие се оспособуваат за самостојна работа, ги утврдуваат знаењата, вештините и навиките и се развива чувство за одговорност кон работата и учењето што придонесува во насока на подготовка за самообразование.

Домашната работа е исто толку значајна колку и работата на часот, па затоа е многу важно таа да биде добро осмислена и правилно спроведена бидејќи само на тој начин ќе му помогне на ученикот да ги резимира заклучоците самостојно.

Но, за да се оправда компарацијата на продолжениот престој со домот, мора да се истакне дека тоа е место подеднакво и за учење и за забава, за надоградување на знаењата и дружењата. Па затоа поради овој збир од најразлични активности што се реализираат, важно е да се истакне дека продолжениот престој има педагошки, психолошки, социолошки и медицински карактер.

Од истата причина самото планирање на содржините налага на распределување на активностите според видот, пред се на:

1. Работа со учениците;
2. Соработка со родителите;
3. Соработка со наставниците; и

4. Соработка со директорот, педагогот, воспитно – образовните установи, педагошкиот завод и други институции.

**РАБОТА СО УЧЕНИЦИТЕ**

Работата со учениците е најважниот и најкомплексниот дел од работата во продолжениот престој. Работата со учениците содржи активности кои се продолжение на наставата, но и активности кои не се дел од неа. Поради тоа активностите се поделени во два вида, а разбирливо на тоа е и работата во продолжениот престој која е поделена на две етапи, односно организирана е за реализирање на:

а) Насочени активности; и

б) Слободни активности.

Насочените активности се поврзани со образованието на ученикот и организирањето и реализирањето на истите и е секогаш поврзано со наставната програма. Од тука потекнува потребата за континуирано следење на наставата и од наставникот кој работи во продолжен престој, односно тој мора да го прати начинот на нејзината реализација, употребата на наставните средства, методите кои се користат, целите и задачите кои се реализираат. На тој начин се констатираат целите и задачите кои се реализираат во продолжениот престој (насочените активности). Според своите содржини, наставните активности наложуваат реализирање на многу цели и задачи:

- обработка на домашните задачи;
- проверка на домашните задачи;
- насочување, мотивирање и помагање на пооделни ученици кои имаат потешкотии во совладувањето на одделни наставни содржини;
- изработка на пообемни и посложени задачи за учениците кои без потешкотии ги совладуваат наставните содржини;
- дополнување на наставните содржини;
- проширување на наставните содржини;
- проверка на знаењата;
- вежби;
- мотивирање на учениците за меѓусебна помош во учењето;
- изнаоѓање нови посовремени начини за реализација на домашните и активности кои се поврзани со наставните содржини;
- оспособување за осамостојување на учениците во работата;
- оспособување за самостојно проверување на изработеното и наученото;
- индивидуален пристап во работата со учениците; и
- контролирање и координирање на успехот на учениците.

Сите овие цели и задачи и многу други кои произлегуваат во текот на реализацијата на активностите бараат примена на најразлични средства и методи и различен приод во работата. Затоа како во наставата, така и во продолжениот престој се користат индивидуалната работа, работата во парови, групи, тандеми и фронталната форма на работа. Се применуваат: наставни средства, наставни ливчиња, сиот можен прибор за работа, разни енциклопедии и друга литература (во зависност од

креативноста на наставникот).

Слободните активности се збир од најразлични видови активности каде што доаѓаат до израз слободата на личниот избор на учениците. Овие активности најчесто се оформуваат по желба на учениците, но сепак мотивирани и поттикнати од страна на наставникот. Целта на слободните активности е преку нив учениците да се релаксираат, опуштат и одморат. Со дозволата тие сами да одберат со какви активности ќе се занимаваат им се дава до знаење дека продолжениот престој е место различно од наставата, додека тука можат да си играат, да се забавуваат, да го продлабочат меѓусебното другарување и почитување. Но, слободните активности се реализираат и преку изучување на интересни содржини, стекнување навики и стекнување на убаво воспитување. Поради разнообразноста на слободните активности тие се поделени во неколку области: здравствено – физичко подрачје, научно – техничко подрачје, уметничко – естетско подрачје и општествено подрачје.

## 1. ЗДРАВСТВЕНО – ФИЗИЧКО ПОДРАЧЈЕ

Ова подрачје опфаќа активности што се од областа на спортот и тоа: лесна атлетика, мал фудбал, ракомет, кратки излети, натпревари, ритмички и народни игри, игри на снег, игри со коцки, игри за размислување (шах, не лути се човеку, сложувалки), гледање телевизија, слушање музика и разни емисии. Сите овие активности се изведуваат во: занимална, фискултурна сала, во училишен двор или во блиската околина. Целта и задачите на здравствено – физичките активности се состојат во:

- Правилен физички развој и оформување на телото;
- Усвојување на извесни знаења и вештини од спортот;
- Одмор и рекреација пред или по наставата;
- Стекнување чувство за организација во игрите;
- Изградување навики за одржување на здравјето и хигиената;
- Развивање на моториката;
- Развивање натпреварувачки дух;
- Изучување на разни народни игри и танци; и
- Изучување на ритмички чекори комбинирани со музика итн.

## 2. НАУЧНО – ТЕХНИЧКО ПОДРАЧЈЕ

Ова подрачје опфаќа активности поврзани со науката и техниката. Реализирањето на темите на научно – техничкото подрачје се организира преку разни математички игри, игри со содржини од запознавање на природата и општеството (крстозбори, загатки, ребуси, натпревари на групи) и преку изработка на албуми, карти, гледање на филмови и сл. Сите овие активности се со цел да:

- Се развие интерес кај учениците за науката и техниката;
- Поттикнување за проширување на знаењата дадени во содржините на наставните програми;

- Развивање на креативноста кај учениците; и
- Наградување на учениците преку игра и забава.

**3. ЕСТЕТСКО – УМЕТНИЧКО ПОДРАЧЈЕ**

Ова подрачје содржи активности поврзани со уметноста, со сите нејзини допирни точки, најразлични видови активности кои го будат чувството за убаво кај учениците. За таа цел се организираат: изложби, се формираат драмски, пеачки и рецитаторски групи, се следат училишни емисии, се слуша музика од секаков вид, се пишуваат состави и други творби, натпревари во пеење, сликање, се со цел:

- Да се оформи чувство за разликување на убавото и неубавото;
- Развивање љубов кон музиката и ликовната уметност;
- Развивање навики за континуирано уредување на просторот во кој делуваат; и
- Развивање љубов кон книгата и пишаниот збор.

**4. ОПШТЕСТВЕНО ПОДРАЧЈЕ**

Ова подрачје се реализира преку следните активности: означување на поважните историски датуми, посета на културни и историски споменици, изработка на плакати, паноа, албуми, организирање посети на други дневни престои во други училишта, организирање на хуманитарни акции, посета на болни другарчиња, учество на детски маскембали. Општествено подрачје реализира цели како што се: социјализацијата, изградување навики за културно однесување во разни средини, формирање културно – хигиенски навики, работни навики, навикнување на иницијативност и самоиницијативност, перманентно грижење за добиените задолженија (домашни задачи, дежурство и сл.) итн.

## 5. СОРАБОТКА СО РОДИТЕЛИ

Соработката со родителите се реализира преку организирани групни родителски средби и индивидуални средби. Средбите со родители се од големо значење за успехот и поведението на ученикот и општо за неговата работа во продолжениот престој.

Соработката со родителите се организира поради:

- Запознавање на родителите со условите во продолжениот престој;
- Запознавање со начинот на кој ќе бидат згрижени учениците;
- Запознавање со активностите кои се реализираат во продолжениот престој;
- Запознавање со успехот на ученикот во реализирањето на домашните задачи и другите активности;
- Консултирање за заедничко помагање кај пооделни проблеми;
- Запознавање со степенот на социјализацијата на ученикот во училишната средина;

- Добивање повратни информации од родителот за некои специфични особини во личноста на ученикот за поуспешна комуникација со него;
- Запознавање со некои други специфични карактеристики (пр. семејни или здравствени); и
- Запознавање со одредени нешта кон кои ученикот е склон или надарен,заради нивно продлабочување.

Наставникот од продолжениот престој претставува мост помеѓу родителот и одделенскиот наставник.

## 6. СОРАБОТКА СО НАСТАВНИЦИТЕ

Соработката со одделенските наставнице исто така од големо значење. Пред се поради надоплонување на наставниците чии ученици посетуваат продолжен престој со сознанија за успехот во образовниот и воспитниот процес. Потоа поради потпомагање на одделенскиот наставник во индивидуалната работа со учениците, а и заради доаѓање до сознанија за успехот и поведението на ученикот во наставата за поуспешна работа во продолжениот престој. За постигнување на што повисок успех и стекнување на учениците со потрајни знаења пожелно е од наставникот од продолжениот престој повремено да ги посетува своите ученици во редовната настава.

## КОДЕКС НА ОДНЕСУВАЊЕ НА УЧЕНИЦИТЕ

1. Основни норми и начела:

Ученикот како субјект во воспитно образовниот процес треба да има јасна слика за својата положба и улога во училиштето и општеството, да ги знае правата, одговорностите и да се прилагодува на неговите барања.

2. Во воспитно – образовниот процес ученикот се обврзува:

- Воспитанието и образованието да му претставува највисок императив во однесувањето;
- Да ги чува честа и благородните традиции на ликот на ученикот со совесен, одговорен и хуман однос кон работата;
- Да ја почитува личноста на соучениците, наставниците и родителите;
- Да се ангажира и постига резултати во воннаставните активности;
- Да го негува македонскиот литературен јазик;
- Да служи за пример со својот изглед;
- Да има одговорен однос кон средствата со кои работи и учи;

- Со личен пример да се бори против причинителот на зависноста од дрога, алкохол, пушење и криминал;
- Да ја развива својата способност за учење;
- Во учењето да прифаќа нови наставни технологии;
- Да врши самооценување на своите постигања;
- Навреме и редовно да доаѓа на секој наставен час;
- Секогаш да биде подготвен за редовна настава;
- Да не ја пореметува работата на час (да не разговара);
- Во комбинацијата на учениците да ги цени нивните знаења;
- Да биде солидарен со своите соученици кога има здравствен или социјален проблем;
- Да е искрен и лојален кон себе и другите другарчиња;
- Да се труди училиштето да биде пријатно и безбедно место за учениците;
- Навремено и објективно да ги информира родителиуте за изработеното;
- Да бара ангажирање и соработка со родителите во решавање на проблемите;
- За својот успех и поведение да е одговорен пред семејството и заедницата;
- Да ги почитува и да се придржува кон правилата содржани во куќниот ред на училиштето; и
- Секој ученик се обврзува да го почитува и спроведува овој кодекс на однесување.

## Цели на слободните активности во продолжениот престој

**ДРУШТВЕНОСТ**

Децата постојано учат за нивниот свет и како да се однесуваат со другите. Желбата на децата да се поврзат со другите ги мотивира да учат и им дава на сигурност да пробуваат нови работи.

Целта во продолжениот престој е да се оспособат учениците да функционираат како самостојни поединци во групата. На тој начин ќе се развива колективниот дух или заедничките активности ќе ги остваруваат со различни возрасти на деца.

**ЕМОЦИОНАЛНОСТ**

Кога зборуваме за емоционалниот развој мислиме на зголемените можности на учениците:

- Да ги идентификува и разбира своите чувства;
- Точно да ги препознаваат и разбираат чувствата на другите;
- Да го контролираат начинот на кој се чувствуваат;
- Да го обликуваат начинот на кој се однесуваат;
- Да се соживуваат со другите; и
- Да градат и одржуваат добри односи со пријателите, семејството и другите.

Потребно е на учениците да им се дозволи слободно да ги искажуваат своите емоции. Негативните емоции преку игра, комуникација или музика да се насочат во позитивна насока. Целта е децата да се ослободат од уморот, напнатоста и да формираат позитивен став кон наставата како и кон продолжениот престој.

**КРЕАТИВНОСТ**

Важно е да се мотивира креативноста кај секој ученик. Различните активности ќе овозможат секој ученик да ги покаже своите индивидуални способности. Посебно внимание треба да се посвети на детските изработки кои треба да се истакнат на паноа или мали изложби.

**УЧЕЊЕ И ОТКРИВАЊЕ**

Целта е да се насочат учениците за користење информации од повеќе извори: читање, телевизија и користење компјутер.

Слободните ученички активности и воннаставни активности со интересни и актуелни воспитно-образовни содржини во своите програми ги мотивираат учениците помасовно да учествуваат во нив.Во слободните ученички активности учествуваат учениците кои посетуваат продолжен престој каде ги изразуваат своите афинитети и интереси за одредени области,за проширување на знаењата,развиваат подобри и поуспешни начини за меѓусебна соработка и дружење.Се поттикнува развојот на креативноста и творечките способности на учениците со што се овозможува постигнување на подобри резултати во разни области и афирмација на учениците и училиштето.

**СОРАБОТКА СО РОДИТЕЛИ**

За подобро следење на ученикот потребна е соработка со родителите. Родителите треба да се запознаат со работата во продолжениот престој како и со активностите кои се реализираат. Наставниците имаат обврска да ги информираат родителите за сите активности ,постигнувања на нивното дете и кога постои проблем заеднички да пристапат кон решавање и навремено известување на однесувањето на ученикот во продолжен престој како и неговата посветеност кон задолженијата домашните задачи или вежби..Тие секојдневно комуницираат со родителите а може и во ден предвиден како приемен.

**Работни должности на наставникот во продолжен престој**

-подготовка и планираност на сите активности предвидени за работа
-водење дневник за работа со воспитно-образовна група
- пишување на домашни работи

-задолжителна проверка на домашна работа и вежби
-организација и реализација на воннаставни актовности
-соработка со родители, стручни соработници и директор во училиштето
-уредување училишен простор
-помош при вршење на сите останати планирани активности во годишната програма за работа на училиштето

## ПРИДОБИВКИ НА УЧЕНИЦИТЕ ОД ИЗРАБОТУВАЊЕТО НА ДОМАШНИТЕ ЗАДАЧИ

